**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Второто продолжение на Шеесет и петтата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 5 декември 2007 година**

Седницата се одржа во сала 1 на Собранието на Република Македонија, со почеток во 11,41 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше Љубиша Георгиевски, претседател на Собранието.

**Љубиша Георгиевски:** Ги молам пратениците кои сеуште не се влезени во салата, да влезат наскоро понуваме.

Ги повикувам пратениците кои сеуште не се влезени во салата да влезат и да ги заземат своите места.

Ги молам службите да известат за точниот број на присутни пратеници во салата.

(Службите известуваат за точниот број на присутни пратеници во салата).

Продолжуваме со работа по 65-та седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Александар Николовски, Благој Зашов, Мирјана Секуловска, Данаил Дончев, Мендух Тачи, Арбен Џафери, Флора Кадриу, Даут Реџепи, Стојан Андов, Илинка Митрева, Борис Кондарко, Никола Ќуркчиев, Лазар Китановски, Радмила Шекеринска, Петар Поп Арсов, Абдулади Вејсели, Горан Мисовски, Љубчо Георгиевски, Али Ахмети, Фазли Велиу, Сафет Незири и Агрон Буџаку, ме исвестија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Ве молам да притиснеме едно од копчињата на системот за гласање, за да го утврдиме бројот на присутните пратеници во салата.

Ги молам службите уште еднаш да доставаат точен број на присутни пратеници.

(Службите доставуваат точен број на присутни пратеници).

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

Макрадули Јани, процедурално, повелете.

**Јани Макрадули:** Почитуван претседателе,

Не знам дали е коинциденција или не, но и при вчерашното гласање за интерпелацијата, како и при гласањето за доверба на Владата, има премногу гласови што не се регистрирани. Јас, најискрено не верувам дека господинот Тито Петковски не гласал вчера против интерпелацијата на министерот што НСДП го бранеше цел ден. Не верувам и дека Горан Мисовски не гласаше за сопствениот министер, бидејќи исто така го бранеше цел ден.

Затоа, дозволете отворено процедурално да се сомневам во резултатот од вчерашното гласање. За осумте гласови од опозицијата, што не се регистрирани, можеби и немаше да го направат пресвртот на резултатот. Но, кога претседателот на партијата на која припаѓа министерката и генералниот секретар на партијата на која припаѓа министерката не се регистрирани како гласови, дозволете да се сомневан во резултатот или начинот на кој што е спроведено вчерашното гласање.

Затоа би ве замолил, дали службите да го проверат системот викендов или да размислиме сите заедно, бидејќи истото се случи и при довербата на Владата, гласањето.

Да се обидеме гласањето за интерпелации, за доверби, за разрешување да го направиме или со јавно изјаснување или, како што беше предлогот вчера на ЛДП и ДПА тоа да биде со тајно гласање. За ова зборувам за во иднина.

Еве, да ги тргнеме осумте гласови на опозицијата, но не верувам, еве нека ја тргнеме и Силвана Бонева и не знам кој од ВМРО-ДПМНЕ не гласал, еве и нив да не ги спомнувам, но не верувам декга господинот Петковски и Мисовски не гласале за сопствениот министер.

Затоа, дозволете процедурално да побарам од вас, службите да ги задолжите од технички аспект, а да размислиме сите ние, како координатори и вие како претседателство на кој начин следното гласање од овој тип да го реализираме. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Ја прифаќам вашата интервенција, до толку што треба да ве известам дека се установени извесни дефекти во системот. Но, ние сме подготвени да ги поправиме тие дефекти со надлежната фирма што го правела тој систем. Затоа ќе бидат потребни два, а можеби и три дена да застанеме со работа. Ќе провериме, дали тие би можеле да дојдат и да работат преку викендот, бидејќи се од Германија.

Го водиме тој случај, ќе видиме ако можат да работат преку викенд, евентуално еден петок да им дадеме и да ја споиме таа работа, ќе ја споиме. Но, водиме сметка за тоа. Тоа е до таму.

Збор процедурално побара господин Слободан Најдовски, повелете.

**Слободан Најдовски:** Господине претседателе, почитувани пратеници,

Дозволете ми, согласно Деловникот на Собранието да побарам поддршка од десет пратеници за мојот предлог.

Имено, од денеска па натаму предлагам да ги поставиме на дневен ред, да ги презакажувате седниците претседателе, сите точки на дневен ред што имаат знаменце од Европската унија. Додека не ги завршиме тие точки, да не поставуваме ниту една друга точка на дневен ред.

Ова е веќе, денеска се обидов да избројам, 14-ти пат во оваа година како предлагам, но парламентарното мнозинство секогаш го одбиваше.

Се надевам дека после укажувањата на премиерот дека чекале 150 закони, за жал, во Собрание имаме само 25 или 26 закони што се закони, се друго беа закони за престанување или не знам што.

Но, денеска предлагам, прво да одиме со точката за пензиско и инвалидско осигурување, со Предлог на закон, со оглед на тоа што премиерот го бараше од нас, иако тоа не му треа за неговите остварувања, но да одиме со таа точка. После тоа да оди редоследот на сите точки кои се со знакчето од Европска унија. Кога ќе ги завршиме тие закони, госодине претседателе, да ја прекинете таа седница, оваа седница, па да закажете пак седница на која што повторно ќе ги извлечеме, бидејќи така ги имате поделено, само законите со знакчето од Европска унија. Нив да ги завршиме, затоа што од 17 декември започнуваме да расправаме за Буџетот.

Ве молам, тие денови од 10-ти до 12-ти кога е крајниот датум за амандмани за Буџетот, да не закажувате пленарна седница. Оствете комисиите да расправаат за Буџетот. Бидејќи, кога ќе започне расправата за Буџетот, тогаш повторно ние пратениците ќе бидеме виновни ако не ги изгласаме овие закони со знакчето со Европска унија.

Мислам дека предлогот е доволно јасен за што барам поддршка од 10 пратеници, до колку има, предлогот да го ставите на гласање.

**Љубиша Георгиевски:** Предлогот е, сумарно земено, да не се ставаат други точки на дневен ред освен точките со знакчето Европска унија. Техниката е друга работа.

(Пратеникот Трајко Вељановски довикува од место дека не може да не се закажуваат други седници).

Не, јас говорам прво за предлог.

Прво, да видам поддршка од 10 пратеници.

(Повеќе од 10 пратеници креваат рака).

За денешната не, говориме за другите.

(Слободан Најдовски дофрла од место дека тоа се однесува и на денешната седница, при што уследија реакции од страна на позицијата).

**Љубиша Георгиевски:** Денешната не. Денешната е малку station наназад, бидејќи е закажана и има само две точки. Тие две точки се договорени на координацијата да ги разгледуваме. Само тие две точки.

Господине Најдовски, денешната е закажана, да ги разгледаме тие две точки на координацијата, затоа е малку назад, таков е договорот. Ако предлагате од денеска па натаму, тогаш да го ставам тоа на гласање.

**Слободан Најдовски:** Да дообјаснам ако не ви е јасно.

**Љубиша Георгиевски:** Повелете, мене ми е јасно, само ова беше договорено и не треба да го дерогирам.

**Слободан Најдовски:** Претседателе, јас веќе имам поддршка од 10 пратеници, дозволете да го разјасниме предлогот.

Денес имаме осум точки со знакот на Европската унија, меѓу нив се и овие две точки кои сте ги договориле на координација. Нека оди по тој редослед, продолжуваме понатаму, дали денес или утре ќе ја завршиме оваа седница, како ќе биде ќе видиме, исто со знакот на Европската унија. Кога овој дневен ред ќе го исцрпиме, повторно од изминатите седници кои што ги имате ќе ги извлечете законите кои се со знакот на Европската унија и така се додека ги завршиме. Тоа е ако сте навистина искрени и парламентарното мнозинство дека сакало до сега да ги завршите законите. Затоа што не сакавте во оваа година да ги завршите, за да има премиерот изјава дека Парламентот е виновен, затоа не ги завршивте. Мојот предлог е сосема јасен. Со оглед на тоа дека доби поддршка од 10 пратеници, ве молам ставете го на гласање, согласно Деловникот.

**Љубиша Георгиевски:** Добро.

Предлогот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 55 пратеници, за гласале 20, воздржано 2, против 33.

Според тоа, предлогот не помина.

Има збор Силвана Бонева, повелете.

**Силвана Бонева:** Благодарам почитуван претседателе.

Јас би ги замолила колегите пратеници, посебно од пратеничките групи, кога имаме координација да доаѓаат на координациите. Последната координација беше закажана со претставници од сите политички партии во Парламентот и требаше да се договориме како ќе продолжиме во иднина да функционираме и кои се закони приоритетни и за кои треба да дискутираме. Бидејќи не дојде никој освен СДСМ и претставници на ДПА, колку што се сеќавам, значи претставници на поголемите политички партии бевме присутни, но немаше никој друг на оваа координација. Мислам дека најдобро би било денес да се задржиме на она што беше договорено на таа координација, а тоа е двете точки, точка 15, Предлогот за донесување на закон за измени и дополнување на Законот за пензиско и инвалидско осигурување, значи точката 15 да биде прва точка односно точка 8 и точка 10 - Предлогот за донесување на закон за концесии и други видови на јавно приватно партнерство да биде следна точка после ова. После тоа повторно ќе седнеме сите заедно и да не губиме овде време во надгласувања, недоразбирања, објаснувања. На координација ќе ги расчистиме тие прашања со присуство - повторно ќе кажам, ги повикувам колегите кога ќе закажеме координација да дојдат, сите да бидат присутни и тогаш нема да губиме време на

пленарните седници во однос на дневниот ред. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Го прифаќам вашиот предлог. Впрочем, така и беше договорено.

Дали имате поддршка за оваа рокада од 10 пратеници? (Да)

Предлогот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Ги молам службите уште еднаш да го утврдат бројот на присутни пратеници во салата.

Гласале 49 пратеници, сите 49 пратеници гласале за, но само да се преброиме, за да знаеме дали гласањето е валидно.

(По утврдувањето на бројот од страна на службите)

Гласањето е валидно.

Дозволете да дадам само уште едно образложение во врска со предлогот на Силвана Бонева. Сите гросо модо се согласуваме за европските закони, но има проблем кој се појавува ам пасан, на пример, проблем: сега ќе треба да се избере нов потпретседател и ќе се рече тоа не е европски закон. Да не бидеме толку ... тие работи се решаваат на координација, тука е помека цела ситуација. Во таа смисла пледирам на координација понатаму да ги решиме точките кои сега ни доаѓаат.

Понатаму, господин Бесим Догани, повелете.

**Бесим Догани:** Ви благодарам претседателе.

Не сакам ова мое процедурално излагање да се сфати како реплика, но морам да дадам објаснување на некои прашања кои се поставија во текот на другите процедурални дискусии, а нормално, тоа и функцијата ми го налага.

Имено, вчера јас ја водев седницата во текот на гласањето и секогаш е пример пратениците да му налагаат на претседавачот да биде повнимателен. Сега би им наложил на колегите пратеници да бидат повнимателни, бидејќи процедурата на гласање изнесува 10 секунди и во тој период од 10 секунди имаше пратеници кои довикуваа, не седеа на место, се бунеа и имаше слични несогласувања, па затоа и промашија да гласаат. Иако се согласувам дека системот има грешки, но вчера не беше проблем со системот, туку беше проблемот со нетрпението на пратениците, кој се создаде во последниот половина час од седницата, така што би побарал од пратениците да имаат малку повеќе разбирање и за претседавачите со нивното помирно и подобро однесување во текот на седниците, за да не испадне секогаш ние да бидеме цел на критики, некогаш и бесцелни.

Друга работа што исто така ја споман господинот Најдовски е договарањето околу седниците. Ние тоа го правиме многу пати, многу пати сме успешни во тоа, некогаш и не сме успешни.

Исто така, би предложил како госпоѓа Бонева на господинот Најдовски и неговата пратеничка група да доаѓаат на овие координативни средби за нивно добро и за доброто на текот на работите во Собранието и предлагам на идната координација да разговараме за многу работи, за европските закони, да разговараме за приоритетните закони, исто така да разговараме и за повлекување на некои закони и предлози кои поради од минатото време се беспредметни и само стојат како точки на закажани седници, но незавршени, како што е на пример пост Рига периодот за НАТО, но и многу други седници кои поради од минатото време и новите збиднувања во општествено политичкиот живот веќе немаат цел и намера.

Затоа би требало, во договор, тие седници или да ги заклучиме или да се повлечат точките, да не останат товар на негативната статистика во име на Собранието. Ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Господин Игор Ивановски, повелете.

**Игор Ивановски:** Благодарам претседателе.

Иако не мислев да разговарам за оваа материја бидејќи веќе координаторот Макрадули зборуваше, пак ќе ве упатам и делумно ќе реплицирам на колегата Догани дека не сите пратеници имаат проблем со концентрација кога во салата се вика. Проблемот е фактички, тој постои, тој не е нов и се повторува во континуитет само на вакви седници, а тоа е дека тогаш најчесто системот откажува. Не е проблем дали некој гласал или не, не верувам дека и пратениците од владеачкото мнозинство имаа проблем со довикувањето, бидејќи од таму најмногу се викаше. Но тоа не е предмет на докажување сега. Мислам дека претседателот ќе си земе обврска да ги расчисти сите технички аномалии со системот, а во иднина да ги најдеме старовремските или проверените методи на гласање, кои ќе оневозможат ваков тип на проблеми.

Она за што сакав да реагирам е да не дозволиме во ова Собрание да има толку дневни редови или агенди колку што има пратенички групи, бидејќи законите и бројот на законите ни е многу добро познат. Тој не е ниту 100, ниту 150, тој не изнесува повеќе од 25 со ЕУ знак во ова Собрание.

Претседателе, јас ќе ве упатам да поразговарате со вашиот претседател на партијата и премиер и да ве информира за заклучоците кои беа утврдени на последната лидерска средба, каде што се разговараше сите ЕУ закони, а тоа е предлогот на СДСМ, да се усвојат на една седница или да се презакажуваат седниците, но не подолго од три дена, но со претходна проверка на седница на Комисијата за европски прашања. Еден сличен негативен пример имаме денес. И СДСМ се согласи денес да разговараме за популарно наречениот Закон за пензионери, но господине претседателе тој закон нема никаква

врска со Европската унија, а до него е ставено знамето на Европската унија. Тој пример покажува дека нам ни треба претходна проверка, дали на ваша координација во Собранието, дали во Комисијата за европски прашања кои закони се навистина приоритет за Европската унија и НАТО и тоа е техничко прашање, но содржинското да биде тие закони од аспект на квалитетот да бидат проверени на Комисијата, а после да дојдат во Собранието. Бидејќи законот што е втора точка - се согласуваме да разговараме за него, тоа е Законот за концесии и јавно приватно партнерство - е до тој степен лош што ако не се усогласи на Комисијата, расправата ќе се префрли на пленарната седница и ќе трае подолго отколку што реално би требало.

Значи постои минимум договор, за волјата не сакам да размислувам дали постои или не, ајде тие работи да ги спроведуваме на дело, а не да разговараме за шест концепти и да гласаме по ред два пати за иста работа, а на крај да немаме реален договор. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Добро, јас го прифаќам овој предлог. Закажувам за сите, сите во поширок состав, за 13,30 часот една координација со тема европската агенда, прецизно да се договори што ќе се прави со европската агенда, бидејќи тоа е договорено, многу сме блиску и нема никаков проблем. Значи закажувам координација во 13,30 часот, до 14,00 часот да завршиме. Само тоа да биде, има повеќе прашања, но да одиме по ред, да разговараме за европската агенда.

Одиме понатаму.

Повелете госпоѓо Силвана Бонева.

**Силвана Бонева:** Почитуван претседателе, само заради јавноста и заради колегите сакам да кажам и да укажам дека вчера системот за гласање затаи. За тоа разговаравме и пред почетокот на седницата со вас, вие кажавте дека ќе се повикаат службите. Потврдувам дека и колегата и јас додека светеше копчето неколку пати притискавме и не беше регистрирано нашето гласање. Значи не е проблем во тоа дека пратениците не внимаваа, еве јас можам да потврдам дека неколку пати гласно велев против интерпелацијата да се гласа, и колегата до мене, неколку пати притискав, меѓутоа, не е регистрирано гласањето.

Неколку пати до сега во Парламентот и во претходниот состав се случуваше да не бидат регистрирани гласовите на пратениците, меѓутоа, овој пат навистина масовно многу пратеници се жалат дека имаат притиснато, а нивниот глас не е регистриран.

Од тие причини, договоривме во деновите кога не работи Собранието, ако може сабота или недела да се повикаат луѓето и да биде отстранет овој дефект. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Повелете госпоѓо Грковска.

**Славица Грковска:** Почитуван претседателе, мора да признаете дека навистина за прв пат се наоѓаме во малку невообичаена ситуација кога координаторите речиси на сите пратенички групи во Собранието, меѓу кои од двете најголеми политички партии во Република Македонија, отворено искажуваат сомневање за бројот на гласовите кои се појавија вчера по изјаснувањето по интерпелацијата на госпоѓа Рафајловска. Собранието на Република Македонија заради тоа за прв пат се наоѓа во ситуација да не знае каков е конечниот исход, реалниот конечен исход од гласањето за интерпелацијата на госпоѓа Рафајловска и ние дефакто не знаеме реално дали госпоѓата Рафајловска ја има довербата на парламентарното мнозинство или не.

Во овој момент, во ваква ситуација, кога сите пратеници кажуваат дека има масовно нерегистрирање на гласовите на пратеници, кои што реално притиснале на копчето во времето додека траел терминот за гласање, ние отворено се сомневаме дека резултатот е реален, заради тоа што постои основано сомневање од сите пратенички групи во Собранието и ние не знаеме како Собрание, како парламентарен дом дали госпоѓата Рафајловска реално ја има довербата или не.

Ве молам заедно со претседателството, заедно со генералниот секретар да утврдите на кој начин сега ние може да утврдиме реално каква е поддршката на госпоѓата Рафајловска во Собранието на Република Македонија. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Јас за тоа се изјаснив, ќе се обидеме преку викендот ако можеме да ги убедиме луѓето да дојдат да поправат.

**Минуваме на точката 8 (според утврдениот дневен ред била точка 15) - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за пензиското и инвалидско осигурување, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор?

Има збор министерот за труд и социјална политика, повелете.

**Љупче Мешков:** Почитуван претседателе, почитувани пратеници,

Сакав навистина од говорница да кажам неколку воведни напомени околу овој закон заради фактот што овој закон регулира одредени прашања од сфера, од област која беше предмет на континуирани реформи во последниве години и кои од многу странски експерти и од кај нас беа оценети како едни од најуспешните реформи во

Република Македонија. Како тие реформи ги надградувавме со вториот и третиот столб, паралелно доаѓавме до одредени сознанија дека се потребни одредени измени во првиот столб во задолжителниот државен пензиски столб и токму во таа насока се и измените во овој закон што денес го имаме на дневен ред на Собранието.

Нема да се впуштам во некои посебни измени, ќе се обидам да образложам некои од нив кои ги сметам за позначајни и важни.

Најголемата сфера на измени во овој закон е во сферата на инвалидското осигурување, што произлегува како резултат од регулативата 1408 на Европската унија, во која имаме одредени, да не речам обврски, но имаме задолженија во насока да ги усогласуваме, хармонизираме решенијата кои се во оваа сфера, во сферата на пензиското и инвалидското осигурување со оние кои што се во другите европски земји и во таа насока имавме подолго време во Фондот експерт за инвалидско осигурување, кој во таа насока предложи одредени измени во делот на инвалидското осигурување.

Првата од нив и најзначајна е можеби онаа што ја дадовме како нова дефиниција на поимот на инвалидност. Досегашната дефиниција беше “комплетно тотална неспособност ни за своите ни за било кои други работни задачи”, а во една таква состојба имавме контролна комисија која вршеше контрола на една состојба која претходно по дефиницијата беше дефинирана како конечна и трајна. Сега правиме разлика меѓу општа неспособност и професионална неспособност. Кај општата неспособност е општата неспособност за било која работа и тука контролни прегледи во најголем број случаи нема да бидат потребни.

Кај која осигуреникот е неспособен за работите кој ги извршувал во минатиот период и за кој што ќе има потреба по истекот на одреден временски период да се врши контрола дали дошло до некакво подобрување на состојбата која повеќе не произведува инвалидска пензија, односно инвалидност врз основа на која се стекнува инвалидската пензија.

Втората измена во овој дел во инвалидското осигурување е повторното поведување за оценка на инвалидноста, за здобивање со право на инвалидска пензија. Сега во пракса имаме нешто слично како при полагање на испит на факултет, односно кога студентот постојано само се јавува на испитот, така и овде веднаш после оценката на лекарската комисија, тој повторно по истекот на месецот или повеќе дена се јавува неколку пати во годината, што од една страна не дава основа зашто нема некоја промена во здравствената состојба, но од друга страна се прави еден поголем обем непотребна работа на инвалидските комисии. Ние овде предлагаме еден рок од една година, во кој што рок оној што веќе еднаш бил на Комисија, пред истекот на тој рок не може повторно да се јави, освен во случај кога ќе се констатира некоја значајна промена во неговата здравствена состојба, кога тоа може да го направи во рок пократок од една година. Се разбира дека во последните измени кој што беа на овој Закон, беа формирани многу комисии во целата таа процедура. Една од тие комисии беше за проверка на комплетноста на медицинската документација во Фондот за здравство, за кое што ние сметаме дека само ја одолжува постапка и нема потреба, затоа што таква комисија за комплетноста на докуметнацијата веќе постои во Фондот за пензиско и инвалидско осигурување и постоењето на оваа Комисија за здравство, само ја одолговлекува постапката и е во надлежност на исти оние работи што ги има и во Комисијата за комплетност на документацијата во Фондот за пензиско и инвалидско осигурување.

Значи, се предлага бришење, односно престанок на постоењето на Комисијата за проверка на комплетност на докуметнацијата во Фондот за здравство.

Оваа Комисија е преодно решение да врши, додека решението главно е дека комплетноста на докуметнацијата треба да се проверува таму каде што се поднесува барањето. За да се скрати постапката, да не се одолговлекува непотребно, предметот да патува од подрачната служба и да се губат денови, предлагаме сега во подрачните служби каде што се поднесуваат барањата, таму да имаме лекар поединец кој ќе ја проверува комплетноста на документацијата.

И она што можеби предизвика најмногу бранување во јавноста беше предлогот во Законот да се воспостават нови односи во делот на таканаречениот солидарен фонд, односно во Фондот каде што се собираат пари со издвојување од пензиите, средства кои потоа се користат и се исплаќаат на фамилијата за починат корисник на пензија и кој што ние и порано и сега како идеа која потекна од пензионерите од поодамна ја оценивме како навистина добра идеа, како навистина корисна идеа и таа во пралтика се покажа навистина дека средствата за посмртната помош се од голема корист за семејствата, во случај кога ќе почине корисникот на пензија. Знаете со оглед на висината на пензијата, со оглед на економските состојби, навистина, овој солидарен фонд покажа дека неговата идеа беше добра и дека во практиката, практично се исплаќаат тие пари на семејството и се од голема корист за семејството во случај на смрт. Меѓутоа, во практичната примена, вие знаете дека со договор, за што фондот воопшто не наплатува средства, не наплатува пари од здруженијата за вршењето на таа работа, компелтното сервисирање на целата оваа работа го прави Фондот за пензиско и инвалидско осигурување и во практиката се појавуваат големи потешкотии и проблеми со кои и ден денес се соочува Фондот за пензиско и инвалидско осигурување, а тоа е фактот што во меѓувреме почнаа да се формираат нови здруженија, освен постојните две, кои што беа на

почетокот, тоа беше Здружението на трудови инвалиди и Сојузот на пензионерите и не беше проблем да се делат средствата на тие две здруженија. Меѓутоа, во меѓувреме се формира Здружението на инвалидски пензионери. Сега практично што се случува? Одреден број на инвалидски пензионери се членови во Сојузот на пензионерите на Македонија, а други инвалидски пензионери се членови во здруженијата на инвалидските пензионери. Јас не знам можеби утре ќе се формира некое четврто на семејни пензионери, но за тоа д ане прејудицираме. Значи во практиката сега се троши многу системско време, многу труд во Фондот за пензиско и инвалидско осигурување и не е можно воопшто ние поименично да ги двоиме парите, туку ние можеме да ги двоиме само по категорија. Значи, или е инвалидски, или е старосен. Но инвалидските пензионери реагираат во здруженијата, затоа што велат дека парите за солидарниот фонд за инвалидските панзионери, треба да одат во здруженијата на инвалидски пензионери, а не во трудовите инвалиди, кои што одамна беа единствени здруженија за инвалидските пензионери. Значи во тој дел се јавуваат многу проблеми.

Втор проблем кој што се јавува е фактот дека во Република Македонија имаме различни износи на посмртна помош. Во одделни општини имаме еден износ, во друга друг износ. Во некои општини побрзо се трошат парите, бидејќи смртноста е поголема и негде се доцни со исплатата по неколку дена или повеќе, зависи додека не додје новиот прилив на средства од новата исплата на пензијата, а во други пак остануваат и имаме остаток на средства кои што остануваат на сметка на здруженијата на пензионерите.

Значи, со предлогот ние што го даваме сега, практично подрачните служби на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување ја исплаќаат солидарната помош. Целата солидарност ја сведуваме на ниво на Република Македонија. Тоа значи дека во ист момент ќе се исплаќа за сите, без оглед дали една општина е помала или поголема смртноста. Второ, во договор со пензионерите и со здруженијата ќе одредиме единствен износ на посмртна помош и трето, парите кои во некои здруженија по десетина милиони стојат на сметка како нереализирани пари, би можеле кога солидарноста ќе биде на ниво на Фондот, односно на државата, заеднички тие пари ги користиме за зголемување на износот на посмртната помош, да биде повисок износот отколку што е тој сега.

Се разбира, ова наиде на голем отпор од страна на некои велат од пензионерите, јас не велам од пензионерите, јас велам од раководството на здруженијата на пензионерите, заради тоа што јас имам и писмени достави и од едните и од другите. Велат дека да остане вака како што е сега е практично барање на раководствата на здруженијата на пензионерите, а не на пензионерите, но како е, така е да не се впуштаме во некои работи да прејудицираме, но јас би рекол дека отпорот воглавно од средбите што ги имав, од раководствата на здруженијата на пензионерите, кои не знам од кои причини сметаат дека ако таа ингиренција да раководат со парите им биде одземена, сметаат дека наводно ќе останат без еден голем адут во нивната активност, што јаа не би рекол. Здруженијата на пензионерите, пред се треба да се занимаваат со прашањата на одморот, рекрацијата на пензионерите, не толку со прашањата кои што се врзани само исклучиво со располагање и раководење со толку многу средства. Јас никогаш не реков и сега не велам дека можеби здруженијата не се способни да раководат со толку пари, но велам дека ако тоа се направи на едносолидарно државно ниво, тоа да го прави Фондот, мислам дека многу подобро, ајде да не речеме побрзо, затоа што и сега брзо се исплаќа таа посмртна помош, но може да се води погенерална политика во смисла на единствен износ, во смисла на едновремено исплаќање на целата таа посмртна помош. Значи, тука воопшто не се работи за она што имав прилика да го чујам на телевизија дека некој ги присвојувал парите на пензионерите, тоа воопшто не е точно, затоа што тие пари ќе бидат на посебна сметка на Фондот, ќе бидат строго наменски, не ќе можат да се користат за ништо друго освен за намената, а целокупната политика за тие средства ќе биде во договор  со здруженијата на пензионерите, затоа што на крајот на краиштата, како што беше речено, тоа се нивни пари и се разбира, тие мора да имаат удел во политиката на посмртната помош. Таквото решение со еден збор е повеќе од техничка природа која на нас ќе ни овозможи на Фондот да ги избегнеме проблемите кои сега ги имаме во распределбата на тие средства и ќе се постигне и мислам дека ќе биде подобро решението, отколку постојното и во таа насока е предлогот во Законот за изменување и дополнување на Законот за пензиско и инвалидско осигурување.

Врз база на укажувањето на Меѓународнио тмонетарен фонд, бидејќи софверот, односно системот во Фондот за пензиско и инвалидско осигурување беше оценет како добро организиран и способен да врши хармонизирана наплата на придонесите не само за пензиско и инвалидско осигурување, туку и за здравствено и за вработување. Значи, во Законот се предвидуваат одредби со кои се предлага односно се регулира хармонизација во наплатата на социјалниот придонеси од страна на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување, со тоа што ажурирано тие потоа би се одвојувале чии се, дали на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување, или на Агенцијата за вработување. Значи, би се наплаќале на едно место, а тоа би го правел Фондот за пензиско и инвалидско осигурување.

Исто така, со овој закон се прави усогласување со Законот за прекршоци, Законот за спорт, Законот за волонтерство, се разбира со сите тие закони што во меѓувреме беа донесени, а кои имаат одредена репресија и потреба од усогласување на Законот за пензиско и инвалидско осигурување со овие новодонесени закони. Еве толку, накратко. Ви благодарам на вниманието.

**Љубиша Георгиевски:** Ви благодарам господине министер.

Збор има госпоѓа Весна Бендевска, повелете.

**Весна Бендевска:** Благодарам претседателе, почитувани колеги, почитувани претставници на Владата на Република Македонија . Конечно дојдовме до денот д, кога во Собранието на Република Македонија конечно ќе го разгледуваме владиниот предлог за измена и дополнување на Законот за пензиско и инвалидско осигурување, за кого впрочем и сега мошне експлицитно говореше министерот Мешков. Но знаете како. Владата во Собранието на Република Македонија би рекла ништо ново. Владата на Република Македонија предводена од премиерот Груевски ќе стане рекордер и повторно ќе потврди дека апсолутно ниту има политичка волја , ниту политички капацитет да го спроведува она што беше договорено на последната лидерска средба. А тоа е, апсолутно враќање на колосекот на Евро и НАТО интеграциите.

Токму со овој Предлог закон господине министер, се потврдува по стоти пат дека Владата наместо да не приближува, не оддалечува од Евро и НАТО интеграциите. Повторно по стоти пат ни нидите закон маркиран со европско знаменце, а дефакто, апсолутно, не успгласен со Европското законодавство. Зошто? Господине Мешков, сте ставиле потпис на кореспондентска табела празна. Јас навистина, очекував дека ќе можете да емаборирате зошто сте го маркирале законот како закон кој припаѓа на законите што треба да ги донесеме мошне брзо, до 24 јануари, кога е крајниот рок до кога Европската комисија ни допушти да поправиме она што не го направивме последните 16 месеци.

Господине Мешков, изјава за усогласеност на прописот на Европската унија со кореспондентска табела. Најпрво би сакала господине претседател, зошто за овој закон, до колку навистина е европски и до колку навистина припаѓа на агендата која треба да ја работиме со приоритет, не расправала Комисијата за европски прашања. Жал ми е што во овој момент претседателот на ова работно тело не е во салата за да каже дали навистина во овој момент расправаме за европски закон. Пред нас е празна табела, непополнета, потпишана од Љупчо Мешков, министер за труд и социјала во оваа Влада и мислење на Секретарјатот за законодавство за изјавата за усогласеност, потпишана од секретарот на Секретарјатот госпоѓа Лила Пејчиновска Миладиновска и толку.

Ќе започнам најнапред со она што треба најпрво да го расправаме. Во вашиот предлог доставен до Собранието на Република Македонија на 26 јули под број 1 имате доставено дека постои уставен основ за донесување на ваквите предлог измени и дополнувања.

Господине Мешков, јавноста, особено пензионерите во Република Македонија знаат дека овој е ваш втор обид преку убаво спакуван закон за кого велите дека го донесувате најнапред заради редефинирање на инвалидноста и за правото на професионална рехабилитација, но дефакто, намерата е сосема спротивна. Намерата е на оваа Влада да се стават под капа средствата на пензионерите што ги издвојуваат од своите скромни пензии врз доброволна основа, токму онака ккао што говоревте и тоа како последна причина за донесување на законот , но јас би рекла главна причина поради која овој закон го доставувате пред нас.

Значи, не ви држат вода вашите објаснувања дека апсолутно го хармонизирате Законот за пензиско и инвалидско осигурување на Македонија со Европскиот закон, кога имате намера под ваша капа во Фондот да си обезбедите законска основа за прилив на цели 600 илјади евра месечен износ, или 7,5 милиони евра на годишен износ. Тоа е причината заради која денес го доставувате овој закон. Го доставивте за волја на вистината во јули, но, под притисок на јавноста денес го ставате како да е овој најприоритетниот закон од вкупната агенда европски закони кои што треба да ги донесеме до половината на јануари.

Потврда за ова мое мислење е токму изводокот од 24-та седница на Владата на Република Македонија одржана на 19 декември 2006 година. Горе стои името на Мартин Протуѓер, напишано во ракопис, а инаку е потпишано од генералниот секретар на Владата госпоѓа Даниела Трајановска.

“Владата ја разгледа Информацијата за дозначените средства, го цитирам изводокот од седницата на Владата, за солидарен фонд до здруженијата на пензионери, инвалиди на трудот и инвалидски пензионери за периодот јануари-септември 2006 година и ги усвоила следните заклучоци: Прво, да се постигне договор помеѓу сојузите на здруженијата на пензионери, на инвалидските пензионери и на трудовите инвалиди и Фондот за пензиско и инвалидско осигурување на Македонија за исплата на посмртната помош преку подрачните единици на Фондот”. А вие господине министре точно знаете дека во сила е спогодбата помеѓу здруженијата на пензионерите и Фондот од друга страна од 2003 година согласно која до ден денес функционира исплатата на средствата за солидарна помош собрани врз доброволна основа со комплетно изјави од секој пензионер поединечно.

Дали Владата има право да наложува постигнување на договор, кога се работи за туѓи средства, е мошне јасно и мошне едноставно.

Втората точка вели: “ согласно препораката на Државниот завод за ревизија во конечниот Извештај за ревизијата на Фондот за 2005 година, да се подготват измени и дополнувања на Законот за пензиско и инвалидско осигурување со кој ќе се регулира наменско и законско користење на средствата за посмртна помош”.

Господине Мешков се правите газда на туѓи средства, на туѓи пари. Тоа ли е европско законодавство.

Трето, Владата ве задолжила уште во декември, Министерството за труд и социјална политика, до крајот на јануари да ја извести Владата за постапувањето по овие заклучоци. Еве ви ја причината за донесувањето на овој закон. Пред фактите и боговите молчат нели?

Не се согласувам со вашето експозе дека сте добиле реакции од страна на пензионери кои бараат нивните средства издвоени врз доброволна основа да мора да се исплаќаат преку трезорската сметка на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување. Апсолутно не е така, бидејќи потсетуваме, до пратеничката група на СДСМ стигнаа дописи од сите општински здруженија на пензионери, на трудови инвалиди, кои бараат под итно да се запре овој закон.

Да се брише главата во вашиот предлог, согласно кои солидарниот фонд ќе оди преку Фондот за пензиско и инвалидско осигурување. Истите реакции ги добивте и вие. Но, веќе 16 месеци ова Собрание аминува носење на закони поднесени од страна на Владата без консултирање на јавноста на која се однесуваат законите. И, тоа е ваш манир на однесување.

Вие добро знаете, господине Мешков, дека истата ваша мината иницијатива е оспорена од страна на Уставниот суд на Република Македонија на 6-ти март 2002 година. Уставниот суд сметаше тогаш и ја укина одлуката го услови начинот за сервисирање на солидарниот фонд на корисниците на пензија број 02-3690 донесена од Управниот одбор на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување на 13 јули 2001 година. Значи, буквално во секое време траење на практицирање на власт, предводена од ВМРО ДПМНЕ прво што ќе сторите, ќе се обидете да ставите рака врз средствата што пензионерите доброволно ги одвојуваат. Така беше и во 2001, посебно така и во 2007 година. Уставниот суд тогаш го стави вон сила решението 31 октомври на Министерството за труд и социјална политика, со кое се запираат од извршување на дејствијата означени во точка 1 од оваа одлука. Бидејќи, образложението на Уставниот суд тогаш беше дека нема уставна основа извршната власт да се меша во задршката и во начинот на користењето на средствата кои пензионерите ги одвојуваат врз доброволна основа. Тогаш, не ви успеа, сега одите повторно.

Јас навистина барам образложение од претседателот на Комисијата, на Законодавно-правната комисија која оддржала состанок на 24 август 2007 година и овој извештај за прв пат не е потпишан од претседателката Дулиќ, ниту има соодветен печат. И, ни збор, дали Законодавно-правната комисија нашла дека постои уставна основа за донесување на овој закон на дневен ред на седница на Собранието. Госпоѓо Дулиќ ако го премолчите ова, знаете аксима токму на Владата на Груевски е молчењето е одобрување. Е, пак, ако е така, ако низ работното тело задолжено да ја утврди уставната основа на овој закон, кој подоцна убедена сум дека ќе биде повторно оспорена од Уставнот суд, ќе треба да се поднесете неотповиклива оставка. А, за доблеста и за другиот начин на работа на Законодавно-правната комисија ќе говориме подоцна.

Господине Мешков, исто така, истакнавте дека целта зошто предлагате Фондот за пензиско и инвалидско осигурување да располага со средствата на пензионерите, велите дека сервисирањето на овие средства Фондот ќе го врши во договор со претставници на пензионерските здруженија во Република Македонија. Дозволете, апсолутно се сомневам во оваа намера и знаете зошто? Од проста причина што во Управниот одбор на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување не учествува ниту еден претставник на здружението на пензионери на Република Македонија. Па, како ќе се договарате. Јасно и гласно навистина повторно се обидов во програмата за Преродба во 100 чекори да најдам макар еден термин кој се однесува на пензионерите, ни П од пензионери, само апсолутно мислам дека се спомнати со програмата за информатичка технологија и како лица постари од 65 години, во делот каде што се однесува на здравственото осигурување. Пензионерите не се третирани, не се таргет група, ниту пак биле во предизборната програма на ВМРО ДПМНЕ, која во овој момент е званична програма за работа на Владата на Груевски. Така што, апсолутно се сомневам во добрата намера дека пензионерите многу полесно ќе располагаат со сопствените средства, ако со нив тргува и располага Фондот за пензиско и инвалидско осигурување односно еден орган од државната управа. Сами рековте дека на сметките на здруженијата многу често стануваат по 10 па и повеќе милиони денари неискористени. Е, тука е намерата на Владата, да располага со слободните средства. Претпоставувам, оваа Влада како што тргнала и главниот дел во 2008 година на Буџетските средства ќе го користи на скапи, непродуктивни кампањи, кои не носат ништо добро, освен тоа што се прави сериозен обид да се манипулира со јавното мислење во Република Македонија. Па, Ако граѓаните не почувствуваат добробит од владеењето на ВМРО ДПМНЕ, па барем нека гледаат спотови, нека ги тераат своите мозоци и ќе ги убедиме дека навистина живеат подобро. Отпорот на пензионерите е правилен, отпорот на

пензионерите е навистина оправдан, бидејќи станува збор за нивни средства. И, бидејќи станува збор за средства кои доброволно се издвојуваат, зошто сметате господине министер дека Фондот треба да определи унифицирана цена на задршка. Не е ваша работа, па утре ништо чудно оваа Влада можеби ќе ни предложи некоја фондација или некоја диркција да располага со девизните заштеди на граѓаните, иако се доброволно издвоени. Ќе создадете навистина мошне опасна пракса, доколку инсистирате и понатаму на вашиот предлог вметнат во ова законско решение. Бидејќи, го доставивте овој предлог во јули и бевте соочени навистина со вистинска реакција од страна на здруженијата за пензионерите, со членовите на здруженијата а не како што вие господине Мешков велите со раководството, бидејќи имам инфорамција дека во тек е собирање на потписи од секој пензионер поединечно. Само во Битола се собрани над 9,5 илјади потписи од пензионери кои членуваат во општинското здружение на пензионери, со кои одбиваат нивните средства да ги стават на располагање и на сметка на Фондот за пензиско инвалидско осигурување. Манипулирате кога од говорница кажувате дека проблемот лежи во раководствата на здруженијата, пензионерите сами за себе реагираат, бидејќи станува збор за нивни средства. И, претпоставувам дека токму заради ваквата реакција се направи еден обид, оваа Влада, особено премиерот Груевски, единствено што им е важен рејтингот, вие пред нас во рамките на овој Предлог закон, Владата достави амандман со кој се бара Собранието да дозволело законска можност да можат пензиите до 2010 да бидат зголемени за 20%. Во еден од медиумите премиерот, инаку насловот на написот е Премиерот ги растревожи пензионерите, премиерот изјави: “пензионерите ќе треба да чекаат повисоки пензии до јули идната година ако Собранието наскоро не ги усвои законските измени, со кои се дефинира нова методологија за пресметување на пензиите односно пензиите се корегираат во јануари и во јули, а според новата методологија, корекциите ќе зависат 50% од движењето на трошоците за живот и 50% од нето исплатените плати во Република Македонија”. И, замислете, почитувани колеги, особено вие од владеачкото мнозинство, премиерот Груевски апелира опозицијата да не го опструира Собранието, за да може побрзо тоа да работи и да донесува закони, бидејќи еден од заглавените закони бил токму овој закон за измена и дополна на Законот за пензиско инвалидско осигурување.

Господине Љубиша Георгиевски, па вие го ставивте како точка 15 на 65 седница на Влада. Зошто не го известивте премиерот Груевски дека не станува збор за опструкција на опозицијата. Напротив, имате слух дека навистина се сериозни реакциите од страна на пензионерите. Токму заради тоа се обидувате да го амортизирате ударот на јавноста и пред нас да доставите амандман во форма на непристоен предлог. Бидејќи, амандманот кој го достави на крајот на ноември Владата на Груески гласи:” од 1 јануари и од 1 јули секоја година, а по 31 декември 200 9 година Владата на Република Македонија може (внимавајте може, што имплицира може но не мора), да утврди повисок процент на усогласување на пензиите од процентот утврден во членот 37”. Знаете кое е образложението на Владата? Вели, усогласувањето на пензиите според оваа одредба ќе се врши секоја година, почнувајќи од 1 јануари 2008 година, врз основа одлука на Влада, според материјалната можност на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување. Значи, Владата доколку има фондот за ПИОМ ма теријална можност во тој момент, би ги покачила пензиите. Чист популизам. Амандман доставен исклучително популистички потреби на Владата на Груевски. Заради тоа сакате да ја зајакнете материјалната можност на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување? Со личните средства на пензионерите ќе им ги дигате нивните пензии? Овој е непристоен предлог. Овој предлог нема да овозможи реално покачување на пензиите во Република Македонија. И, тоа добро го знаат пензионерите и затоа реагираат. Иако, Владата најави дека почнувајќи од јануари 2008 до 2010 година пензиите ќе се покачат за 20%, тоа го изјави легендарниот Владин портпарол, пензионерите и експертите апсолутно се скептици. Тие велат дека Владините прогнози се базираат врз база на нереални очекувања а не на конретни пресметки. Математиката што економските експерти ја изработија велат дека апсолутно е можно максимално покачување од најмногу 3-4% на годишно ниво, ни процент повеќе. Бидејќи, по досегашната формула индексот на трошоци на живот во усогласувањето на пензиите учествуваше со 80%, а порастот на платите е со 20%, според вашиот предлог за измена, овие два индекси треба да учествуваат фифти фифти по 50%. Владата, претпоставувам дека најм ногу се надева на порастот на платите. Но, пресметките велат дека во овој момент за 10% се покачени платите само на 120 илјади вработени во јавната администрација. И, кога се знае фактот дека нивниот број изнесува само ¼ од вкупно вработените 520 илјади вработени, нивниот пораст не влијае врз индексот на зголемување на платите. Соодветно на тоа не може да претставува фактор за реално зголемување на пензиите во Република Македонија. Статистички пак, порастот на индексот на трошоците за живот е минимален. Според пензионерските здруженија ако за 6 месеци платите се зголемат за 5 до 6%, влијанието врз зголемувањето на пензиите ќе биде само 2,5%. Ефектот од индексот на трошоците кој е помал ќе биде плус 1%, што значи дека реално пензиите ќе ги зголемите 3,5% годишно, а не онака како што тврди Груевски, а и неговиот гласноговорник Боцевски дека ќе успеете во рок од три години да ги зголемите

реално за 20% или за цели 7% на годишно ниво. Токму заради тоа, мислам дека е многу јасно дека оваа млада ниту има намера, ниту сака, ниту пак се обврзала да ги зголемува пензиите, бидејќи ако имала навистина сериозна намера да работи на тоа, амандманот ќе го поднесела на многу поинаква форма. Па, господине Мешков, пратеничката група на ССМ веќе го изготви амандманот и веќе е дистрибуиран до сите пратеници. Очекувам веќе од оваа говорница не кажавте ни збор за амандманот кој стана составен дел од Законот, бидејќи и самите знаете и јас сум убедена со цела почит кон вас дека вие сте еден од ретките професионалци членови на Владата на Груевски и вие точно знаете за што станува збор, па заборавивте да го употребите како факт зошто Предлогот на законот за пензиско и инвалидсо осигурување е пред нас. Исто така, убедена сум дека вие повеќе од сите други знаете дека со овој Предлог закон, доколку го изгласа Собранието, ем средствата на пензионерите ќе ви го полнат фондот за пензиско инвалидско осигурување и од истиот тој фонд ќе се обидете да ги замаите пензионерите дека нивните пензии ќе бидат повисоки. Е, пак, со оглед на фактот дека цели 60% од пензиите во Република Македонија се до 6000 денари, нивниот процент на зголемување ќе изнесува, како што вчера мојот колега истакна на пресс конференција, само 240 денари. Тогаш, пензионерите ќе можат да си купат само еден килограм месо, најевтино месо под услов да го купат до 31 декември, бидејќи е јасно дека од 1 јануари ќе се одмота ценовната спирала. Нема да успее Владата на Груевски инфлацијата да ја задржи на предвидените статистички податоци, бидејќи апсолутно сме соочени со енормнен пораст на цените на животот. Пензионерите нема да ги задоволите, нема пензионерите да имаат можност реално да ја зголемат куповната моќ на своите пензии. Напротив, ќе ги ставите во уште понеповолна ситуација. Мора да знаеме дека пензионерите и тоа како се значајни, се значајна категорија во Република Македонија, не само како бројка, бидејќи нивниот број е над 276 илјади, туку како за значајна општествена категорија, која цели 17 години го одржува каков - таков социјален мир, еден куп македонски семејства живеат и егзистираат токму од овие пензии. И, навистина, господине Мешков, очекував да го прифатите амандманот поднесен од пратеничката група на СДСМ со кој ќе се обврзете и реално да ги покачите пензиите до 2010 година, како што ветивте. Ветивте и доколку имате намера да стоите зад ветувањето, еве го амандманот така треба да гласи, а не како што го достави Владата на господинот Груевски. Ќе ја искористам својата прилика, доколку најдам за потребно повторно да се вклучам во расправата по овој Предлог закон. Благодарам за вниманието.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Дали има реплики?

Господинот министер за труд и социјална политика има реплика, потоа за реплика ќе се јави госпоѓа Анета Пановска.

Повелете, господине министре.

**Љупче Мешков:** Прво, на почетокот навистина би сакал да се извинам што во своето уводно излагање пропуштив една важна измена. Тоа не беше нарочно, а тоа е измената, сега ќе искористам прилика со неколку реченици да кажам нешто околу тоа пред да одговорам на некои прашања кои што се многу суштински, иако ги спомна во дискусијата пратеничката Бендевска.

Значи, во Законот за изменување и дополнување на Законот за пензиско и инвалидско осигурување во делот на усогласувањето на пензиите се предлага новина, а тоа е пензиите да се усогласуваат со 50% од растот на платите во Република Македонија и 50% од растот на трошоците на живот, за разлика од досегашното решение кое што според една преодна одредба во Законот се усогласуваа пензиите со 20% од платите и 40% од трошоците на живот. Значи, во основа еден поповолен систем односно начин на усогласување на пензиите кои во однос на постојното решение, едноставно не е можно да не предизвика поголемо и повисоко усогласување на пензиите. Во меѓувреме исто така, после откога беше доставен Законот, од Владата е доставен и амандман во овој дел во кој што се создава во Законот можноста Владата заедно и во моментот на усогласувањето на пензиите како што е со системското решение да изврши и поголемо усогласување на пензиите од процентот што се добива со системското решение. Значи, тоа е обрзложението, навистина ми е жал што пропуштив да го кажам во воведното излагање.

Сега да одиме по ред, онака како што пратеничката Бендевска ги искажуваше своите ставови. Се разбира, секој има право на свои ставови. Но, се надевам дека во некои делови ќе успеам да ја разубедам дека некои работи што ги искажа не се баш така како што таа ги кажа.

Прво, јас сум министер на сите во Република Македонија во една Влада и можевте вие, или други кои што вака навистина добро сте се подготвиле со дискусија по Законот, можевме и да се сретнеме, можевме и да подискутираме за некои решенија, некои бројки. Сега јас имам некои реакции од пензионери, од Здружението исто така ги имам овде, значи можеби во некој дел и ќе се усогласевме. Но, како и да е, еве јас ќе кажам по неколку реченици за сите овие ваши наводи.

Прво, таму е потпишана мојата изјава за усогласеност која што произлегува од усогласувањето број 1408 на Европската комисија, регулативата 1408 која е на Европската комисија и Спогодбата за асоцијација и стабилизација од каде што произлегува обврската за усогласување на системите на пензиско и инвалидско осигурување во земјите во Европа. Од

таа насока произлегуваше и нашата обврска особено во делот на инвалидското осигурување, измените кои што се дадени се во насока на спроведувањето практично на овие два документи.

Што се однесува до заедничките средби, верувајте...

**Љубиша Георгиевски:** Господине министер, ова беше реплика.

**Љупче Мешков:** Дискусија. Значи во јануари месец ние извршивме неколку средби, односно договоривме и одржавме повеќе средби и во Фондот за пензиско со Управниот одбор и со здруженијата на пензионерите. За жл, на тие средби во јануари беа одржани две такви средби. На тие средби Фондот и Министерството беа со еден став, додека здруженијата на пензионери иако не сите се разбира, имаа друг став, значи не успеавме да дојдеме до заеднички став по ова прашање. Причините јас ги кажав во воведното излагање. Фактот што оваа посмртна помош се спроведува со спогодба. Уставниот суд го разгледуваше ова. И точно е тоа дека одлуката Уставниот суд ја прогласи дека е незаконски и неуставно. Зошто? Затоа што во Законот за пензиско и инвалидско осигурување немаше одредби кои го регулираа ова прашање. Значи, одлуката и спогодбата беа донесени без постоење на законска регулатива. И од тој аспект беше и одлуката и понатаму укажувањето од Уставниот суд дека не може да се склучуваат спогодби, ако за една работа нема пред тоа одредена регулатива во Законот. И затоа ние бевме сега покрај другите интенции на овие измени законски да го регулираме овој фонд, односно посмртната помош. Впрочем на ова укажуваше и ревизијата која беше извршена во периодот 2005-2006 година. Во сегашните решенија со спогодбата има и некои небулози, на пример да се запира посмртна помош на деца од 26 години што мислам дека нема никаква логика. Инаку, во Законот за пензиско и инвалидско осигурување ние даваме сега со измените можноста пензионерот, секој поединечно со изјава да се изјасни дали сака да му биде запирано од пензијата, или не сака. Сегашниот начин со спогодба е сите мора да одвојуваат од пензијата, освен ако некој поединечно не се јави и изрично не каже дака не сака, но такви поединечни случаи скоро и ги нема. Значи, сега со законсково решение секој пензионер со посебно формулирана изјава ќе се изјасни дали се согласува да му се издвојува од пензијата, или да не му се издвојува. Значи некои други недоследности кои што сега беа во пракса ќе бидат надминати.

Значи, Фондот за пензиско и инвалидско осигурување ја дава техничката страна, односно Фондот за пензиско и инвалидско осигурување го сервисира посмртниот фонд. Значи, пензионерите во секој случај се разбира, сега да не бидам погрешно сфатен, меѓутоа никаде не пишува дека мора Фондот да го прави тоа, може да го прави некој друг, можат да го прават и самите пензионери, значи не е тоа проблем. Но, секако најдобро е за нив и за сите тоа да го прави Фондот заради икс причини кои сега навистина не сакам да ги споменувам.

Што се однесува до запирањето од членарината, таа комплетно и понатаму иако самите здруженија се должни да си ја собираат членарината, затоа што членарина си собира секој оној што си ја пропишал. Меѓутоа, Фондот во тој дел го врши запирањето за членарина и ги назначува средствата до здруженијата. Значи во тој дел нема никаква измена и членарината си останува како извор на средства за финансирање на активностите на здруженијата на пензионерите.

Во Управниот одбор на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување има еден пензионер, меѓутоа таму во регулативата е кажано од каде се се делегираат во Фондот, иако е така дека од здруженијата не се делегираат. Значи, таква практика има и во многу други држави каде што сме оделе, каде што во управните одбори не членуваат пензионерите, затоа што тие сметаат дека пензионерите се лица кои некогаш биле осигуреници, го оствариле своето право на пензија и според тоа не треба да имаат удел во работењето на управните одбори. И затоа многу управни одбори во други земји и немаат пензионери во своите управни одбори, но тоа е друго прашање.

Кога зборуваме за усогласувањето на пензиите. Да, пензиите ќе бидат повисоки. Не треба да се сомневате дека со овој начин на усогласување кој се предлага со Законот, дека ги замајуваме пензионерите, туку Владата како и до сега она што го ветила, тоа и ќе го оствари. Значи, пензиите со новиот начин на усогласување кој се предлага во Законот, да, ќе бидат повисоки за разлика од сегашното решение. Јас слободно можам во оваа прилика да кажам дека во 2003 година во декември се изврши упад во системот на пензиско и инвалидско осигурување кога пензиите според преодна одредба се усогласуваа само со 20% од порастот на платите и 40% од трошоците на живот. И ако ги соберете 20 и 40, ќе видите дека немате коефициент 100, како што мора да биде. Значи, едното ако е 20, другото треба да биде 80, или 50:50. Тогаш, практично се погоди периодот кога поголемо беше усогласувањето 40% со трошоци, а трошоците наместо да растат, опаѓаа, практично многу заостанаа пензиите во овој период. Затоа и сегашното решение 50:50 е далеку поповолно одколку постојното и тоа повеќе од сигурно е дека ќе даде и поголем резултат, односно поголемо усогласување на пензиите.

Инаку, амандманот кој што го поднесе Владата дека можеби Владата и тоа пак само на 1 јануари и 1 јули кога се врши системско усогласување да интервенира и со додатен процент, произлегува од фактот кој што ние го

проверивме тоа и во други држави и најдовме на пример дека во Хрватска има посебен закон со кој што исто така, се интервенира посебно од страна на Владата зголемување на пензиите не преку процент на усогласување, туку преку додаток на пензиите во зависност во кој период се остварени пензиите и колку одделни пензии заостануваат, на пример остварени во еден период во однос на платите. Значи, подруго решение, но слично на ова каде што покрај системското усогласување се врши и дополнително усогласување. Вие знаете дека Фондот за пензиско и инвалидско осигурување има акции, има удели кои ги продава и од тој дел има остварено и соодветни приходи и тие се пари на пензионерите и се разбира најадекватно би било и најдобро би било да одат таму чии и се тие пари. И затоа велиме од материјалните можности, но и од фактот дека пензиите навистина во одреден период заостануваат во однос на просечната плата континуирано од година во година заради тоа што веројатно платите оделе со една динамика, пензиите заради ова што претходно го спомнав, процентите на усогласување и поделба со трошоци и со плати, заостанале во однос на платите. И добро е да има можност каде што покрај системското усогласување би можело да се интервенира и со дополнително усогласување. Значи, не некој што вели, Владата утре може помалку да даде. Не може да даде помалку, може да даде само повеќе од она што е предвидено со членот 37 како системско усогласување на пензиите. Јас сум сигурен дека и вие госпоѓо Бендевска и сите сме за тоа пензиите ако можат да се покачат и да одат повисоко. Колкава е висината, не би сакал во оваа прилика да зборувам и вие знаете. Но, тоа е ситуацијата, толкави се пензиите колку што се и ако по 10% дадете на 3500, се разбира дека тоа ќе биде 350 денари, не може да биде 3500 денари, но тоа е таа состојба.

И на крајот, рековте дека ова е непристоен предлог. На тој начин госпоѓо Бендевска ми ласкате мене, но и на самите сабе си заради тоа што веројатно мене ме поистоветувате со Роберт Ретфорд, а вие како Деми Мур.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам господине министер.

Реплика има госпоѓата Анета Стефановска.

**Анета Стефановска:** Благодарам. Почитуван претседателе, почитувани колеги, почитувана колешке, јас имам на повеќе делови од вашата дискусија реплика, но не знам дали ќе стигне моето време за сите работи да ви реплицирам. Меѓутоа ќе започнам со следното. Ние сите сакаме да се воспостави ред во државата, ама од друга страна не сакаме да имаме законска регулатива и повторно да си одиме по старото решение. Целта на тоа што средствата се префрлаат на Фондот со овој закон, со ова понудено решение од страна на Владата кое што јас го пофалувам и ќе го поддржам е тоа што до сега немаше законска одредба со која се регулираше начинот на задршката на средствата на пензионерите, бидејќи средствата се задржуваа на име на солидарен фонд до сега, со тоа што се регулираше со помош на облигационен договор кој голем број пензионери го немаат ни потпишано. А во исто време не се знае ни колкав е бројот на пензионерите во здруженијата во кои што членуваат самите пензионери. А пак Фондот им префрлаше средства толку колку што ќе побараа здруженијата без да се има соодветна интенција за тоа колкав број на пензионери членуваат во здруженијата. Сега средствата од Фондот, а средства за пензионери се префрлаа вкупно за сите пензионери околу 95%, значи скоро за сите пензионери од Република Македонија. Сега со оваа законска одредба ќе се воспостави ред и ќе се добие евиденција со колку членови членуваат здруженијата на пензионери, значи сите други начини кои што соодветните органи би требало да го увидат понатаму да вршат увид во тоа што до сега се направило, ќе се регулира со помош на законска регулатива. Сите средства од Фондот потоа ќе бидат префрлани во подрачните единици на Фондот и со помош на посебна сметка, службите ќе работат до 18,00 часот и ќе ги обслужуваат граѓаните, така што од тој солидарен фонд на многу лесен начин со поднесување на соодветна документација ќе можат пензионерите да си ги подигаат средствата за погребалните услуги, од страна на подрачните единици. Значи, таа е вистината во ова законско решение со помош на законска регулатива, односно одредба која што постои во овој закно. Се друго што искажавте е една тотална невистина и сакате да ги заведете луѓето, пензионерите кои што ќе бидат во заблуда преку вашите искажувања, бидејќи самото време ќе покаже колку објективно и законски е регулирано со оваа одредба од овој закон начинот на исплаќањето на средствата.

Не стигнав да дореплицирам, жал ми е.

**Љубиша Георгиевски:** Една минута контра реплика госпоѓа Весна Бендевска.

**Весна Бендевска:** Секогаш навистина ми е тешко да контра реплицирам со еден дипломиран правник кој во своите изјави ги руши системските принципи на правото како наука. Значи, прво имплициравте на можни злоупотреби во начинот на користење на средствата. Излезете на говорница да им се извините на сите здруженија на пензионери, бидејќи до овој момент нема ниту една пријава за можна злоупотреба на овие средства.

Второ, постои, во сила е Спогодбата помеѓу Фондот и здруженијата на пензионери, постои и како договор, госпоѓо дипломиран правник знаете дека носи свои правни дејствија. И до сега функциноирал.

Трето, Уставниот суд според член 8 ја поништи бившата одлука бидејќи во членот 8 Уставниот суд како темелна вредност на уставниот поредок

во оваа земја ја утврдува правната заштита на сопственоста. Госпоѓо дипломиран правник станува збор за лични средства во приватна сопственост.

**Љубиша Георгиевски:** Немате право на одговор госпоѓо Стефановска.

Реплика има госпоѓа Благородна Дулиќ.

**Благородна Дулиќ** Благодарам претседателе, јас воопшто не мислев да се јавувам за реплика, меѓутоа со оглед на тоа што бев спомната и последиците од евентуална моја нереакција, заради тоа побарав збор.

Сиот говор кој што траеше доста долго на госпоѓа Бендевска се сведува на две работи. Владата на Република Македонија сака да стави рака на средства на пензионерите, не дека се работи за некое злочиначко здружување, здружение кое што сака да ги оштети пензионерите. А другото што сака да се врши усогласување годишно на начин на кој што е пропишано со Законот наполно да се минимизира. Тоа беше во два збора целата нејзина дискусија. Притоа се спомна и работата на Законодавно-правната комисија и записникот од одржаната седница за организација на работењето мислам дека изворно може да се информира кај колешката Цветанка, заради тоа што во минатиот период таа ја водеше оваа Комисија. Според тоа, нема потреба да одговарам во тој дел. Меѓутоа, гледајќи го дисплејот колку дискутанти од СДСМ се пријавени да дискутираат, обрнувам внимание и на јавноста и на колегите, дали нешто ново од ова што го кажа колешката во нејзиниот долг говор ќе биде кажано во врска со овој закон, или повторно ќе одиме на старата пракса да се повторуваме и повторуваме во недоглед.

**Љубиша Георгиевски:** Една минута, госпоѓа Весна Бендевска.

**Весна Бендевска:** Благодарам претседателе, значи има и нешто потешко отколку реплицирање и контра реплицирање со дипломиран правник, со судија во пензија е потешко. И згора на тоа претседател на Законодавно-правна комисија која вели, дека има уставна основа за донесување на овој закон. Еднаш судот госпоѓо претседател на Комисија, ја оспорил истата одлука која сега е предмет и содржина на Предлог-законот. Вие велите дека има уставна основа? Кога Уставниот суд по втор пат ќе ја определи како неуставна, ќе ја укине, ние во тој момент ќе треба да ве укинеме буквално како претседател на работно тело задолжено за оваа тематика.

**Љубиша Георгиевски:** Реплика има госпоѓа Светлана Јакимовска.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам претседателе.

Колешке Бендевска, убедена сум дека знаете што е Меморандум за разбирање. Меѓутоа, не знам дали знаете на 10.06.2006 година е потпишан Меморандум за разбирање од тогашната Влада и Сојузот на здруженија на пензионери на Република Македонија. Дваесетина дена, 25 дена пред изборите, во екот на кампањата е потпишан еден Меморандум за разбирање, меѓу другото, во кој е опфатена оваа проблематика.

Имено, Владата на Република Македонија, тогашна, презема обврска за покачување на пензиите во износ од 10%. Покачувањето на пензиите ќе се врши согласно на начелата што ќе бидат усогласени меѓу Владата на Република Македонија и Сојузот на пензионери, согласно Законот за ПИО на Македонија, а исплатата на средствата ќе се регулира во период од 18 до 24 месеци од денот на потпишувањето на овој меморандум.

Сега имам еден предлог што вели дека ќе се покачат пензиите и тоа континуирано, во текот на три години. Во вашата дискусија спомнавте дека имате поднесено амандмани. Јас го прочитав амандманот. Меѓутоа, не знам во образложението дали ќе се согласиме. Би го прочитала.

“Амандманот се предлага за постигнување на реален пораст”. Не би читала понатаму, образложението на амандманот. Веројатно се работи за некоја техничка грешка, меѓутоа до овој момент не добивме исправка дека не се работи за пораст, меѓутоа стои дека се работи за пораст.

И, нешто друго би кажала, во еден од дневните печатени медиуми во Република Македонија, на 31 август под наслов “Пензионерите присилно членуваата во Сојузот”, се работи за едно ново здружение за пензионери што вели во текстот цитирам “Новото здружение во целост ја поддржува владината одлука солидарниот фонд вреден окол 7 милиони евра на годишно ниво да го менаџира Фондот за ПИО наместо Сојузот на пензионерите”. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Контра реплика, една минута госпоѓа Весна Бендевска, повелете.

**Весна Бендевска:** Благодарам.

Нема да ја коментирам изјавата на колешката околу образложението на амандманот, со оглед на тоа што станува збор за правник. Јасно и е дека нашиот амандман ќе овозможи реален пораст, госпоѓо Јакимовска на пензиите.

Имате проблем, бидејќи вака квалитетен амандман е поднесен и по барање на Сојузот на пензионерите од страна на пратеничката група на СДСМ.

Што се однесува до новите здруженија, знаете, ништо ново кај ВМРО-ДПМНЕ. Имаме и нови синдикални организации, Конфедерација на слободни синдикати. Имавме и “Глас на светлина”, имавме и “Граѓани ...” не знам за какво здравство. Аманте луѓе, оставете го приватниот сектор да делува независно од вас. Тоа се тие нови здруженија. Само тие ве поддржуваат, бидејќи вие ги формирате. А другите, кои опстојуваат со години на општествената сцена во

Република Македонија велат стоп за ова решение на Владата. Стоп. Не ги даваат своите средства.

**Љубиша Георгиевски:** Сега се на ред репликите на говорот на господинот министер.

Весна Бендевска е на ред, трите минути, а потоа е на ред господин Слободан Најдовски.

**Весна Бендевска:** Благодарам.

Користам реплика на излагањето на министерот. Нема да се повторувам, бидејќи господинот Мешков знае зошто Уставниот суд го укина неговиот прв обид да стави рака врз средствата на пензионерите за солидарна помош. Тоа е заради заштита на приватната сопственост. Станува збор за приватна сопственост на пензионерите. И, точка.

Во погледл на зголемувањето на пензиите би рекла весела математика на Владата, тажна реалност на пензионерите.

Трошоците на живот растат многу повеќе и ќе ја нарушат инфлаторната стабилност на Република Македонија. И за тоа, доколку остане 80% регулација на пензиите, ќе има многу поголема можност да растат и пензиите. И вие тоа го знаете.

Амандманот од Владата имплицира дека Владата, ако е расположена ќе може да утврди процент. А, како ќе може, па ако има средства во Фондот. Нема облигаторно дејство овој амандман. Токму за тоа говорев господине Мешков.

Ние предлагаме нешто сосема поквалитетно. Велиме, Владата, за следниве три години "ќе утврдува". Има облигација. Повисок износ на усогласување на пензиите ...

(Дофрлање)

Ама јас сум убедена дека господинот Мешков ме слуша. Само глуми дека не ме слуша, претпоставувам за да не ми контрареплицира.

Доколку со примената на членот 37 не ќе може Владата да ги зголемува пензиите, тогаш ќе мора, согласно овој амандман. Ова е реален пораст на пензиите. Вака требаше да изгледа амандманот на Владата.

Затоа се сомневаме во вашите искрени намери да ги зголемувате пензиите.

И, сосема за на крај, знаете господине Мешков, вие можеби, бидејќи долги години сте на политичката сцена, сте богат онолку колку што беше Роберт Ретфорд во филмот "Непристоен предлог". Ама апсолутно, прво сте постари од него.

Второ, навистина не личите на него. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Контра реплика на господинот министер.

Повелете господине министер имате една минута.

**Љупче Мешков:** Јас би замолил, кога се дискутира да не се употребува терминот земање од пензионерите. Никој никому ништо не зема. Пензионерите ќе си ги добиваат тие пари како што си ги добивале и досега, но реков кои се предностите што ќе се постигнат доколку тоа се прави во Фондот.

Второ, нема право, ниту може никој да им користи и еден денар за друга намена. Искрен да бидан, бев фрапиран од изјавата вчера на прес кога рекоа дека овие пари ќе се користат за усогласување на пензиите. Каков апсурд. Како може. Тие се строго наменски. На посебна сметка. Имаа увид. Извештај ќе се дава на пензионерите. Значи, тоа се средства само за посмртната помош.

Не е 80% усогласувањето со трошоците. Се спроведуваше 40% од 2003 година па наваму. Затоа повеќе заостанаа сите овие пензии.

Не се менува ништо во однос на сегашното решение освен што технички исплатата ќе ја прават подрачните единици наместо тоа што го прават здруженијата на пензионерите.

**Љубиша Георгиевски:** Следен за реплика говорот на министерот е Слободан Најдовски.

Повелете вашите три минути.

**Слободан Најдовски:** Благодарам претседателе.

Моето нема да биде толку реплика колку дообјаснување, да дорасчистиме некои работи, бидејќи на човек, кој според мене, сигурно најдобро или еден од најдобрите кој го познава пензискиот систем во Македонија и за тоа му признавам, но сметам, ако господинот Мешков, кога повторно сега би бил директор на Фондот за ПИО, ако за првиот дел, околу солидарниот фонд ќе се согласеше, околу вториот дел, не како министе, како директор околу начинот на усогласување со амандманот можеби ќе имаше поинакво размислување. Затоа сакам да отвориме едно прашање господине министре, најдобронамерно.

Сметам дека и со двете работи се прави државен интервенционизам. Сметам дека тоа не е добро дообјаснето. Ќе ви кажам зошто државен интервенционизам. Парите од солидарниот фонд се пари на пензионерите. Со моите пари, со парите на пензионерите може да менаџира само оној за кого тие ќе одлучат. Тоа не се пари што дополнително на пензијата. Тие се дел од пензијата. Имајќи предвид дека Фондот и директорот на Фондот го именува Владата, тоа покажува дека сега директно државата сака да раководи со тие пари.

Сметам дека тоа не е добро.

Вие имате поинакви размислувања, а досегашната покажа дека добро се менаџираат тие пари.

Околу вториот дел, усогласувањето на пензиите, господине министре, тука да бевте директор на Фондот, сигурно ќе бевте против. Зошто, ќе ви кажам.

Начинот што сега го предлага Владата, мора да кажете кои се изворите. Вие рековте од акциите што ги има Фондот. Може од акциите, ако зема

дивиденда во појаките фирми, ќе има повеќе пари. Зошто да ги продавате. Тоа е нечесен начин господине министре и тоа сигурно не е ваша намера, е намера на премиерот. Сега во собраниска процедура го имаме Буџетот. Во Буџетот немате предвидено ниту еден денар. Секој е за зголемување на пензиите. Но начинот на кој тоа нема да биде долгорочно, туку ќе биде само во рамките на парламентарни избори, тоа не е добро.

На крајот на краиштата, со зголемувањето, ќе ви кажам еден пример, колку и да ги зголемиме пензиите на пензионерите, само поскапувањето на млекото нема тоа да им го покрие на пензионерите.

Ве прашувам сега, зошто амандманот за усогласување на пензиите Владата го поднесе откако завршија преговорите со ММФ и Светска банка. Најдобронамерно, верувајте и убеден сум, мислам дека како директор на пензискиот фонд, ваквиот начин, без прикажување на изворите, што ќе биде само ад хок, вие немаше да прифатите.

(Со седницата продолжи да раководи Бесим Догани, потпретседтел на Собранието)

**Бесим Догани:** Благодарам.

Контра реплика има министерот за труд и социјална политика, повелете.

**Љупче Мешков:** Најискрено кажувам воопшто не ми е намерата да раководи Фондот односно Владата со овие пари. Не може да раководи со пари што не се нејзини, што се наменски, што на друга сметка. Реков дека се работи за техничко прашање, со кое што ќе се олесни процедурата и ќе се постигнат други ефекти што ги кажав.Тоа е една работа.

Втора работа, за средствата во Фондот од продажба на акции и удели, тие пари за кои сега зборуваме се собрани токму пред изборите, кога се продадени најатрактивните акции на Фондот за ПИО од страна на директорот кој е токму од партијата од која е претходниот дискутант, но да кажам дека јас никогаш не сум имал лошо мислење за тој директор. Сакам да кажам дека тие пари се од тогаш, од продажба на акциите.

Ако вака продолжи, некој ќе помисли дека некој има против да некој интервенира Владата да ги зголеми пензиите со повисок процент на усогласување отколку што е системски.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине министер.

Збор има господинот Ацо Киров, повелете.

**Ацо Киров:** Благодарам господине потпретседателе.

Почитувани колеги, почитуван министре,

Еве јас сакам да го кажам мојот став околу овој Предлог - закон за ПИО, односно негово изменување и дополнување. Чувствувам потреба да го изнесам моето мислење бидејќи сум заменик претседател во Комисијата за труд и социјала, собраниската и токму по ова прашање, кога беше на Комисија, јас ја водев таа седница поради отсуство на господинот Манасијевски, морам да го кажам ставот што го имам и тоа што го слушнав од учесниците на оваа седница, Здружението на пензионерите, Здружението на трудови инвалиди и Сојузот на борците.

Околу тоа што ќе зборувам и дали ќе се повторам со колешката што говореше претходно, можеби ќе се повторам и 50 и 60%, па затоа ако некој не сака да слуша повторување, може да излезе. Јас ќе продолжам да зборувам.

Почитуван министер, ќе кажам нешто, на крајот ќе се задржам во однос на тоа што би се дискутирало најмногу не само од претходниот дискутант, туку и следните, сите пријавени на дисплејот најмногу ќе се задржат кај солидарниот фонд. Тоа ќе го оставам малку на крај, а прво ќе ви кажам нешто околу другите членови, во Предлогот на законот, дека се добри. Односно некои се добри, некои за мене неприфатливи, но сепак би издвоил нешто.

Во постојниот член 11, на постојниот закон или сега член 4 каде се регулира надоместокот за спортистите, што е за поздравување, не ми е јасно, ако чувствувате потреба да се јавите да дообјасните околу лекар поединец кој треба да фигурира, да биде во подрачна единица, кој ќе дава свој наод, утврдува дали треба и до кој степен треба да се утврди инвалидност, имам сознание дека после ќе биде контролиран најверојатно од некоја посебна комисија. Дали е тоа точно или не. Или останува на овој лекар.

Нешто што сум против овде што имате дадено, за година време повторно јавување или во исклучителни случаеви, ако се докаже дека здравјето е влошено на индивидуата, на оној кој има потреба, може пред тоа да се интервенира.

Почитуван министре, тоа е добро што е така предвидено. Но, од секојдневната пракса знаеме дека оние луѓе кои одат на досегашната комисија, составена од неколку членови за утврдување дали се болни или не, кој степен на инвалидност треба да се утврди, многу тешко овие луѓе и во текот на шест месеци доаѓаат до оваа комисија. Тешко се закажува термин, не знам дали поради други процедури, едноставно не можат да го следат темпото, а треба после шест месеци пак да дојде, тешко да се дојде точно на денот. И оној кој навистина ќе има потреба да ја утврди својата инвалидност, тешко ќе дојде бидејќи и сега тешко оди по редовен пат, а камо ли со ова поместување на година, а по потреба и на шест месеци.

Тука сум скептик, поради овие процедури и таквиот систем во нашата држава на одредени институции да дојде до реализирање на ова што е предложено со овој член.

Понатаму, би се задржал на новината 50:50 од покачување на платата што се однесува за покачување на пензијата. 50 од платата и 50 од

покачување на животниот стандард, на трошоците.

Не би сакал овде да коментирам, ќе покаже времето дали сегашните 20:80 се подобри или требаше овие 20:80 да се корегираат со друг процент а не со 50:50. Според вашиов предлог времето ќе покаже дали е добар за пензионерите, односно дали пензионерите ќе имаат соодветно покачување на пензиите со овој процет. Да се надеваме дека ова ќе придонесе за покачување на пензиите за толку колку се покачуваат животните стандарди и трошоци.

Тоа е моето размислување околу овие неколку членови што ги имате дадено. Сакам да кажам нешто околу солидарниот фонд, што мислам дека е најекспониран и за што најмногу ќе зборуваме. Така беше на Комисијата, така ќе биде и сега. Мислам дека тоа беше членот 28, а се работи за солидарниот фонд од 120 денари што го издвојуваат пензионерите за погребни трошоци на секој пензионер.

На Комисијата имаше претставници од Здружението на пензионерите, Сојуз на борци и Сојуз на инвалидни лица. Според тоа што го кажаа тие, без разлика што и вие во вашето воведно излагање кажавате дека има несогласувања поради тоа што имаме повеќе здруженија и сеуште се јавуваат нови здруженија, тоа претставува пречка во Фондот.

Тоа претставува уште една пречка во Фондот. Тешко одат работите односно распределбата попоединци и по здруженија. Јас верувам дека тоа е така и нормално ако треба да барате поединци и од сите здруженија, па по здруженија да ги разделите дека е така, но јас бев на Комисијата и имам контакти со овие здруженија и сега и порано, каде што дискутиравме, од тогаш има поминато некаде околу 4 месеци сите, барем оние 3 здруженија кои беа присутни на седницата имаа предлог, почитуван министре само тоа да го слушнете, мислам дека е битно и мислам дека можеби и вие ќе се согласите, бидејќи вие кажавте дека тоа е проблем, можеби ќе носи и поголеми финансиски трошоци за отпремување, ако добро ме држи сеќавањето трите здруженија кои што беа на оваа седница рекоа ако навистина има оптоварување, тоа тешко оди, носи поголеми финансиски трошоци за самиот Фонд, тие имаа еден предлог неформален, а може да биде и формален ако така се размислува, дел од тие средства се спремни да ги поднесат за трошоците за оваа распределба за која што рековте дека тешко оди, прво по здруженија, а после по поединци. Значи имаше еден таков предлог од овие средства на годишно ниво, а дали еден, два или три посто, или пак пет посто, со процентите шпекулирам, не знам кој процент би билпотребен за да се и оваа пречка од Фондот минимизира.

Затоа почитуван министер тука да расчистиме една работа. Вие во вашето излагање, илипак во репликата на госпоѓата Бендевска кажавте дека има големи несогласувања помеѓу здруженијата за овој Фонд. Некои од колегите од позицијата пред малку кажа дека некое здружение го подржува предлогот на Владата, но таму и здружението на пензионерите е најголемото здружение во Република Македонија, тука беа и здружението на инвалидите и Сојузот на борците. Тие имаа единствен став дека тоа како што е сега односно овој договор меѓу Фондот и здруженијата на тој начин што се префрлуваат средствата до подрачните здруженија и брзото и ефикасно исплаќање на овие средства овие здруженија потполно го подржуваат тоа, потполно се задоволни и сакаат понатаму така да функционираат.

И во праксата во изминатиот период неспорно е дека како што беше до сега добро беше, добро функционираше, брзо, дури, таму бевте и вие, од тоа што имав разговарано со луѓе кои биле по овие средства односно кои имале смртен случај пензионер многу брзо доаѓаат овие средства до луѓето. Вие исто така кажавте дека можеби со новиот начин односно со ставање на парите на трезорска сметка рековте можеби ќе биде побрзо, се надеваме дека ќе биде побрзо, но сепак ќе биде ефикасно. Тука навистина беше бро, навистина беше едноставно, бидејќи со еден обичен пример и во сабота и на празник кога има поврзано 3-4 дена тогаш многу е брзо затоа што едноставно можеш да одиш да му чукнеш на

врата на благајникот односно да се обратиш до претседателот, до благајникот и во текот на самиот празник да дојдеш до овие средства. Можеби за некои фамилии овие средства не мора да ги подигнат толку итно, можат да ги подигнат и после 20-30 дена, но Македонија како сиромашна земја има одредена класа на луѓе, семејства кои што им треба не во првиот ден, туку веднаш во првите часови после настанување на смртта на блиЗниот. Тоа го кажав чисто како пример за да кажам дека тоа многу брзо функционира, многу едноставно. Сега мислам дека тоа како што треба да оди преку Фондот, преку подрачната единица, не знам дали така ќе биде, но мислам дека така треба да биде, странката да оди во Фондот, па од Фондот да се даде потврда и во одредена банка да се подигнат средствата, или во краен случаји да не оди преку банка, да има благајна во самиот Фондт пак ќе оди поспоро и потешко одтколку досегашната пракса што беше, затоа што подрачните единици, било која, не само од вашата сфера за празници, сабота, недела не работат и т.н. И во обичен ден, не работен ден пак ќе функционира тоа потешко од нормалното.

Затоа уште на почетокот кажав дека ќе го кажам мојот став, мојот став потполно се совпаѓа со претходниот дискутант, мислам дека и другите колеги пратеници Кои се јавија за ова да зборуваат ќе остант на ставот дека ние ќе ја подржуваме досегашната практика односно досегашното здружување и префрлување на средствата на подрачните здруженија на пензионери. Да не се повторувам, еднаш веќе

почитуван министер тоа е кажано,тоа се знае, го имаше и во весниците, и од колегите, и на Комисија кажуваа пензионерите дека некаде во 2001 година вие како директор на Фондот имате такав одлука, која падна на Уставен суд. Сега најверојатно ние зборуваме овде, беше кажано дека има шанса, мислам дека парламентарното мнозинство ќе го изгласа овој предлог на закон, ќе помине овој предлог ако не се предомисли позицијата да гласа спротивно од она што го предлага Владата, во што не верувам. Значи има шанса да падне на Уставен суд и ќе биде дел од законите за кои што ние овде зборуваме многу пати, кажуваме, има неколку закони за кои што упорноод оваа говорница велевме дека ќе паднат на Уставен суд, но парламентарното мнозинство мислеше дека треба да биде какошто е предлогот на Владата и гласаше како што предлага Владата, сепак неколку закони паднаа на Уставен суд. Мислиме дека покрај тие што веќе паднаа на Уставен суд и овој ќе биде еден од тие што нема да помине на Уставен суд односно ќе падне. Затоа не би сакал понатаму да зборувам за амандманот кој што е даден од Владата, беше кажано од колешката Бендевска, останува да видиме што ќе биде и што ќе се случи, како ќе тече работата.

На крај од моето излагање и моето мислење околу овој предлог на закон би сакал да кажам почитуван министер и пратениците на парламентарното мнозинство дека не е точно дека само оние кои што ги водат здруженијата се заинтересирани да ја задржат досегашната практика, затоа што и тогаш, еден од колегите пратеници,мислам дека беше Катерина Данеска кажа дека во Прилеп здружението на пензионерите било за оваа одлука на Владата, а не за досегашната одлука. И денеска тоа беше кажано овде од говорницата, но јас сум убеден и имам контакти со пензионери поединци кои што се за досегашната солуција односно парите да одат преку подрачните здруженија бидејки, има многу семејства, нема семејство без пензионер, пензионери кои што се во години, поради кои што доаѓа до тоа штоне сакаме да дојде и луѓето имаат пракса како брзо да дојдат до сретствата. Затоа не е точно, сакам да го повторам тоа што гокажаа колегите од позицијата дека пензионерите само тие се за продолжување или за донесување на овој закон, а дека поединците се. Не е точно, туку праксата покажува, јас лично имав прилика да видам дел пензионери и нечленови на здруженијата кои имаат акција во Република Македонија односно собираат потписи против ова решение. Значи, не само здруженијата, туку и членови пензионери односно оние кои што ги даваат овие 120 денари.

Дури на крајот исто така би сакал да потенцирам почитуван министер за овие средства, значи некои кои што мислат дека се злоупотребуваат дека ненаменски се трошат и т.н., ако овие средства кои што не се малку средства. Тие се 7 до 7,5 милиони евра на годишно ниво сепак и пензионерите имаат свои активности кои треба да ги спроведуваат во текот на годината, согласно со Законот.

Пензионерите покрај овие 120 кои стрикно се наменети за оваа потреба одвојуваат и 40 денари членарина за активности во здруженијата. Но, не е добро, или како што кажа еден колега,ми се чини дека тоа беше коелгата Слободан Најдовски фактички и овде власта, односно Владата, односно Фондот сака да вмеша прсти и да ги контролира овие средства. Јас не би кажал дека овие средства сака да ги контролира Фондот односно власта за да ги троши ненеменски, но не е добро средствата што пензионерите ги одвојуваат по доброволна основа за овие здруженија и овие средства да бидат на трезорска сметка и за нив власта односно Фондот да има контрола, тие да ги контролираат и да ги испраќаат до подрачните министерства.

Не знам зошто кога нешто добро функционира, нешто кога добро оди, нештоод кое што се задоволни, јас ќе земам една бројка од 280 илјади пензионери во Македонија, јас сум убеден дека 180 до 200 илјади пензионери се задоволни од сегашниот начин на прибирање на средствата односно на здружување на средствата од 120 денари и потоа се дистрибуираат до здруженијата.

Не знам, ќе покаже времето ако овој закон го донесеме, веројатно ќе го донесеме, дали ќе биде доборо за пензионерите и каква ќе биде ефикасноста, каква ќе биде брзината за да се дојде до овие 120 денари од својата пензија која ја одделуваат пензионерите односно не се 120 денари туку овие средства се некаде околу 30 до 40 илјади денари во одредениот случај кога треба да ги подигнат пензинерите.

Јас толку би имал и се надевам дека министерот бидјеки добро ја познава оваа проблематика во текот на расправата имаме уште неколку дискутанти на листингот и се надевам дека членот 28 ќе биде променет, затоа што не е добар како што е даден. Не е добро да се зема нешто што е доброволно здужување на средства во солидарни фондови. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам и јас господине Киров.

Реплика има министерот за труд и социјална политика.

**Љупчо Мешков:** Мене ми е жал што скоро 90% од времето го трошиме само за едно прашање, а кога законо тима навистина други значајни измени, но не е важно, секој си има право.

Сакам да кажам зошто 2001 година беше донесена таа одлука.

Во 2000 година Фондот за пензиско инвалидско осигурување спроведе анкета во која анкета на чекчето на секој пензионер му го постави прашањето дали се согласувате исплатата да ја врши наместо здужението Фондот за пензиско инвалидско осигурување. 95,7% од прибраните

одговори, а да не речам дека опфатот беше скоро 100%, кај сите пензионери беше Фондот да го прави тоа, а не здруженијата на пензионери. Тоа е еден аргумент и ако сака пратеникот да дојде ќе му кажеме се, и бројките и резултатите од таа анкета. Значи, врз база на таквата анкета се почна таа работа.

Втора работа што сакав да ја кажам е дека јас и порано реков, и сега, јас сум убеден дека ова ќе функционира и по новото решение одлично. Ако бидам и понатаму министер јас ветувам дека прв ќе бидам тој што ќе предложам измена на Законот, да се врати старото решение доколку новото не профункционира онака како што треба.

**Бесим Догани:** Благодарам господине министер.

Контра реплика има господинот Ацо Киров, повелете.

**Ацо Киров:** Благодарам потпретседателе, почитуван министер, Вие кажавте зоштоне зборуваме за тоа што е добро. Па, јас за тоа што мислев дека е добро кажав и што е добро не можеме да кажеме дека не е добро. Ние сме овде да зборуваме за тоа што не е добро, за да го исправаме недобриот предлог односно тоа што Владата го предлага а ние не гоприфаќаме, или не е добро за општеството, вовој случај за пензионерите.

А за анкетата немам сознанија, немам што да кажам, но јас почитуван министер ќе се потрудам да донесам ако можам,мислам дека можам да донесам,ако не јас сам ќе ги викнам колегите некаде околу 120 до 130 илјади потписи од пензионерите кои што сега ги собираат против оваа одлука на Владата.

**Бесим Догани:** Благодарма господине Киров.

А сега почитувани колеги објавувам редован пауза до 15,00 часот.

(Пауза од 14,00 часот)

(По паузата седницата продолжи во 15,05 часот).

**Бесим Догани:** Ги повикувам пратениците кои се надвор од салата да влезат во салата за да продолжиме со работа.

Продолжуваме со седницата.

Има збор пратеникот Миле Пачемски, повелете.

**Миле Пачемски:** Благодарам.

Почитуван потпретседателе, почитувани пратеници, почитуван министер,

Би дал Се зборуваше за овој закон, би дал свој коментар за овој закон, кој го разгледуваме денес на оваа седница. Како член на Комисијата за труд и социјална политика бев присутен на таа седница кога се разгледуваше овој закон, кој, предизвика доста бури во јавноста, но закон кој мислам дека беше неопходно да се донесе на оваа седница.

И овој закон е еден од тие закони кои го носат знакот на Европската унија, закон кој треба да биде хармонизиран со законодавството на Европската унија но и со оние земји кои не опкружуваат, кои се во понапредна фаза во однос на оваа законска реглатива.

Она што би сакал да го кажам за овој закон се однесува на некои работи кои се поврзани со мојата професија. Имено, овој закон има некои допирни точки со оној закон што го донесовме пред извесно време, законот за заштита при работа. Се работи за редефинирање на некои термини кои се присутни во измените на овој закон, термини кои до сега кај нас беа непознати и сега со овој закон имаме онакви термини како што ги има во другите европски земји. Кога едно лице кога е вработено, значи еден работник кој е вработен, доколку добие нарушување на неговото здравје на работното место, тој стекнува одреден инвалидитет. Поради тој инвалидитет тој би отишол во пензија или не би отишол во пензија. Значи постои еден термин кој наместо “инвалидност” сега го нарекуваме “општа неспособност за работа”. Ова не е спорно и тој вработен оди во инвалидска пензија.

Оној другиот термин кој исто така е присутен со овој закон, тоа е “професионална неспособност за работа”. Лице кое не е способно за работа на одредено работно место, меѓутоа е способно за работа на друго работно место, односно некој вработен кој во текот на својот работен век поради условите во кои работи стекнал одредена професионална болест. Тој човек не може на тоа работно место повеќе да работи, туку би работел на друго работно место. Тоа ќе го покажам со еден пример. Ако некој работник да речеме работи во услови во некоја средина во која има зголемена бучава, во тој случај човекот со тек на време вработениот би имал последици во однос на слухот, значи би имал оштетување на неговиот слух, така што за да се спречи натамошно влошување на неговата состојба во поглед на слухот, тој се испраќа на професионална рехабилитација и на тој начин, со цел да се зачува неговото здравје, односно неговиот слух, може да работи на друго работно место каде имаме услови, каде нема зголемена бучава која и понатаму би го оштетувала и така оштетениот негов слух. Фактички се работи за промена на работно место.

Друга работа што сакам да ја потенцирам во овој закон е што постои ревидирање на оние работни места кои ние ги познаваме како работни места на кои работат вработени кои остваруваат право на бенифициран стаж. До сега во постојниот закон, поголем број на министри имаат дискреционо право да одредат кои се тие работни места или кои се тие работни служби, каде нивните вработени ќе оствaат право на бенифициран стаж. Сега ова право се ускратува, се донесуваат посебни правилници од страна на Министерството за труд и социјална политика, а врз база на препорака на соодветна комисија која тоа ќе го оцени за некое работно место, дали може да го добие епитетот место за бенифициран работен стаж или не. Тоа се таквите работни

места каде што покрај преземените општи и посебни мерки за заштита од некои штетни агенси, значи и покрај тие преземени мерки, сепак работникот и понатаму е изложен на опасност за нарушување на неговото здравје.

Исто така, во врска со овој закон би сакала да кажам, а што е повторно во врска со мојата професија, тоа е дека досега вработените имаа право да одат по неколку пати на инвалидска комисија во текот на годината. Се случуваше и по неколку пати да одат на инвалидска комисија. Меѓутоа, со овој закон, за да се растовари инвалидската комисија, вработените имаат право да одат само еднаш на оцена на инвалидската комисија, освен во случаи кога во меѓувреме ќе дојде во некоја состојба која ќе го наруши драстично здравјето на вработените и тогаш може пред тој рок да се оди на инвалидска комисија.

Исто така, во законот доста бура предизвика една одредба која зборува за пензиите. Можеби тоа беа најголемите полемики во овој закон и сега овде се водат во Собранието, а тоа е проблемот на усогласување на пензиите. Јас мислам дека овој закон онака како што е составен е во корист на пензионерите, тие ќе имаат шанса сега да добиваат и поголеми пензии. Зошто велам така? Затоа што во постојниот закон за пензиско и инвалиско осигурување, од пред три години постоеја измени кои кажуваа на кој начин се пресметуваат пензиите на пензионерите и тој закон што е и денес во сила, а ние сакаме денес да го измениме, велеше дека 20% од просечната плата во Република Македонија и половина од 80%од порастот на животните трошоци, тоа е методологијата врз основа на која се пресметуваат тие пензии. Сега врз основа на таа методологија, која и денес е на сила, која во изминатите три години е во сила, дојде до една дискрапанца, дојде до одреден расчекор во соодносот меѓу просечнте пензии во Република Македонија и просечните плати во Република Македонија. Имено, врз основа на досегашната методологија, во 2004 година просечната пензија беше 59% од просечната плата во Република Македонија. Во 2006 година просечната пензија беше 55%, од просечната плата во Република Македонија. Значи во овие три години додека е во сила постојниот закон ние имаме намалување на пензијата, фактички за невидливи четири проценти. Од тие причини сега со овој закон се предвидува друга динамика, односно друга методологиј на кој начин би се пресметувале пензиите, а тоа е 50% од просечната плата во Република Македонија и 50% од порастот на животните трошоци. На овој начин сегашните и идни пензионери би имале поголеми пензии. Дека навистина во изминатите три години пензионерите беа онеправдени во однос на вработените во Република Македонија кажуваат и неколу показатели кои ги имам пред себе и би сакал да ги кажам. На пример, во 2004 година, просечна плата во Република Македонија изнесувала 11.800 денари, а во 2006 година во јули месец просечната плта изнесувала 14.200 денари. Значи имаме раст на платите за тие три години од 18,2% во периодот 2003 - 2006 година. 18,2% платата е покачена. За истиот период пензиите се покачени само за 5,25%, значи јуни 2004 - јули 2006 година. Со други зборови платата на вработените во овој период, како просечна плата во Република Македонија, во изминативе три години е покачена за 2500 денари, додека пензијата е покачена за 393 денари. Значи 393 денари за три години покачена пензија наспроти 2500 денари покачена плата на вработените во истиот период.

Од тука се гледа дека постои една диспропорција во соодносот проссечна плата во Република Македонија и просечна пензија во Република Македонија. Токму за тоа се и овие измени во законот, јас така ги сфаќам, за да се дојде до едно посоодветно пресметување на пензиите и нивно зголемување.

Второ што би сакал да потенцирам во овој закон, а тоа се однесува пред се на оние кои се раководители на подрачните единици на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување, агенции, јавни претпријатија дека во Законот стои, ако таквата и нституција покаже негативно салдо, значи неговото претпријатие ако покаже загуба во два последователни квартали, тогаш тој ќе биде разрешен. Тоа е сепак во функција тие раководители да обрнат повеќе внимание на својата институција и да дадат свој придонес во вкупниот позитивен биланс на таа организација.

Би кажал толку на кратко како мое видување.

На крајот само уште ова да го кажам, бидејќи и тоа предизвика доста бура, за тој солидарен фонд кај пензионерите. Овде се крена многу бура во сите општини постојат здруженија на пензионерите кои располагаат со тие фондови и парични средства на пензионерите. Во различни општини тие се различни. Сега со овој закон се предвидува со тие фондови да располагаат вработените во стручните служби на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување. Се постави прашањето дека овие средства со кои располагаат во тие општински здруженија на пензионерите, постоеја неколку злоупотреби. Сигурно дека нема официјални податоци, меѓутоа постои една дамка како сомневање дека со тие средства кои сепак се собирани повеќе отколку што се потребни, постоеја некои манипулации и овде Владата сака во интерес на сите пензионери, значи не само тие што управуаат со тие здруженија, значи во нивен интерес да постави еден поправеден механизам и според тој механизам да се види каде одат и што се прави со тие пари. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Пачемски.

Реплика има господинот Влатко Серафимов, повелете.

**Влатко Серафимов:** Почитуван потпретседателе, почитуван господин министер,

Јас би се осврнал на крајот од излагањето на господинот Пачемски и добро е што во салата нема пратеници од владеачката партија да ве слушнат за последното што го кажавте заради тоа што луѓето од првиот ред веднаш ќе интервенираа кај надлежните органи, кај органите за прогон и сигурно ќе беше уапсен некој пензионер за злоупотреба на средствата кои ги издвојува од сопствените пензии.

Почитуван господин Пачемски, не знам дали сте за или против да располагаат здруженијата на пензионери од секоја општина. Пензионерите до сега си располагаа со средствата како сакаат и на најдомакински начин си ги распоредуваа тие средства, за посмртнина на луѓето на кои им исплаќаа. Вие доаѓате од едно мало место, и јас сум исто така од едно мало место. Меѓутоа, замислете сега да имате смртен случај во петок. Кога ќе ги добијат парите и со кои средства покојникот ќе биде погребан? Сега ова функционираше, барем во здружението на пензионери во градот од кој доаѓам. Зошто Фондот да им ги исплаќа парите преку трезорска сметка, па празник било, па не знам што било, па не знам како било, па средствата да ги добијат на штедна книшка или во пошта со чек да одат да ги подигнат, на некој начин кажано да им се усложни работата на пензионерите. Ако има злоупотреба на средствата, барем во здруженијата на пензионери има многу повеќе луѓе отколку што има пратеници од власта во овој момент во салата и тие канцеларии работат добро, тие канцеларии работат во интерес на пензионерите во општината каде што ја примаат пензијата. Затоа сметам дека ова е погрешен потег на Владата и мислам дека во дискусиите кои беа од страна на опозицијата се одеше во таа насока средствата да си останат на располагање во здруженијата на пензионерите во општините. Меѓутоа, и наредните дискутанти нема на кого да кажат и да убедат во ова наше размислување. Ви благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам.

Контра реплика има пратеникот Миле Пачемски.

**Миле Пачемски:** Почитуван господине Серафимов, овде се работи за две сфаќања или две идеологии. Со предлогот на законот сите пензионери ќе имаат право на користење на тие парични средства. Што е сега разликата? Разликата е тоа што со овој Предлог на закон им се ускратува правото на претседателите на тие локални пензиски здруженија, за кои се знае дека собираат повеќе средства во тие солидрни фондови и дел од тие средства одат во непозната насока. Сакаме да ги заштитиме поголемот број, односно огромниот број пензионери кои сакаат да имаат парични средства со кои ќе располагаат стручните служби на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Пачемски.

Реплика има господинот Никола Рилкоски, повелете.

**Никола Рилкоски:** Благодарам.

Факт е дека од досегашните дискусии најинтересно е прашњето поврзано со Фондот за солидарност, така што и мојата реплика кон почитуваниот колега кој дискутираше ќе се однесува во тој дел. Мислам дека во овој случај неспорен е фактот дека здружението на пензионери воопшто не се согласува со една ваква одлука на Владата и зошто Владата не сака да го почитува тоа не ми е јасно.

Нестои фактот дека преземањето на овие средства од страна на Фондот е и заради некој одреден сомнеж, односно евентуални злоупотреби, за кои немаме докази. Сметам дека не треба да има ниту сомнежи, особено и ако нема докази за злоупотреби, да импутираме или евентуално да предвидуваме дека би се правеле ако до сега не се направиле, затоа што овој Фонд во здруженијата егзистира подолг период. Пензионерите, веројатно голем број од нив, се задоволни од ваквиот начин на распределба на средствата од солидарниот фонд и мислам дека треба да ги оставиме така и понатаму да продолжат со своето работење.

Еве, и во текот на оваа пауза најискрено лично до мене и до мои пријатели телефоните повторно ѕвонат. Знаеме дека во тек е и акција за собирање на потписи за да не се промени овој начин на собирање на средствата и доделување на средствата во случај на смрт.

Лично го застапувам мислењето дека парите што ги издвојуваат пензионерите се нивни лични пари, се вадат од нивниот џеб и тие треба да располагаат со тие средства, а треба така и да остане. Овде мислам дека Владата директно задира во џебот на пензионерите. Сметам дека ваквата одлука на Владата не е во ред, не држи и се залага за решението средствата кои се издвојуваат лично од пензионерите да останат исклучиво во нивна надлежност и за решавање на овој проблем. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам господине Рилкоски.

Контра реплика има пратеникот Миле Пачемски, повелете.

**Миле Пачемски:** Почитуван господине Рилкоски, во Република Македонија постојат околу 30, 32 општински здруженија на пензионери. Тие, нивните претседатели и првите соработници, да речеме ако има по двајца или тројца, значи се работи за група на луѓе од околу 100 души во Република Македонија, сега нивниот интерес е загрозен со овој Предлог на закон, затоа што не можат со тие пари да располагаат. Наспроти нив се околу 280 илјади пензионери во Република Македонија кои ги остваруваат потполно истите права како и до сега, само што тие парични средства, наместо во тоа здружение локално, ќе

одат преку подрачните единици на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување. Значи никој нема да биде оштетен, се ускратува само правото на некои, рековме околу 100 души, во овие општински здруженија да располагаат со вишок на средства кои нема да бидт искористени. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Пачемски.

Збор има госпоѓа Цветанка Иванова, повелете.

**Цветанка Иванова:** Благодарам господине потпретседателе.

Почитуван господин министер, многу жалам што салава е цлосно празна, скоро празна, 5-6 души сме внатре, а дебатираме за еден многу важен закон кој што задира во правата скоро на сите, затоа што ако не дај боже не бидеме инвалиди, ќе бидеме сите пензионери. Мислам дека, барем така си посакувам, овој закон требаше да предизвика осебно внимание и да слушаат пратениците од парламентарното мнозинство и да ги следат забелешките кои ние ќе ги искажеме овде како опозиција.

Ова од причина што сметаме дека еден ваков закон, за изменување на Законот за пензиско и инвалидско осигурување, каде што се предлагаат суштински измени да се донесува во една фаза е многу погрешна работа, затоа што од моите скромни знаења кои што ги имам од обласла на пензиското и инвалидското осигурување во таа материја, и она што јас можам како правник да го забележам овој закон во практичната примена ќе создаде читав хаос.

Сега за општите мои забелешки по овој закон, или моето мислење што е овој закон, што претставува овој закон.

Една од основните причини заради кои што Министерството се решило, или Владата се решила да пристапи кон изменување и дополнување на овој закон е усогласувањето со европското законодавство. Почитуваниот мој колега министер кажа една директива, меѓутоа, колега министер, јас навистина не гледам со кој дел од европското законодавство го усогласуваме овој наш Закон. Она што можев да го забележам е усогласување со писмо од ММФ за Фондот за пензиско и инвалидско осигурување да може да ги пренесува придонесите за здравствено осигурување и придонесите за вработување, тоа е членот 3 од измените и ништо друго понатаму нема од усогласување со европското законодавство. И не знам зошто го носи знаменцето. Знам дека треба побрзо да се донесе овој закон, заради усогласување на пензиите, тоа е таа одредба и можело ако се сакало да се оди само со тој дел, а останатите решенија кои ни се нудат во измените да поминат во две фази, затоа што јас не гледам дека овие измени, имало некаде поширока расправа, не гледам дека Синдикатот кој што е навистина, треба сериозно да биде загрижен за измените кои што се нудат во овој закон во поглед на правата на работниците кои што произлегуваат од инвалидност. Јас не гледам дека дал согласност, или се произнел по ваквиот закон и јас мислам дека да се донесе закон само што е волја на Владата, а да не се консултираат, или барем, да се запознаат корисниците на овој закон, тоа сме сите ние и за Синдикатот мислам дека не е добра работа и затоа го молам почитуваниот колега министер да одлучи или да предложи на Владата делот што се однесува на усогласување на пензиите да оди сега во една фаза, а останатите предложени решенија во Законот за измени на пензиско и инвалидско осигурување, да одат во две фази. Зошто? Затоа што сметам дека со понудените решенија на кои што за жал, ниту еден од досегашните дискутанти не го задржа вниманието, а се однесуваат на редефинирањето на инвалидноста, или на инвалидитетот и правата кои што роизлегуваат од оваа институција. Овој закон во овој дел можам да кажам дека претставува една гилотиња на правата кои што произлегуваат од инвалидност. Со практичната примена на Законот ќе се покаже, сега можеби министерот ќе се обиде да ми даде објаснување на одредени мои забелешки, подоцна кога ќе се осврнам по решенија, ќе ми даде можеби образложение, но образложението ќе си го даде самата практична примена на Законот. Ќе го видиме веднаш кога ќе почне практично да се имплементира и ќе видиме каква штета сме направиле со овие решенија.

Значи, овој закон е рестриктивен. Целта заради која што се донесува овој закон е не само како што кажа Владата, да ги скрати овие права кои што до сега ги уживаат работниците инвалиди, туку да се преземе целосно управувањето со средствата од Фондот за солидарност за што многу мои колеги се осврнаа во својот говор. Да се воведат неколку дискрециони права уште на министерот, иако се залагаме, или Владата се залага за намалување на дискреционите права. И на крајот, да се создаде еден основ во овој Закон за земјоделските пензионери, индивидуалните пензионери, кои се занимаваат со земјоделие да се создаде можност Фондот за пензиско и инвалидско осигурување да може да поднесува тужби и присилно да си го наплаќа долгот по основ на пензии за земјоделците.

Значи, се на се, закон неповолен за категориите на кои што ќе се применува.

Сега јас ќе тргнам по ред за конкретни забелешки. Кажав дека основна карактеристика на овој закон е рестриктивноста и веднаш уште со членот 2 од предложените решенија се укинуваат правата кои што до сега произлегуваат од постариот Закон за пензиско и инвалидско осигурување, а тоа е право на распоредување на друго соодветно работно место и право на соодветно вработување. Јас знам кој одговор ќе ми го даде министерот. Ќе почекам, после сигурно ќе земе збор, но мислам дека со укинувањето на овие права во овој закон

и префрлувањето на овие  права само во Законот за работни односи се прави страшна грешка, особено во овој период кога навистина, Министерството преку своите инспектори на труд не може да ја следи работата особено во приватниот сектор и да ги заштити правата на работниците, особено не може да го заштити едно од најважните права од работен однос, а тоа е исплатата на плати. Јас си поставувам сега прашање како ќе го контролира или како ќе го остваруваат ова прао вработените инвалиди во претпријатијата и како ќе остваруваат право на распоредување на друго соодветно работно место и соодветно вработување  по основ на инвалидитет.

По однос на  членот 3 од Предлогот за изменување и дополнување на овој Закон, се предлага Фондот за пензиско и инвалидско осигурување на Македонија да ги пренесува придонесите за здравствено осигурување и придонесите за вработување на сметка на Фондот за здравствено осигурување и на Агенцијата за вработување. И добро е ова заради концентрација на средствата, заради насочување на средствата и тоа е она што навистина треба да се усогласи овој закон. А по писмото од ММФ јас сметам дека и овде, иако се сака да се постигне една добра работа не е доработено или не е направено онака како што треба. Не може на Фондот да му создаваме законски основ за пренесување на придонеси за здравствено осигурување и за вработување, а без притоа, да му дадеме надлежност на Фондот и сите овие средства да ги собира, барем од она што јас го консултирав, или ги консултирав постоечките до сега законски решенија никаде нема надлежност Фондот за пензиско и инвалидско осигурување да собира средства, придонеси од здравствено осигурување и придонеси за вработување. Тој има надлежност согласно постоечкиот Закон само да ги прибере средствата од пензиско и инвалидско осигурување.

Понатаму, во однос на решението кое што се однесува на членот 7, кое што се однесува на усогласување на пензиите, ние веќе имаме едно решение предложено во Законот, друго решение со амандман поднесен од Владата и јас мислам дека  сето ова, ова решение кое што е содржано во членот 7 за усогласување на пензиите и тоа 50:50 со порастот на индексот на животните трошоци и порастот на платите, мислам дека е добро, но уште подобро би било да остане решението 80:20, затоа што денеска индексот на трошоците многу повеќе се зголемува, отколку порастот на платите. Ако видите само во последните два месеца животните трошоци се толку зголемени што веќе ниту оние 10% кои што ги ветува покачување на пензија Владата и со амандман каде што реагира, ништо нема да се постигне фактички. Еве сега да направиме една симулација. Ако просечна плата на македонски пензионер изнесува 6000 денари, затоа што сите имаме барем по еден пензионер кој зема по 6000 денари кој што не може ниту апчиња да си купи, 10% плата покачување е 600 денари. 600 денари не може да ги покрие ни зголемените трошоци на основните продукти кои што се покачени во последните два-три месеци, тоа се млеко, средства за хигиена, зејтин, значи ништо не може да се покрие од ова усогласување и од вакво покчување.

Ние како СДСМ сме за вакво усогласување 50:50, но повеќе би протежирале вака ако расте порастот на индексот на животни трошоци можеби би било подобро индекс на усогласување 80:20. А околу решението кое што се нуди од Владата со амандманот за утврдување на повисок износ за усогласување  на пензиите во наредните три години, мислам тоа е добро. Се што се однесува на зголемување на правата, ние како СДСМ би ги поддржале. Но јас би го прашата господинот министер кој што апсолутно го почитувам како познавач на овој дел од материјата дали се согласува со вакво решение, дали ваквото решение не значи удар врз системот кој што е воспоставен со закон. Дали ова не значи државен интервенционизам и дали користејќи го принципот на аналогија утре, ако веќе еднаш го пробиеме овој систем на усогласување на пензии, секако заради премиерот да ги оствари ветувањата од предизборите, дали ова не значи господине министер рушење на системот на усогласување на пензии и дали не значи дека аналогно на  предложеното решение утре не може да се оди со намалување на пензиите, ако не дај Боже му текне на некој. Дали како ресорен министер и човек кој што ја познава оваа материја се согласувате со вакво решение. Дали не можело да се изнајде поинакво решение кое што ќе биде во рамките на системот утврден кај нас и кој што нема да зависи од добра волја на Влада, туку ќе зависи од параметри објективни и показатели во дадената ситуација.

Кажав дека овој закон е целосно рестриктивен по мене. Вие кажавте дека голем дел од дискутантите потрошиле околу 90% од времето за дискусија за Фондот за солидарност. Јас и таму ќе кажам, јас сакам да обрнам внимание и на овие решенија  со кои што  практично се укинуваат голем број на права на работниците по основ на инвалидност.

Ќе почнам од членот 8 од измените. Тука се редефинира инвалидноста. Не земам јас два пати збор, вие сигурно нема да се согласите во две фази да го носиме овој закон, иако јас ве молам, да, сакам да си ги искажам своите мислења, можеби  ќе ве премислам и ќе кажете добро е, нека се донесе само делот во една фаза кој што се однесува на усогласување  на пензиите, а останатите решенија заедно тука ќе ги креираме за подобар пензиски и инвалидски систем во државата, затоа што навистина овие сите решенија многу негативно ќе се одразат на корисниците.

Значи, инвалидност кај осигуреникот постои кога поради промена во здравствена состојба, која не може да се отстрани со лекување, работната способност е трајно намалена повеќе од половина. Како може и кој е тој што ќе утврди по кои критериуми ќе утврди дали од половина или повеќе од половина му се намалила инвалидната способност на работникот. Тоа значи останува, ќе кажете дека со правилник или со одзаконски акти, меѓутоа, ако не е ова дефинирано со закон, сето ова ќе остане право на дискреционо уредување. Од членот 12 понатаму почнува гилотињата на правата кои што до сега работниците ги користеа од работен однос по основ на инвалидност. Сега, со овој закон веќе престанува како што кажав правото на скратено работно време, надоместок за преквалификација, нема право за разлика во плата и овие права кои што произлегуваат од рехабилитација на инвалид на трудот траат најдолго 12 месеци.

Ќе кажете дека сите овие права се пренесуваат по Законот за работни односи да ги остваруваат кај работодавецот и до сега надоместокот по основ на сите овие институции ги плаќаше работодавецот, но разликата тогаш и сега е во тоа што тогаш или до сега за остварување на едно вакво право Фондот донесуваше решение. И врз основа на тоа решение работодавецот беше должен да ги остварува или да создаде услови да му се остварат правата на работникот. До колку не се случеше тоа, работникот имаше право врз основа на тоа решение да бара по судски пат да си ги оствари правата. Сега, јас не знам, барем не можев да видам кој ќе донесува решение, дали ќе се донесува такви решенија, ќе има ли скратено работно време, ќе утврдува ли Фондот со решение скратено работно време, ќе имаат ли право работниците за надомест до полното работно време, ќе имаат ли право на разлика во плати од она работно место на кое што биле пред да настапи инвалидноста до она на кое што се прераспоредени и многу многу отворени прашања.

Затоа господине министре, јас ве молам повлечете ја втората фаза од донесување на овој закон, за да можеме бројни дилеми кои што ни се појавуваат, а кои што секако се многу важни за работниците да ги расчистиме. И не знам зошто од расправата и од говорот на колегата од парламентарното мнозинство се гледа дека многу повеќе сака државата да има свој државен интервенционизам во однос на користењето на средствата од Солидарниот фонд, значи, да воведела ред државата во користењето на средствата, кои што сами пензионерите си ги одделуваат, а нема заинтересираност да има државата влијание врз остварување на правата кои што произлегуваат од инвалидитет.

И сега, да преминам на следното важно прашање со кое што се уредуваат овие измени е Солидарниот фонд.

Господине министер, во ваше време еднаш е донесувана таква одлука и падна на Уставен суд. Ризикот е голем да се преземе уште еднаш, сега со создавање на законски основ, тогаш било со одлука на Фондот, сега со Закон да налгате нешто, односно да задирате во приватна сопственост.

Вие со тоа го кршите со Устав гарантираното право на сопственост. Овие средства не се сопственост на државата. Овие средства се во сопственост на пензионерите. Тие изразуваат желба и тие располагаат со тие средства.

Јас знам дека овие средства се добри пари за државата, за да креира можеби некои други фондови. Но, верувајте, треба да ги прашате сите пензионери за ваше знаење дека во Струмица, градот од каде што доаѓам е направена анкета, дали пензионерите сакаат да го предадат овој фонд, солидарен фонд на државата ил на Фондот тој да управува со нив или да остане старото решение. 95% од 8.400 пензионери се произнеле дека го сакаат старото решение, затоа што се ова нивни средства, затоа што ова право е нивно право и затоа што никој нема право да му задира во нивната сопственост на средствата кои што сами ги одделуваат од своите усти, господине министер, за достојна смрт. Да, тие се за погреб. Значи, ако не можете да им ги подобрите условите на живот со други механизми, немојте да им ги земате и овие средства или нешто направете некое пошироко испитување на мислењето на пензионерите сами да си кажат како тие сакаат, како што кажале по примерот во мојот град од каде што доаѓам. Затоа што, вие знаете одамна е влезен во собраниска процедура овој закон и јас како пратеник од тој регион имав средба не само со раководството на Здружението на пензионери, јас имав средба и поединечно со групи пензионери. Без исклучок кажуваа дека овие средства се нивни и никој не смее да задира во овие средства.

Укажуваме на уставноста на одредени решенија, сме укажувале и досега, како што беше за Законот за здравствена заштита, за Фондот за здравствено осигурување за странец директор. Укажавме и за Македонска радио телевизија за законот дека товарот од укинување на одлуката од страна на Уставен суд треба некој да го носи, а укажуваме и сега дека ова решение е спротивно на Уставот. Ова решение не смееме да го донесеме, ова решение не е волја на пензионерите и треба да ги оставиме пензионерите сами да си ги уредуваат односите во делот што е нивно неприкосновено право.Ако навистина државата е загрижена за состојбата на пензионерите, ако е навистина државата загрижена за начинот на кој што се снаоѓаат пензионерите заради тоа што го користат овој солидарен фонд, нека искористи државата компаративни искуства од други држави, каде што од Буџетот на државата се исплаќаат вакви средства за помош на семејствата, а не да задира

државата и да имаме државен интервенционизам во дел кој што ама баш навистина воопшто не е работа на државата.

Точно е дека во одлуката на Уставниот суд се вели дека нема законски основ за вакво нешто, но пензионерите се потрудиле и од она што во комуникациите со нив ги имав јас последниве неколку месеци, секако имате и вие доставено решенија како да се уреди ова прашање да биде и во согласност со Уставот, но и во согласност со желбите на пензионерите. Меѓутоа, се гледа дека тука државата нема таков слух. Државата не ја интересира како и зошто и како пензионерите си решаваат свои проблеми, туку ја интересира само да стави рака на средствата кои што ги одделуваат од своите усти на доброволна база.

Значи, уште еднаш овде за овој солидарен фонд, јас знам дека Владата е решена да помине, сите причини ми се јасни зошто се, но сметам дека ова не е добро, ова не смее да се дозволи, ова е право нивно и дека ова нема да помине на Уставен суд.

И, уште две забелешки во однос на дискреционото право или како да го кажам кое што се воведува со член 26-А, каде што за бенефициран стаж правилникот досега го донесуваше Управниот одбор на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување врз основа на консултации од три стручни комисии, сега решението кое што се нуди, каде што правилникот ќе го донесува министерот за труд и социјална политика по претходно добиена согласност од стручни комисии, мислам дека не оди во прилог и во насока на она што досега го прокламира Владата, а тоа е намалување на правата на министерот, намалување на неговите дискрециони права. Ова е секако решение во спротивна насока од заложбата.

На крајот, последната моја забелешка која што сакам и прашање да му поставам на министерот, а се однесува на новиот член 47, каде што доколку обврзникот или физичко лице кое врши дејност и индивидуален земјоделец, значи вршител на дејноста индивидуален земјоделец во определен рок доброволно не ги плати обврските од решението за наплата на придонес, Фондот може да поднесе тужба за обезбедување наплата на придонес.

Прашањето е следното, според воспоставениот систем на пензиско и инвалидско осигурување и работниците кои остваруваат право на пензија од работен однос и земјоделците или вршителите на дејност се еднакви пред законот и под еднакви услови треба да ги остваруваат правата. Меѓутоа, во практичната примена имаме ситуација каде што на земјоделците при исполнување на сите услови од Законот за пензиско и инвалидско осигурување, доколку немаат континуитет во плаќањето на придонесите од пензиско и инвалидско осигурување, не можат односно доколку попластично еве да кажам, ако еден земјоделски пензионер има 64 години и има 15 години платен придонес за пензиско и инвалидско осигурување, доколку последната една или две години не платил придонес, тој додека не ги измири обврските кон Фондот за пензиско и инвалидско осигурување не може да се стекне со право на пензија, без разлика на тоа што ги исполнил условите од Законот за пензиско и инвалидско осигурување. Министерот знае дека, иако прокламираме дека сме еднакви во правата и во остварувањето на правата, кога се работи за остварување на право на пензија по основ на работен однос, не се бара континуитет во наплатата на придонеси. Зошто ова се прави за вршителите на дејност и за индивидуалните земјоделци и зошто министерот не ја искористил можноста со измените на законот да ја усогласи оваа работа односно да имаме и да бидеме еднакви пред законот и да имаме еднакви услови во остварување на правата кои што ги уживаме.

Значи, ова се моите забелешки и уште еднаш и завршувам.

Предлагам и молам министерот да ги повлече сите останати законски решенија предложени, со исклучок на она решение за усогласување на пензиите, иако не е среќно срочено, се со цел да не бидеме кочничари, да ги повлечете сите решенија да одат во две фази, за да ги расчистиме бројните дилеми кои што произлегуваат од предложените решенија а кои што навистина негативно ќе се одразат при имплементацијата на овој закон врз правата на граѓаните на кои што ќе се имплементира овој закон. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам и јас госпоѓо Иванова.

Господине министер, ќе реплицирате или ќе земете збор?

Три минути имате за реплика.

Повелете.

**Љупче Мешков:** Било какви решенија да се предложат, секогаш простор за полемика меѓу правници ќе има и тоа е нормално. Никогаш нема да се согласиме сите. Меѓутоа, политиката што е предложена во пензиско и инвалидско осигурување, во делот на преостанатата работна способност, сите права што ги спомна, правото на скратено работно време инт, и другите права, за нив одиме на линија да не создаваме и да продуцираме инвалиди на трудот, затоа што денес со еден исечен прст работникот е инвалид на трудот. Тоа е нормално, меѓутоа сме во насока да го вратиме тој работник во процесот на работа. Токму затоа интенцијата на новите решенија работникот да оди на професионална рехабилитација во организацијата кај работодавачот, Фондот да го плаќа за време од една година и потоа работодавачот после професионалната рехабилитација да го вклопи или со скратено работно време да склучи со него договор или на друго работно место да го распореди. Значи, повторно да се врати во

процесот на работата. Обврската е таа, ако склучи за скратено работно време, ќе си го плаќа работодавачот. Тоа ќе биде однос меѓу работодавецот и работникот. Такви се измените во многу други земји и ние одиме по тоа, но сега нормално е што има различни мислења. Во врска со хармонизацијата Фондот ќе прави она што со закон ќе му се одреди. Ако во Законот за здравство, за вработување и овде се рече дека Фондот ќе врши хармонизирана наплата, ќе врши затоа што ќе се обезбеди законска основа да го прави тоа, впрочем на што и инсистира и меѓународниот монетарен фонд. Кај 80 - 20% мисли почитуваната колешка односно пратеничка дека ќе биде подобра пензијата. Ние кога предлагаме решение пред нас имаме проекции и бројки за наредниот период. Еве јас ќе ги прочитам. На пример трошоците се предвидува во таа макроекономска политика за наредниот период да растат во 2007 1,8%; во 2008 1,6%; од јануари 2009 година 0,3% итн, да не ги читам, а за тоа време порастот на платите е далеку, далеку поголем. Сигурен сум дека доколку одиме со 80-20% помала пензија ќе дадеме во наредните три години. Сега, да убедувам за тоа немам намера, затоа што и да убедував за друго за солидарниот, па не ми верувате, така што ние ова го работиме на база на одредени бројки кои што ги имаме и проекции што сме ги зацртале во макро економската политика.

Сопственост пак, на пензионери потенцираме, па и јас велам дека се во сопственост на пензионерите, никој не вели дека не се на пензионерите средствата, ама ако појдеме од таа логика колешката што ја кажува, па сопственост на пензионерите се и парите за пензиите. Тогаш, дајте да им ги дадеме на здруженијата и парите за пензиите. Значи, кога има договор меѓу две страни, мора да се почитуваат тешкотиите или проблемите што ги има и другата страна. Значи, треба да дојде до договор како тоа да функционира најдобро во интерес на двете страни, во интерес на сите пензионери. Во таа насока е предложено ова решение. Кај земјоделците има право, ова решение што го рековме дека некој ако ги исполнува условите дека не платил придонес, ние дадовме од Министерството упатство до Фондот дека не смее да му се запира пензијата ако не му се наплатени тие придонеси оти се исполнети условите за пензионирање.

**Бесим Догани:** Благодарам.

Контра реплика има госпоѓа Цветанка Иванова, повелете.

**Цветанка Иванова:** Благодарам господине потпретседателе, многу ми е криво што имам само една минута на контра реплика.

Господине Мешков, свесни сме дека ниту јас, ниту вие сакате да продуцираме инвалиди на трудот, но државата мора да ги реши правата, да застане цврсто зад правата со гаранции за правата на овие инвалиди. Што ќе се случи после протекот на 12-те месеци кои што ги плаќа државата за професионална рехабилитација, ако работодавачот не сака да склучи никаков договор со работникот. Немојте да кревата рака, затоа што тогаш ќе ви застанат сите работници пред кабинетот. Кој ќе го натера работодавачот да склучи договор, тоа значи регрутирање на нови инвалиди невработени под бирото како што сте пишале тука. Не се согласувам со ваквото решение. Јас мислам дека нема да се согласи ни Синдикатот, а најмалку работниците.

Во однос на 80-20% вие велите дека имате проекти, но во јули проекцијата кога сте го поднеле законот и денес животните трошоци не се исти. Знаете, во јули купувавме зејтин за 50 денари, сега имаме зејтин за 100 денари, а и пензионерите јадат од истиот зејтин.

**Бесим Догани:** Збор има господинот Николов Марјанчо, повелете.

**Марјанчо Николов:** Благодарам почитуван потпретседател.

Почитувани колеги пратеници кои сте присутни во салата, почитуван министер, навистина ми е жал што кога во Парламентот ќе дојдат на расправа вакви теми, кои во суштина значат решавање на животни проблеми или животни судбини на некои од граѓаните во Република Македонија, интересот од колегите пратеници е многу мал, а кога ќе дојдат некои теми во смисла на тоа каде може меѓу себе повеќе да се конфронтираме во Парламентот има поголем број во салата присутни пратеници. Исто така, ми е жал господине министер, што вакви значајни измени во системот за пензиско и инвалидско осигурување сте решиле да одат во една фаза и без притоа да може да се отвори прво стручна и јавна расправа по однос на измените. Второ, да можете да слушнете дел од тие сугестии, евентуално да ги вметнете во законот. Но, кога ќе се погледаат предложените решенија од страна на Владата на Република Македонија, станува јасно зошто сте се решиле ова да оди во една фаза и да нема јавна расправа. Значи, со овие предлози за измена и дополнување на Законот за пензиско и инвалидско осигурување вие практички вршите голема рестрикција или укинување на правата кои што досега ги имале осигурениците во Фондот и на некој начин до таа мера ги кратите тие права што фактички не само што луѓето иако двоеле, бидејќи системот за пензиско и инвалидско осигурување на солидарна основа и повеќе години ќе неможат доколку се случат одредени ситуации да си ги остварат своите права од пензија.

Мислам дека ова е спротивно на заложбите на вашата Влада дека ќе водат поголема грижа за граѓаните, за работниците и за нивните права и дека вие фактички со Предлогот на овие измени и дополнувања на Законот за пензиско и инвалидско осигурување покажувате дека едно зборувате во јавноста, а во праксата донесувате сосема други решенија кои се директно на штета

на граѓаните на Република Македонија. Значи предлагате такви решенија кои јас тврдам, тврди и нашата пратеничка група кога ќе почнат да се применуваат во пракса осигурениците ќе бидат запрепастени во колкава мера им се ограничени нивните права, пред се правата за остварување на пензија по основ на инвалидитет.

Измените и дополнувањата кои што ги предлагате можат по групи можат да се поделат на три категории односно првата е околу утврдувањето на инвалидноста, втората е околу усогласувањето на пензиите и барањето Владата надвор од утврдениот систем да има право да ги покачува пензиите и третото околу солидарниот фонд.

Би сакал накратко да се задржам околу овие три ваши предложени решенија и да дадам свои забелешки и сугестии.

Значи во првиот дел што се однесува на утврдување на неспособноста за работа или инвалидноста, сега воведувате нови термини односно доколку на некој осигуреник му се утврди инвалидност ќе го прогласат дека имал општа неспособност за работа и ќе оствари право за инвалидска пензија или професионална неспособност за работа што претпоставува дека ќе биде испратен на професионална рехабилитација.

Поради ваквите решенија ги укинувате со сегашните законски можности до колку на некој му биде утврдена делумна непособност за работа да може да биде прераспределен на друго работно место, или да работи со скратено работно време. Едноставно воведувате една категорија професионална рехабилитација која што ниту стручно ја објаснувате што всушност ќе претставува и како ќе се остварува во пракса, мислам на практичниот дел, ниту предвидувате после таа професионална рехабилитација да има право осигуреникот да се врати на работа. Значи, би се задржал на дел од овие решенија кои што вие ги предлагате во законот. Така на пример, во членот 8 каде што стои дека инвалидност постои кога кај осигуреникот поради промена на здравствената состојба која не може да се отстрани со лекување, работната способност е трајно намалена за повеќе од половина во споредба со физички и психички здрав осигуреник со исто, или слично образование и способност. Како ќе се утврди таа половина? Навистина ме интересира. Има стручњаци и дали ќе земат еден здрав и еден болен и ќе ги споредуваат стручњаците во пракса. Навистина не ви е добро решението кое што го предлагате во законот. Мислам дека во пракса ќе доведе до големи забуни. Значи, досега постоеше решението да се утврди намалена способност, или неспособност за работа, не се утврдуваше да биде најмалку половина да биде неспособен за вршење на одредена работа и притоа да се споредува со некој физички и психички здрав осигуреник. Мислам дека прво тука ова ваше решение ќе наиде на големи реакции, бидејки проценката дали некој е пола неспособен за работа навистина е многу субејктивна и треба некои многу добри стручњаци да можат тоа да го утврдат, или да го проверат. Тоа е првата пречка која ќе ви се јави и жал ми е што ги укинавте досегашните решенија со кои што се утврдуваШе неспособност, или намалена способност. А сега мора да биде половина неспособен за да може да се прогласи дека е инвалид на трудот.

Понатаму, околу правото да се испрати осигуреникот на професионална рехабилитација. Значи, во законот предвидувате дека право на професионална рехабилитација осигуреникот има само доколку нема повеќе од 50 години старост. Што ако во пракса се случи помалку од половина човек над 50 години да изгуби способност за работа? Значи, тој не може да ја врши таа работа, нема право на професионална рехабилитација , или евентуално не може да оствари да му дадат мислење за целосна неспособност за работа. Што ќе се случува во тој случај со тие луѓе? Дали ќе останат на старите работни места и едноставно поради нивната неспособност помалку од половина ќе мора да седат на работните места, а не ќе можат да ја вршат својата работа.

Понатаму, со укинувањето на членовите од 48 до 61, со уконувањето на членот 61 од постојниот Закон ја укинувате можноста инвалидите на трудот по основ на стечај да можат да примаат надоместок од Бирото за вработување. И тука во образложениeто стоеше дека досега тоа право го оствариле околу 160 работници. Значи, за толку малку работници, вие сепак, го уконувате и тоа право на инвалидите на трудот по основ на стечај да земаат надоместок од Фондот за пензиско и инвалидско осигурување.

На крајот, решението додека е осигуреникот на професионална рехабилитација да прима надоемсток после завршувањето на рехабилитацијата најмногу една година и тој да изнесува околу 80% доколку е по основ на професионална болест, или доколку е по основ на инвалидност во висина на инвалидската пензија, што после тоа? Значи, нема право да се врати на работа со скратено работно време, да се прераспредели на друго работно место, едноставно што после тој човек ќе прави? Значи, сакате рестриктивно да ја укинете можноста некој ако навистина не може да врши одредена работа да се ограничи, да не се прогласи за инвалид да не може да добие само затоа што после тоа со законот не му гарантирате дека ќе се врати на старото работно место. Со вакви решенија господине министер, навистина осигурениците во Република Македонија ќе ги доведете во многу лоша состојба. Вие можеби ќе го растеретите Фондот од дел од трошоците, но во најголем дел тоа ќе оди на товар на граѓаните на Република Македонија. Мислам дека брзо ќе се покаже дека ова решение ќе треба да го менувате. Значи, не нудите никаква гаранција после завршувањето на професионалната рехабилитација некој да може

да се врати на своето работно место затоа што ги укинавте можностите да работи со скратено работно време, или да биде прераспределен на друго работно место. Тоа е ококу професионалната рехабилитација, мислам дека ви е многу лошо решението и дека во пракса ќе има најголеми реакции и ќе има најголема штета за граѓаните на Република Македонија.

Исто така, во законот воведувате рестриктивни мерки и по однос на правото за користење на пензија и по смртта на осигуреникот од страна на неговите наследници, деца, сопруга, и тука воведувате во членот 70 од постојниот Закон, или членот 21 од измените и дополнувањата во кои ситуации можат да го остваруваат тоа право и мислам дека ова ви е исто така многу рестриктивно решение кое што повторно ќе оди на грбот на граѓаните на Република Македонија и мислам дека вие ќе си ја носите одговорноста за овие ваши решенија во законот.

Во однос на прашањето за кои работни места ќе може пензискиот стаж да се зголемува со подолго траење од реалното, исто така досегашната пракса повторно ја рестриктирате и воведувате право на минситерот да донесе правилник кои работни места ќе може да се пресметуваат со бенефициран стаж што исто така не е во ред, бидејќи досегашната постапка беше многу јасна и можеше врз основа на елаборат да се докаже дека тие работни места навистина предизвикуваат штета по здравјето, или по осигуреникот и дека може да се пресметува повисок работен стаж од реалниот кој што го одработиле.

Околу солидарниот фонд, прашање кое што има најголеми реакции од страна на пензионерите. Прво,не знам , зошто тука сте го избришале и Сојузот на инвалиди на трудот, кога не е само значи организација на пензионерите само Сојузот на пензионери, постои Сојуз на инвалиди на трудот кај кои што треба да му се префрлаат дел од овие средства по основ на членарината и по основ на задржувањето за посмртнина. Значи, вие сте во право кога велите дека тоа се пари на пензионерите и пензионерите решиле тоа право на задржување на дел од пензијата да го остваруваат преку Сојузот на пензионери, или Сојузот на инвалиди на трудот. Сега кој вас од друга страна ви дава право да им го укинете тоа решение на пензионерите? Ако вие велите, тие пари се на пензионерите, еве тие решиле дека вака е добро решението, дека средствата за погреб, или посмртнина можат да си ги остваруваат преку своите здруженија без притоа да има никакви проблеми. Кој сега и дава право на Владата да го менува тоа кога веќе функционира во праксата и добро оди, освен ако до вас не стасале некои големи полаки, или реакции за злоупотреба. Дури и да има реакции за злоупотреба, постојат надлежни институции во Република Македонија кои што треба тоа да го испитаат, а вака паушално, "ние тоа ќе го направиме, затоа што постојат сознанија за злоупотреби и не е добро пензионерите да ги користат овие средства преку здруженијата". Кој и дава право на Владата на Република Македонија да го менува постојниот систем како ова функционира. Кој законски основ? Само затоа што може да предложи закон и има мнозинство во Парламентот да го изгласа тоа? ЗоШто сакате овие средства да одат преку Фондот? Вие кажавте. Меѓутоа, по кој основ упорно сакате да ги земете, по кој основ? Дали затоа што Фондот ги собира, па сега вие сакате Фондот ќе си ги задржи парите и ќе им ги исплаќа на пензионерите. И тоа не е правилно. Фондот ако им врши услуга на здуженијата на пензионери, тоа е добро да го прави дури и на доброволна основа, не знам дали задржувате надоместок за ова. И тоа е добро да го прави, бидејќи тие пензионери ја граделе оваа држава, издвојувале за тој фонд и сега е редно да уживаат во своите пензии. А сега вие не можете со закон само затоа што имате мнозинство во Парламентот да решите да им ги одземете овие средства. Како што вие велите дека пензионерите тоа на доброволна основа го решиле и тоа се нивни пари, тоа е веќе воспоставена пракса и веќе функционира системот. И вие сега сакате да упаднете во системот и да ги земете парите во фондот. Што ако сега направите двоен систем. Пензионерите се откажат средствата, ако ова помине во Парламентот да ги задржува Фондот и повторно потпишат изјави дека сакаат преку Здружението да ги земаат средствата. Ќе ви пропадне проектот. Ќе станат две институции кои ќе ги исплаќаат. И дали фондот може во најкратко време како што го врши Здружението на пензионерите да ги исплаќа средствата како што се прави тоа сега. Навистина не ми е јасно која ви е целта со овие. И решението дека неискористените средства се вложуваат во купување на државни хартии од вредност. Мислам дека со такви решенија прво, на која институција ќе и се доделат овие средства да раководи со нив и да тргува со нив на берзата. Кој ќе гарантира за тие средства доколку се случат некои случувања на берзата и дел од средствата пропаднат. Дали државата ќе гарантира за тоа? Не можете вие само со една законска одредба, еден став во законот да решите дека слободните пари дури вака како што е напишано задолжително е слободните пари да ги дадете на берза, да купите хартии од вредност. А никаде не е објаснето што со тие пари ако се случи некој крах на безата, паднат акциите, не можат на време да се упаричат средствата, а има потреба за исплата на испратнини, односно посмртнини, што во тој случај? Фондот ќе даде од неговите средства, или кој ќе гарантира за ова ако се случи? Повторно ги ставате оние малку пари кои што ги имаат пензионерите и кои што се решиле, бидејќи не можат наеднаш кога ќе дојдат и тие тешки моменти во животот да ги обезбедат, да се коцкате со нив. Значи, ова решение

господине министер, прво не е исправно од ваша страна така насилно само затоа што имате можност во Парламентот да изгласате закон, да го расипувате системот, бидејки немаат ниту една обврска пензионерите да мора и преку фондот да ги исплаќаат средствата. Второ, многу е необјаснето во делот што ќе правите со тие средства? Ако има некои злоупотреби, виксенте институција, нека го провери работењето на здруженијата на пензионери, тие си имаат свои органи кои што редовно заседаваат и кои што верувам дека добро проучуваат каде одат средствата. На крајот тие дел од средствата ги користат и за збогатување на својот општествен живот. Сега и тоа ќе им го ограничите. Не е во ред. Мислам дека многу грешите и не знам зошто упорно инсистирате солидарниот фонд да го земе Владата. Навистина ако дошла државата до тие пари, нека ви служи на чест. Баш најдовме на пензионерите да ја зајакнуваме финансиски државата.

На крајот околу прашањето за усогласувањето на пензиите. Нависитна можеби сте пресметале добро дека е реално подобро да се врши 50:50 според трошоците на живот и според покачувањето на просечната плата е добро. Но, мислам дека требало да одите малку понапред, бидејки разликата помеѓу просечната плата и просечната пензија очигледно дека се намалува, да направите систем во кој што просечната пензија сега ќе расте побрзо од просечната плата, да може да се изедначат. Дел од трошоците што во тој случај ќе се јават, мислам дека согласно тоа што се фалат министрите дека Буџетот ни е преполн, еве сега оваа година ни е најголем до сега, ќе може да гоиздржи за да им се олесни животот на пензионерите. Дали обратен процент од претходното решение за усогласување на пензиите, бидејки просечната плата растеше побрзо од трошоците на живот ќе беше подобро решение, требало да пресметате. Јас не можам тие математики во овој случај да ги направам. Но мислам дека ќе беше подобро сега со оглед на тоа што се намали, се зголеми разликата помеѓу просечната плата и просечната пензија да воведете систем во кој што ќе расте пензијата малку побрзо од просечната плата, со оглед на тоа што животот навистина е многу тежок, пензионерите не само што не можат од своите пензии да преживеат, туку мораат во голем број случаи и своите најблиски да ги издржуваат од тие минимални пензии. 80% веројатно ја земаат најниската пензија во Република Македонија и тоа е голема тешкотија да се преживее со тие пари. Можеби грешам, може 70% ја земаат најниската пензија. Меѓутоа најниската пензија сигурно најголем дел од пензионерите ја земаат. И затоа ако решението што го предлагате Владата да може надвор од овој систем да ги усогласува пензиите, мислам дека влегувате во голема опасност директно да придонесете уште толку да се зголеми инфлацијата во Република Македонија, бидејки премиерот вети дека пензиите од 1 јануари ќе се покачат 10%. И кога видовте сега дека со постојниот систем тоа не можете да го постигнете на 1 јануари, да ги достигнете тие 10%, сега се решивте на едно ново решение во кое што Владата ќе може самостојно до 2009 кога треба да се качат пензиите да определува процент на раст на пензиите. Таа дел ќе им помогне на пензинерите иако со оглед на растот на трошоците на живот, стандардот на пензионерите за овие неколку последни месеци не само што е влошен, туку веќе е критичен. И сега пензинерите, ако порано можеле да купуваат млеко редовно, два пати, три пати во неделата, сега ќе го смалат на еднаш, а некои можеби и ниеднаш, или еднаш во месецот и овие покачувања многу нема да ги почувствуваат, туку напротив ќе им фалат уште многу средства.Но, дали имате направено проекција со ваквото зголемување на пензиите, колку ќе придонесете за покачување на инфлацијата во Република Македонија.

На тој начин од една страна сакајќи да им помогнете на пензионерите, од друга страна да овозможите повторно покачување на цените и на некој начин ефектот од зголемувањето на пензиите да не се почувствува иако и сега нема да се почувствува.

Вие рековте дека Владата има макроекономски показатели, предвидувања со кое што ќе се определи инфлацијата за наредната година, движењата итн. Тоа е во ред. Еве праксата за оваа година покажа дека инфлацијата е повисока од проектираната, економскиот раст ќе биде помал од проектираниот, значи повторно се доведува во прашање реалноста на проекциите што ги правите како Влада, бидејќи тоа очигледно праксата не го потврдува. Така да треба многу внимателно со ова да се оди и Владата треба многу внимателно да ги прави пресметките бидејќи секое влошување во делот на животниот стандард најпрво го чувствуваат пензионерите, бидејќи со своите примања се меѓу најмалите во државата и мислам дека треба да обрнете посебно внимание. Затоа мислам дека вакви измени и дополнувања на Законот за пензиско и инвалидско осигурување не само што не се прават на брзина туку напротив, како што кажав на почетокот мора дса направите пошироки расправи и да објасните што всушност сакате да постигнете. Значи, ги ограничувате правата за остварување на пензија. Доколку некој добие професионална рехабилитација не му гарантирате после дека ќе се врати на работа и така ќе воведете во систем во кој што работодавецот ќе бара некој да добие професионална рехабилитација, работникот не ќе сака затоа што никој не му гарантира дека ќе се врати на работа утре. Можеби реално е неспособен да ја врши таа работа и повторно го доведуваме во опасност и неговиот живот во некои ситуации. Не се прават вака реформи, ова е на некој начин длабока реформа на фондот за

пензиско и инвалидско осигурување а вие сакате да протнете само на една седница. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам господине Николов.

За реплика се јави министерот за труд и социјална политика, повелете.

**Љупчо Мешков:** Очигледно е дека пратеникот навлегол во материјата но некои бројки, податоци што ги користи не му се точни, па затоа и погрешни некои заклучоци носи.

Зачи, надоместоци во Фондот од претходното решение не се 160, туку се 1700 и сите тие надоместоци кои во моментот се исплаќаат во фондот поминуваат во инвалидска пензија. Значи, ниеден не останува оштетен, а новите решенија кои ги предлагаме се за од сега натаму, за случаите после влегување во сила на Законот и како ќе биде регулирана професионалната рехабилитација нормално не може сето тоа со закон да го пропишуваме, туку тоа ќе се регулира со подзаконските акти и правилници кои ќе бидат донесени врз основа на овој закон.

Кога велиме повеќе од 50%, пред да објаснам сакам да кажам дека вакви решенија за оценка, дефиниција на инвалидноста има во повеќе еврпски земји, можам само за околината наша да кажам Словенија, Хрватска, Бугарија, Црна Гора. Значи, секогаш дискреција односно стручна оценка на лицата во Комисијата кои работат постоела и ќе постои. Секогаш и ден денес кога тие ќе оценат инвалидска пензија некој друг лекар ќе ка же дека не е за инвалидска пензија. Значи, тоа е неопходно во вештачењето и затоа нив ги викаме вештаци, луѓе кои учествуваат во вештачењето на оценката на работната способност. Таквото решение е прифатено и кај нас, на лик на овие земји што сега ги споменав. Над 50 години ако имаме професиоална рехабилитација а не може да се оствари оди во пензија, не може да остане на улица. Се обезбедува рехабилитацијата до 50 години, над 50 години ако мора да иде на професионална рехабилитација оди во пензија.

Значи, кога велите за солидарниот фонд им го одземате раководењето, располагањето со пари, не господине Марјанчо 300 илјади пензионери не раководат со тие пари. Ниту имаат потреба, ниту имаат допир со тие пари. Со тие пари раководат од 3 до 5 луѓе во секое здружение на пензионери. Според тоа пензионерите 270 илјади секако ќе си ги добијат овие пари и сега ќе си ги добијат, тие се нивни пари, зборуваме за техника на исплата, не на земање пари, не на ненаменско користење на пари, исклучиво за техника со која што ќе се постигне системското време кое што се троши во Фондот сега да се распределуваат на еден куп здруженија и да се гледа кој во кое здружение е ќе се скрати многу и ќе се постигне економичност во постапката, а со пари евентуално ако се здобијат се зголемува износот на паричниот надомест. Затоа се тие пари наменски и ќе се користат само за таа намена.

На крај некако ми изгледа дека многу сте сентиментални кон стариот систем и кон некои стари решенија кои постоеле. Ние правиме реформи, одиме напред и наоѓаме решенијата од други држави кои што практично се поразвиени во овој дел. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам министре.

Контра реплика има господинот Марјанчо Николов.

**Марјанчо Николов:** Благодарам.

Во една минута не можам да му одговорам на министерот на сите негови забелешки, но господине министре дали се 1070 или 160 вие им го укинувате правото на овие лица по основ на стечај да примаат надоместок од Фондот како инвалиди на трудот до вработување или до примање на пензија. Значи, го укинувате со овој закон, рестриктивен е.

Втората работа, дали ја сум за некои стари решенија, решенијата кои што функционираат, сигурноста на системот секаде на запад тоа што функционира не се менува. Не е смислата да си модерен постојано нешто да променувас, па без разлика колкава е штетата на граѓаните. Тоа што функционира не се менува. Тука е стабилноста на државата и на системот. Со вакви решенија не можете да посгитнете ништо само ке придонесете за штета на осигурениците и граѓаните.

**Бесим Догани:** Благодарам.

Реплика има господинот Цветко Грозданов, повелете.

**Цветко Грозданов:** Благодарам потпретседателе.

Јас ке напомнам дека е точно тоа што чини не се менува, но секако дека се надоградува. Значи, со овој закон вршиме надоградба на постоечкиот закон и она што треба да се вршат одредени реформи онатму во Законот.

Ќе напомнам дека ние не измислуваме топла вода господине Марјанчо Николов, туку ова е закон кој што е компатабилен и со другите земји кои што се во нашето опкружување и кои што се дел од Европската унија, Словенија, Хрватска, Бесим Догани угарија, Црна Гора па еве и ние.

Она што беше околу солидарниот фонд треба да знаеме дека солидарниот фонд, дел од солидарниот фонд, она што е членарината повторно ќе остне во рацете на пензионерите кои што ќе мо жат да го користат за нивни потреби, за потребите како што се лекување дополнително, одење на одредени манифестации, забавни игри како што тие ги нарекуваат, учество на тие игри, здружението меѓу нив, но она што е другото околу погребниот фонд нормално дека тоа преку пензискиот фонд ќе можат да ги остварат правата, семејствата на починатите.

Но ќе напомнам дека единствено можеби бројот на овие организации, пензионерите кои што го имаат како организација во месните, поточно општинските организации, но ке напомнам дека

ниедна од нив нема осум часа работно време. Сите тие работат скратено работно време од 2 - 3 часа. Дали луѓето кои што ќе имаат потреба ќе ги најдат за да извршат наплата на средствата кои што им се потребни или ќе биде одобро во она осум часовно работно време на пензискиот фонд да ги обезбедат средствата тоа времето ќе покаже.

Околу вториот дел на вашето излагање кое што го дадовте повеќе беше маркетиншки и не знам од каде грижата толку за пензионерите кога 8% вие ги земавте. Значи, немојте да кажувате колку се грижите вие околу инфлацијата, околу растот. Сепак оваа Влада најде сила, смогна сила и даде 20% покачување на пензиите, што е редок случај, за разлика од владите кои што беа на СДСМ, кои што ќе кажат се социјалдемократски во наводници, а не се социјалдемократски затоа што им ги укина 8% на пензионерите.

Затоа мислам дека пензионерите со овој закон ќе имаат подобри услови и подобар начин за користење на средствата кои што на нив им припаѓаат поточно нивните пари ќе можат доволно добро да ги користат онака како што тие и имаат замислено во нивните организации.

**Бесим Догани:** Благодарам колега Грозданов.

Контра реплика има  пратеникот Марјанчо Николов, повелете.

**Марјанчо Николов:** Колега ако сте го прочитале предложениот закон, измените и дополнувањата ќе имате поинакво мислење по однос на овие решенија кои што ги нуди Владата и Министерот, а околу солидарниот фонд и министерот кажа, значи сега се сконцентрира само тројца луѓе управувале со парите на пензионерите. Тоа не е проблем, дали на министерот, дали ваш проблем, дали пензионерите правилно управуваат со средствата. Тие средства се нивни и тие можат да си ги користат. Доколку се во фондот тие мо жат да ги користат само за посмртнини и прашање е дали редовно ќе може, а вака ќе можат за многу други работи и значително им го олеснува животот. Така да солидарниот фонд е систем што функционира, повторно ќе кажам не е добро да се менува.

**Бесим Догани:** Благодарам.

Има збор госпоѓа Анета Стефановска, повелете.

**Анета Стефановска:** Благодарам потпретседателе.

Почитувани колеги пратници,  јас сакам да го искажам моето мислење во врска со законот за изменување и дополнување на Законот за пензиско инвалидско осигурување, но претходно сакам да кажам дека ме инспирираа моите колеги од опозицијата кои што навистина сите добри решенија кои што се понудени во овие измени ги демантирам и сакам да кажам дека сите тие ги изобличија, ги извитоперуваа и сакаа да направат една грешна слика пред јавноста, која што мене ме инспирира за да земам збор и да дискутирам по однос на овој закон.

Имено, предложените измени се однесуваат на редефинирањето на инвалидноста која во земјите на опкружување, како што се Хрватска, Словенија, Црна Гора, Бугарија, веќе се имплементирани и добро функционираат. Се однесуваат на општата неспособност за работа и професионалната неспособност за работа.

Општата неспособност за работ ќе повлекува и понатаму остварување на правото на инвалидска пензија, додека по основ на професионалната неспособност првенствено ќе се остварува правото на професионална рехабилитација преку која ќе се овозможува искористување на преостанатата работна способност и има за цел спречување на настапувањето на инвалидност односно општата неспособност за работа.

Со овие измени и дополнувања на Законот се врши унапрдување и осовременување на регулативата која се однесува на стажот на осигурување со зголемено траење, со целосно ревидирање на досегашните работни места и со цел оваа поволност да ја користат само оние осигуреници кои работат на работните места кои и покрај преземените општи и посебни заштитни мерки постојат штетни влијанија на здравствената и работната способност.

Има и други прашања кои што се регулирани во однос на овој закон, меѓутоа едно што сакам да кажам дека овој закон нуди современи мерки и воспоставување на еден систем кој што ќе биде усогласен со критериумите што се бараат од Европската унија. И тогаш кога Владата која што е навистина за пофалба и треба да ја пофалиме за ваквите чекори навистина постојано даваме дезинформации на јавноста и постојано ги изобличуваме работите. Кога сакам е да се воспостави еден ред во системот со законски одредби тогаш и тоа нас не ни чини, постојано бараме стрите решенија да се враќаат и да бидат во сила. Тогаш какви реформи ние ќе спроведувме кога бараме со ваквите ваши дискусии почитувани колеги и понатаму да бидат во сила.

Посебно сакам да се задржам околу она што најмногу вас ве иритираше, а тоа е средствата од здруженијата од солидарниот фонд каде ќе одат.

Целта на оваа законска регулатива е тоа што средствата се префрлуваат од Фондот кој до сега немаше законска одредба, а сега веќе има во овој закон, понудена е законска одредба. Досега средствата кои што се задржуваа на пензионерите се регулираше со задршката на средствата на пензионерите на име на солидарен фонд по пат на облигационен договор, кој голем број на пензионери го немаа ни потпишано. Со тоа не се знаеше ни колкав е бројот на пензионерите кои што го потпишале ваквиот договор и колкав број на пензионери членуваат во здруженијата на пензионерите. Тука никој не ги напаѓа здруженијата како функционирале, бидејќи за тоа си има посебни органи кои што ќе си водат сметка доколку би

имало манипулирање. Меѓутоа на овој начин со тоа што Фондот ќе ги префрла средствата преку подрачните единици на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување на посебна сметка и тука ќе функционира служба која што ќе работи до 18,00 чсот секојдневно во соодветните градови на жителите кои што живеат и кои што се учесници на тој солидарен фонд, тука ќе биде како прво подобро услугата што се нуди со ова законско решение и

Второ, што се добива со понудата на овој закон. Износот ќе биде унифициран, еднаков за сите за погребните услуги и за другите услуги што се нудат со овој солидарен фонд.

Сумата што ќе се задржува ќе биде помала од онаа што досега се задржуваше. Значи наместо 140 денари ќе се задржува од прилика околу 110 денари.

Истовремено, со доставувањето на документацијата односно изводот на мтичната книга на умрените се скратува постапката. Значи, и тука имаме ефикасност во постапувањето во остварувањето на правото на семејните пензии.

Ако се спомнат и неправилностите кои што досега беа направенио од страна на некои здруженија, што не значи дека јас тоа го потврдувам, меѓутоа, сметам дека се можни такви манипулации. Значи, ние со понудувањето на ваквото решение ги спречуваме сите видови на манипулација, бидејќи можеше некое здружение да каже дека во него членуваат околу 300 пензионери, а реално членувале 200 пензионери.

Значи со сите овие законски регулативи ние нудиме решение во кое што ќе се спречуваат сите видови на манипулации.

Исто така, ќе има комплетна евиденција колку пензионери има реално во Република Македонија, а склучувањето на договорите ќе биде по пат на слободна волја. Значи, слободно секој пензионер директно ќе склучува договори со Фондот за пензиско и инвалидско осигурување, а во подрачните единици ќе си ги добива средствата со своја изјава, односно тоа ќе биде формулар кој што ќе биде изработен.

Не знам во што е навистина бунењето и ваквите непродуктивни дискусии, разговори од страна на моите колеги.

Јас навистина мислам дека овие решенија се добри. Со оваа законска регулатива и ваквите одредби ќе се добие поголема ефикасност во работењето, ќе имаме поголем увид во средствата кои што се донираат од страна на пензионерите и на тој начин ќе добиеме една правна рамка во која што ќе се спречуваат било какви манипулации доколку ги има. Доколку ги нема, ги нема. За тоа си има соодветни органи. За тоа јас ќе го поддржам овој закон и сметам дека одиме ние со овој закон чекор напред, Владата навистина нуди добри решенија кои што сите ние колеги треба да ги оддржиме. Ви благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам госпоѓо Стефановска.

Дали некој од пријавените е за реплика.

Господинот Јани Макрадули се јави прв, повелете.

**Јани Макрадули:** Благодарам потпретседателе.

Јас толку колку што ги познавам работите во Битола, од коде што сум роден не знам со кој сурат пратеничката ќе се појави пред Гавро, бидејќи веројатно, или сега не знам како добила поддршка за сето ова, но сега не знам како ке се појави покрај тоа што се бори против средствата на пензионерите, туку и продолжува со навредување дека тие ги злоупотребуваат парите.

Владата се покажа дека има доста спектакуларни начини на пресметка со луѓето што се огрешиле од Законот и не гледам причина зошто тоа да не го направи доколку има некој елемент. Но, доколку нема мислам дека не треба да се држиме на паушалните оценки зошто тогаш ќе почнеме да зборуваме како министерот Мешков, па акциите Лозар, ќе направиме каша попара. Затоа велам да се задржиме на она што е темата, а темата е дека до сега во Битола 10 илјади пензионери се собирале 1.400.000,00 денари месечно. Од тие пензионери за жал 20-тина месечно ќе починат или од тоа ќе се одделело 600 илјади денари за тие потреби.

Со рестото 800 илјади денари, ќе се помогне на некој за лекување. Ќе се помогне некој да се прати на бања. Ќе се помогне да се донираат средства за организирање на игри каде што премиерот Груевски, ако не го гледавте на телевизија, тегнеше јаже со пензионерите. Од тие пари тие дојдоа, помогнати со пола пари од Фондот. За што отиде да тегне јаже Груевски со пензионерите, по што ќе ги победи, можеби, во силата. Не може на друго место. Ама, од тие пари се доаѓа таму.

И сега, тие средства што помагаат при лекување, при одење на бањи, при купување на некои намирници за посиромашните, ние сакаме да им ги земеме, а овие што им следуваат, ние да ги контролираме дали ќе им ги дадеме парите или не. Или, како ќе им објасните на пензионерите во Битола, до колку некој во петок попладне почине, дека треба до 10,00 часот во понеделник да чека да ги земе парите. А, до сега можеше да ги земе во петок во 10,00 во сабота во 23,00 или во недела во 12,00 часот. Ама, пензионерите во Битола, веројатно после ваквата изјава ќе знаат за кого треба да гласаат. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благоарам господине Макрадули.

Реплика има госпоѓа Анета Стафановска, повелете.

**Анета Стефановска:** Мојот сурат е многу чист почитуван макрадули. Не знам вие со кој сурат ќе се појавите во Битола, оти се немате појавено многу години. Меѓутоа мило ми е, бидејќи кажавте дека има ресто пари со кои се вршат злоупотреби

и некои тројца луѓе сакаа да се прават арни па да ги пуштат пензионерите по банки и не знам што. Ако сакам да помогнам некого ќе си дадам од џебот пари и ќе му помогнам, а не да ги собираат од пензионерите парите па тие да ги давале за бањи или за не знам што, па јас како ќе сум се појавела пред Гавро.

Мислам дека оваа регулатива е во ред и треба да воспоставиме контролен систем над сите институции, посебно над некои здруженија. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам госпоѓо Стефановска.

Реплика има госпоѓица Славица Грковска, повелете.

**Славица Грковска:** Госпоѓо Стефановска, колку што ве разбра, вие гарантирате дека Фондот, ако ги земе парите, ќе ги распределува како што треба? Кој ви гарантира дека Фондот нема да ги злоупотребува парите? Вие можете да гарантирате дека Фондот нема да ги злоупотребува парите? Не. Само што тогаш ќе ги злоупотребува директорот на Фондот кој директно е поставуван од Владата на Република Македонија.

Велите дека секој пензионер ќе склучува договор со Фондот и дека ќе ги добива средствата. Е ајде госпоѓо Стефановска јас и вие договор, вие да ми давате дел од вашата плата или да ми ја давате целата плата, ќе склучиме договор да ми ја давате вашата плата а јас да ви ја распределувам за што имате потреба, јас ќе ви ги давам парите. Можно е тоа? Како може друг да располага со нечии средства што се лична сопственост на пензионерите.

**Бесим Догани:** Ви благодарам госпоѓице Грковска.

Госпоѓа Анета Стефанвоска една минута контра реплика, повелете.

**Анета Стефановска:** Одговорот е краток и јасен. Законот ќе ни гарантира каде ќе ни одат средствата. Тоа што профункционираа навистина органите сега во оваа Влада ќе ни гарантираат дека навистина оваа Влада ќе функционира и ќе оди против корупцијата или против злоупотребите. А јас и вие не можеме да склучиме договор, бидејќи ниту јас сум фонд, ниту вие сте пензионер. Така што мислам дека е апсурдно понатаму да ви давам одговор на глупостите. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам госпоѓо Стефановска.

Реплика има госпоѓа Весна Бендевска, повелете вашите три минути.

**Весна Бендевска:** Благодарам колешке Стефановска. Имате среќа што пратеникот Бучковски во овој момент не е во сала, инаку веднаш ќе ве категоризираше согласно неговата категоризација на пратеници, според која ги дели според способност да ги разберат и да ги поимаат нештата.

Како дипломиран правник ве молам, над законот постои Устав. Односно, законите произлегуваат од Уставот. Уставниот суд, на истата ваква иницијатива, во 2002 година се повикува на неколку членови од Уставот. Членот 8 што го гарантира правото на сопственост. Членот 30, колешке Стефановска, ќе ви го прочитам, изгледа кога сте студирале, претпоставувам дека сте го прочитале но сте го заборавиле, вели “Се гарантира правото на сопственост и правото на наследување. Сопственоста создава права и обврски и служи за добро на поединец”. И, најважниот став “никому не може да бидат одземени или ограничени сопственоста и правата што произлегуваат од неа”. И, Уставниот суд, конечно, се повикува најважно на членот 58 “само сопственоста и трудот се основа за управување и учество во одлучувањето”. Алфа и омега. Станува збор за лични средства на пензионерите, мислам дека тоа ви е јасно. Само сопственоста им дава право да одлучуваат и да управуваат со нив. Ниту господинот Мешков, ниту Фондот, ниту пак Груевски што на седница на Влада одлучил и го задолжил Мешков да им ги земе, буквално да им ги земе на управување средствата на пензионерите.

До колку уште се одлучите да говорите, земете го Уставот. Никој не ви дава право, до колку сте пратеник, да говорите против уставни одредби. Напротив, треба да се повикувате на нив и да одлучувате согласно нив. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам госпоѓо Бендевска.

Контра реплика има Анета Стефановска, повелете.

**Анета Стефановска:** Благодарам потпретседателе.

Јас жалам колешке, меѓутоа вие сте го читале Уставот но за џабе сте го читале, бидејќи не го разбирате, бидејќи сте дипломиран психолог. И, немам намера да ви кажувам и раскажувам околу Уставот, бидејќи јас добро го знам. Имав десетка по уставно право. Меѓутоа, на тоа нема да ви кажувам и да се докажувам пред вас, немам намера.

Околу легитимитетот на Бучковски, прво Бучковски нема легитимитет мене да ме легитимира и категоризира. Многу е смешно и страмно сето ова што го реплицирате кон мене и мислам дека не е фер понатаму, затоа што сме од исти град, нема понатаму да продолжам да ви реплицирам. Инаку, многу добро знам како да ви одговорам. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам и јас.

Ќе ве молам колешки и колеги, барем малку да внимаваме кога говориме.

(Џагор во салата).

Во мојот крај се вели, господине Герамитчиоски, да не се најдеш во сред кавга на жени. Но, тоа нема врска.

Како и да е, е ве замолам да обрнеме малку внимание на зборовите што ги искажуваме.

Сега збор има госпоѓа Благородна Цветковска, повелете.

**Благородна Цветковска:** Благодарам потпретседателе.

Почитувани колеги пратеници, толку колку што не има, но за жал, се извинувам почитуван министер кој цел ден сте овде во сала, видовте дека салата е празна, за почитуваните пензионери кои навистина, за нив се грижиме сите, а во салата се присутни десетина, тоа е навистина срамота.

Конечно дојде и Законот за пензиско и инвалидско осигурување во оваа собраниска сала. Чест е да се зборува за ваква категорија на луѓе, пензионери, кои својот работен век го поминале на своите работни места, заслужувајќи ја чесно својата пензија. Навистина, тоа е пензија со која можат да живеат еден достоен човечки живот.

Сега слушнавме многу убави дискусии. Слушнавме експозе од министерот, господин Мешков. Слушнавме дискусии од многу колеги пратеници кои, некои дадоа придонес, предлози, многу умесни размислувања, со цел да се подобри Предлог-текстот на овој Закон што е денеска на разгледување во оваа собраниска сала.

Сметам дека и министерот, кој навистина, со големо внимание и со секоја почит, тој навистина даде голем број сериозни забелешки, но сето тоа во рамките, се однесуваше околу хармонизирање на решенијата со повеќе европски земји. Меѓутоа, секоја дискусија на секој пратеник треба да биде почитувана и секоја дискусија заслужува внимание и респект. Секој има свој став и свое видување. Не треба овде да се потценуваме, да се мајтапиме едни со други. Тоа е она најниското што не треба да се очекува од нас. Секоја чест кон некого, но некои не заслужуваат воопшто да говорат овде.

Додека течеше расправата во овој собраниски дом, додека се зборуваше околу законот и пензионерите, од многу пензионери веќе добивме пораки дека не сакаат и воопшто не се консултирани за тоа дека здруженијата не треба да постојат, туку да постои некој солидарен фонд.

Здруженијата на пензионери имаат отпор затоа што сметаат дека тие се способни да работат со своите сопствени пари што ги издвојуваат од своите сопствени џебови. Според тоа, не треба воопшто да задираме во проблематиката во Здружението на пензионерите. Имаме други сфери во животот на кои треба да се обрне поголемо внимание. Имаме економија, тотален колапс. Имаме образование, имаме други сфери. Дајте, оставете ги пензионерите нека проживеат малк човечки и достоинствено.

Тие по цел ден талкаат или по пазарите или по аптеките да бараат лекови или со својата скромна пензија ги прехрануваат своите семејства, фамилиите, своите внуци, па сега да зборуваме за нив. Ако ви кажам дека најниската просечна пензија во Македонија е 124 евра, тоа е за жалење. Но има и такви кои земаат под ова ниво 124 евра. Ако споредиме со податокот...

Изгледа темата не е интересна.

Ако споредиме со подтокот дека во Романија пензиите се зголемени за 43%, каде сме ние, каде се пензионерите? Каде е оваа најголема група на луѓе која навистина заслужува внимание? Со респект треба да зборуваме за нив. Тоа се нашите мајки, татковци, некому дедовци, баби и тн. Товарот падна токму на пензионерите.

Ако ви кажам дека до Пробиштип, иако не е град од каде потекнувам, меѓутоа населението живее од тие мизерни примања на пензионерите, а овде со мајтап зборуваме за нив, за пензионерите. Или, ако ви кажам дека во Крива Паланка ретко кој може да го оствари правото да стане пензионер, да добие пензија, да поживее раат некоја година со таа пензија, многу е тешко. Треба малку посериозен пристап кон оваа категорија на луѓе, затоа што заслужуваат да бидат почитувани и да ги почитуваме ние и со респект да зборуваме за нив.

Реков дека здруженијата на пензионери даваат отпор и сметаат дека се способни да работат со оние пари што ги издвојуваат од нивните џебови. Пензионерите бараат да се брише тој солидарен фонд, за што голем број пензионери прв пат слушаат. Тоа значи на ниво на Македонија не е направена некоја реална анкета на пензионерите, дали тие реално сакаат да прифатат да потпишат пристапување кон таков солидарен фонд, бидејќи голем дел од нив се повеќе за тоа да постои здружение. Такви здруженија има многу на ниво на Македонија.

Ако државата е загрижена толку многу за пензионерите, за Буџетот, нека отстапи и нека најде средства од Буџетот. Еве, на министерот за финансии да му предложиме, господинот Мешков нека му предложи на министерот за финансии нека оддели од таа ставка да им се зголемат пензиите, па на тој начин, веројатно нема потреба тие самите да плаќаат за она најболното.

Зошто го зборувам ова? Ова го зборувам, почитувани пратеници, почитуван министре, затоа што како што е познато, за намирување на трошоците за закоп на корисник на пензија не се обезбедуваат средства ниту од Фондот на ПИОМ ниту од Буџетот на државата. Тоа го знаеме сите. До сега, тоа се обезбедуваше од здруженијата. Тоа значи од нивни сопствени средства што сами си ги уплаќаат.

Напротив, на вработените, со колективен договор е пропишано за случај на смрт на вработен, претпријатието, односно органот на семејството му исплатува една до две просечни плати.

Зошто го кажувам ова? Не случајно, затоа што јас доаѓам од мало место, Крива Паланка, како што и сите доаѓаме од такви мали провинции, се извинувам, некој доаѓаат и од поголеми градови. Во Крива Паланка, а и менталитетот на македонскиот народ, не само во Крива Паланка, старите луѓе не сакаат да им оставаат долгови на своите деца за нивниот закоп. Тоа е некое општо правило, што и ние, како аманет ќе си оставаме на своите деца и не сакаме да им оставаме, тие да издвојуваат средства, а немаат од каде.

Бидејќи доаѓам од Крива Паланка, верувајте Здружението од Крива Паланка така ефикасно функционира, што навистина, ако се случи смрт за време на викенд, сабота, недела, веднаш изнаоѓаше човек, веднаш се изнаоѓаа средства и се подмируваа тие трошоци. Па, замислете, ако ова помине во рацете на тој солидарен фонд, ќе треба да се причека? Луѓето ќе треба да се позајмуваат? Да бараат пари.

Колешке Анета, имајте малку, бидете внимателни, сепак сте овде пратеник. Ова е општа култура на секој пратеник.

**Бесим Догани:** Ве молам, не им се обраќајте на пратениците. Тука сум јас за тоа. Повелете, говорете за предлогот.

**Благородна Цветковска:** И, не случајно биле создадени тие фондовите на солидарност. Ете од кои причини. Да не се позајмуваш од комшијата, да не се позајмуваш од било кој, затоа што ќе изгубиш пријател и покрај тоа што си во неволја. И покрај тоа што те снашла смрт или било што.

Едно вакво искуство имаме поодамна. Раководствата на здруженијата и голем број на пензионери, незадоволни од ваквото решение на Управниот добор на Фондот, од Уставниот суд побараа да ја оцени уставноста на одлуката. Уставниот суд, 2002 година ја укина одлуката на Фондот како неуставна. Уставот, во членот 8, како темелна вредност на уставниот поредок на Република Македонија ја утврди правната заштита на сопственоста. Многу јасно и јасна е одлуката од 2002 година.

Најновата иницијатива на Министерството за труд и социјална политика со Законот за ПИОМ, да се овласти Фондот да врши задржка од пензиите за солидарност и тие средства да ги уплатува на посебна сметка на Фондот, а исплатата на семејствата на починатите пензионери да ја врши преку неговите подрачни единици. Тоа не значи ништо друго, туку реприза на одлуката на Управниот одбор на Фондот 2001 година што Уставниот суд ја укина.

Доколку се прифати предложеното решение во Предлогот за изменување и дополнување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување на Македонија, ќе се доведе во прашање уставноста на таквото решение. Без сомнение Уставниот суд на Република Македонија не може да има поинакво мислење од тоа од 2002 година затоа што овие средства се приватна сопственост што е заштитена со Уставот на Република Македонија.

Кога над Македонија надвиснала сиромаштија, голема економска состојба, на македонските граѓани им дошло од се преку глава. Една од најпогодените категории се пензионерите. Тие, како и останатите, бараат итни мерки за подобрување на својот живот. Потезите на Владата во таа насока се само обид да се амортизира се поголемото незадоволство на пензионерите од големата скапотија.

Владата, премиерот Груевски најави дека пензиите ќе се зголемеле за 20% до 2010 година. Јас мислам дека Владата и премиерот Груевски уште еднаш си дадоа автогол сами на себе.

Повторувам, тие велат дека ќе се зголемеле пензиите во следните три години. Од друга страна економските експерти тврдат дека вактиот предлог на Владата е нереален. Истиот нема да обезбеди пораст на пензиите од 20% или конкретно тој ќе изнесува максимум 4% годишно, со оглед на тоа што трошоците на живот растат драстично повеќе од порастот на платите. Тоа е објективно во Македонија.

Дека станува збор за еден несериозен пристап на Владата говори и фактот што сеуште не го знаат точниот број на пензионери, па оттука е можно да се случи истиот хаос како со распределбата на ваучерите на студентите. По се изгледа така. Бројките покажуваат дека кај 60% од пензионерите кои примаат пензија под 6000 денари месечно, покачувањето ќе изнесува само 240 денари или пензионерите со него ќе можат да го купат најевтиниот лек со кој можат да си го подобрат здравјето или само еден килограм најевтино месо. Тоа е реалноста. Ништо повеќе. Тоа се факти. Пред фактите и ние ќе замолчиме, бидејќи и боговите молчат. Но, вистинската намера на Владата не е всушност наводното покачување на пензиите. Она што Владата сака да направи е да ги присвои и троши средствата кои пензионерите доброволно ги одвојуваат во својот солидарен фонд.

Потенцираме дека пензионерите доброволно издвојуваат по 140 денари месечно за хумана и солидарна помош односно исплата на посмртна помош на семејството на корисникот на пензијата, како и за работата на своите здруженија. Решението на Владата, дефакто, за конфискација на средствата на пензионерите го сметаме за обид за трошење на нивните пари и тоа во партиско владини цели. Како инаку да не се сомневаме дека скоро 600-тините илјади евра кои пензионерите сами ги собираат месечно нема да завршат во некоја од бројните рекламни кампањи на Владата или истите нема да се потрошат за луксузни патувања на министрите и набавка на нови возила и кабинети за нив, како што се сомневаат некои од пратениците во здруженијата на пензионерите кои ги има многу на ниво на Македонија, така и ние овде треба да се сомневаме во тој солидарен фонд. Кој ќе им даде

реална слика дека нема таму да се прават некои малверзации околу тоа.

Впрочем, потврда дека парите на пензионерите се трошат за кампањи на Владата дава и министерот за финансии Трајко Славески кој прецизира дека за овие намени се земаат пари од буџетскиот раздел на Министерството за финансии 09002 ставка 426 која, меѓу другото, содржи средства за исплаќање испратнини при редовно пензионирање како и пензиско и здравствено осигурување на инвалидите.

Ваквото решение на Владата значи брутален атак врз и онака сиромашниот пензионерски џеб. Дали по нив сакаме да удираме. Ако пензијата им е најниска, а некои воопшто и не примаат или некои сеуште се во паркот, некои се борат за два дена да стекнат да бидат пензионери, наместо да им ги решиме најдобронамерно, најкомпромисно овде со дијалог решенијата на оваа категорија на луѓе, ние сега да се бавиме со вакви решенија.

Затоа пратениците од СДСМ го поддржуваат овој закон. Дадовме свој придонес дури има и амандмани кои навистина со овоие амандмани сакаме да го подобриме текстот на законот. Бараме Владата и ВМРО-ДПМНЕ да отстапат од решението за контрола и манипулација со солидарниот пензиски денар кој многу тешко е заработен и спечален. Ако сакаат да им помогнат државата нека најде ставка во Буџетот и нека издвои средства за да им се покачат пензиите, а не да се даваат произволни изјави само да ги растревожат пензионерите час топло, час ладно и тие да чекаат покачување на пензии, а всушност покачување на пензии нема.

Да не се повторувам со дискусиите на претходните дискутанти, да не се повторувам во многу нивни искажувања, мислам дека доволно го искажавме ставо и грижата кон оваа категорија на луѓе пензионери и ќе најдеме едно компромисно решение, тука е министерот за труд и социјална политика, да го решиме проблемот токму на оваа категорија која навистина заслужува внимание и почит. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам госпоѓо Цветковска.

Реплика има госпоѓа Анета Стефановска, повелете.

**Анета Стефановска:** Благодарам потпретседателе, почитувани колеги,

Јас ќе реплицирам, бидејќи бев повикана. Очигледно е дека колешката заборави дека е во Парламент, смета дека е во класот со учениците, па ме повика да седам на своето место така што морам да и реплицирам.

Уште еднаш сакам да кажам дека постојното решение, почитувана колешке, кое вие со вашата Влада 2003 година го донесовте тоа, тоа значи упад во системот. Значи, вие понудивте 20 со 40% усогласување, што значи 60%. И ова решение во Законот за пензиското и инвалидското осигурување на Македонија 50 со 50 значи 100% и наместо да се срамите да говорите вие упорно кажувате дека законските решенија во овој закон не се добри. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам госпоѓо Стефановска.

Контра реплика има госпоѓа Цветковска, повелете.

**Благородна Цветковска:** Благородна.

Јас не сум во училница, меѓутоа, се однесувам онака како што треба во овој парламентарен дом.

Благодарам на поуките, прво научете ги вие почитувана колешке, па тогаш јас ќе ги прифатам. Тоа е мој став и мое мислење.

**Бесим Догани:** Ви благодарам госпоѓо Цветковска.

Има збор господинот Оливер Спасовски, повелете.

**Оливер Спасовски:** Благодарам почитуван потпретседателе, почитувани колеги пратеници, почитуван министер за труд и социјална политика.

Дозволете ми неколку работи на почетокот да прокоментирам во однос на периодот во кој расправаме за еден многу важен суштински закон за Република Македонија или барем за еден сегмент од граѓаните на Република Македонија иако индирекно сме засегнати сите ние во Република Македонија.

Морам да кажам дека навистина бев изненаден пред некое време кога слушнав во една од изјавите на премиерот дека Законот за пензиското и инвалидското осигурување на Македонија не е донесен заради тоа што е стопиран во Парламентот и врз основа на тоа што не може да помине во Парламентот, пензионерите немале зголемени пензии или ќе било ставено под знак прашалник зголемувањето на пензиите на пензионерите во Република Македонија за кое тој се залагал или за кое направил промени во Законот и овозможил да имаме зголемувањ на пензиите.

Пред се, морам да ја потсетам македонската јавност, па дури и сите пензионери во Република Македонија дека Законот за пензиското и инвалидското осигурување на Македонија кој беше доставен во Собранието на Република Македонија во јули 2007 година прв пат на дневен ред на седница дојде на 29 август 2007 година како една од подолните точки на дневниот ред. Тоа е Законот што го имавме со европско знаменце, закон во кој има дел на усогласување со европска регулатива, меѓутоа, има и дел кој воопшто нема ниту “Е” од европската регулатива. Пред се тоа е познатиот Закон за пензионерите со кој им се одзема солидарниот фонд да управуваат со него.

Навистина ме зачуди како толку многу стои Законот за пензиското и инвалидското осигурување на Македонија и како тоа пратениците во Парламентот не се во можност да го донесат за да имаат зголемени пензии пензионерите ако амандманот кој Владата го има

поднесено до овој Парламент, тоа е некаде на 21 ноември 2007 година, за да два дена после тоа, излезе премиерот во една изјава и каже дека сите во Република Македонија се виновни, а најмногу оние од Парламентот, само јас сум тој што најмногу дарува, веројатно мислеше тоа треба да го каже заради Нова Година како добар Дедо Мраз кој ќе ги дарува пензионерите во Република Македонија, меѓутоа, тоа не е така. Имавме амандман на закон кој беше доставен само 2-3 дена претходно, а закон кој неколку месеци е во Собранието и замислете од 29 август 2007 година доаѓа на дневен ред сега на седница на Собранието, тоа е 5 декември. Мислам дека околу тоа повеќе не треба да се објаснуваме, а тоа треба да биде поука за премиерот Груевски не така давање на лесни изјави во јавноста кои не се поткрепени со аргументи дека некој ќе му верува. Тоа можеби на почетокот од мандатот се што ќе каже да му се поверува дека е така, меѓутоа, сега, верувајте, се појавува голема скепса и меѓу граѓаните и се повеќе ги препознаваат сите небулози и лаги кои се искажуваат во јавноста, а со тоа сака да се помати реалната состојба во Република Македонија пред се на овој слој на население.

Законот кој реков дека е поднесен во Собранието за изменување и дополнување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување на Македонија има единствено добра работа на која никој не може да му замери во овој Парламент, а тоа е усогласувањето со Законот за прекршоци, со одредбите кои треба да бидат направени така како што се во него.

Меѓутоа, има многубројни дилеми кои се поставуваат и овде на седница, кои се поставуваат во јавноста, има едно прашање кое не е никакво усогласување, туку повторно враќање како тема на расправа во Собранието на Република Македонија или повторно враќање како тема на расправа помеѓу јавноста или помеѓу самите пензионери во Република Македонија, а тоа е околу управувањето со средствата на солидарниот фонд.

Прво, околу регулирањето на одредени состојби кои се однесуваат на инвалидноста, на инвалидите на трудот, на користењето на овие надоместоци кои ги имаат. Можам да кажам дека има усогласување со европската регулатива и со другите законски решенија како на пример решенијата што ги има Германија итн. Меѓутоа, преземањето на одредени законски решенија што би значело усогласување, па макар и со германскиот закон, треба да бидат преземени до тој степен што ќе значи применливост во системот на пензиско и инвалидско осигурување во Република Македонија. Мислам дека во овој момент изостанува и заради кое нешто ниту министерот, ниту Владта ниту било кој претставник од Министерството не најдоа аргументи кои ќе ги понудат пред пратениците за да не убедат дека ќе има применливост од страна на користењето на надоместоците за оваа инвалиднина во смисла на инвалидите на трудот. Сега кажуваме како аргумент дека инвалидите на трудот сакаме после професионалната рехабилитација повторно да ги вратиме во системот на работа или на полно работно време и кажуваме дека по протокот на 12-те месеци кои се регулирани со овој закон дека може да трае таа рехабилитација или после рехабилитацијата извесен период да се зема надомест и работодавачот ќе се повика на одредбите од Законот за работни односи. Да, но во одредбите на Законот за работни односи стои дека овие права ќе се остваруваат врз база на прописи од пензиското и инвалидското осигурување. Дали тоа ќе го смените господине министре јас не знам, меѓутоа, во моментот имаме Закон за работни односи таков каков што е и вие не можете тоа да го користите како аргумент ќе го смениме. Јас велам дека во Република Македонија ќе се живее подобро кога ќе го смениме Груевски, ама не е така. Сега е Груевски премиер. Значи, вие ќе го смените Законот за работни односи, па тогаш ќе го вратите овој дел во Собранието и ќе кажете дека е така. Сите прописи од областа на пензиското и инвалидското осигурување во Република Македонија се рестриктивни, тоа самите го знаете, јас верувам дека има скепса не во начинот кој сте го предложиле како закон, туку во начинот на функционирањето. Ви кажав не е проблемот да земете закон кој ќе го консултирате и од Германија и од било која европска држава, треба да го направите законот да биде применлив на македонски состојби. Инаку, ниту еден временски период во кој ќе подготвите нов Закон за работни односи, ќе го доставите до Парламентот, па ќе го гледаме 4-5 месеци или нема да биде закажан воопшто на седница, што одредени луѓе ќе прават во смисла на остварување на овие права ако повторно се повикуваме на прописите од пензиско и инвалидско осигурување. Тоа сега го кажуваме дека ќе биде изменет законот. Пред малку објаснувањето беше дека има се регулирано во Законот за работни односи.

Значи, не можеме да се согласиме и јас не се согласувам дека до крај имате решени односи во смисла на искористување на овие права на граѓаните, туку напротив, не се залагаме за користење на овие права од страна на одредена категорија на граѓани, туку гледаме што е можно повеќе да бидат рестриктивни мерки, како што впрочем оваа Влада го прави постојано. И во делот на одземањето на плаќањето на пензиско и инвалидско осигурување на луѓето кои живеат во руралните средини, тоа го направивме со одземање во еден закон итн, мислам дека ако прикажуваме рестриктивни мерки, тогаш треба да се каже дека одредени права кои се користени до сега нема да бидат користени на начин на кој ги користеле заради тоа што имаме недостаток во регулативата или материјата која е во овој сегмент.

Токму заради тоа јас ги поддржувам сите мои колеги кои побараа овој дел од законот да го вратите во втора фаза, детално да се анализираат состојбите, да ги погледате сите забелешки кои ви ги упатуваат пратениците од опозицијата и врз основа на забелешките кои ги имате и консултацијата на сите предлози, препораки, европски регулативи, други закони во кои добро функционира овој сегмент во кој би се намалиле можните злоупотреби ако наводно имало до сега или ако сме почувствувале дека можеби има одредени недоследности тоа да се направи во една постапка.

Инаку, неупатно е постојано оваа Влада пред Парламентот да нуди закон со едне член дека, согласно членот 152 од Деловникот на Собранието , така мислам дека беше, со образложение дека тоа не е сложен, не е обемен закон и т.н., дајте на една седница да го разгледаме и да го изгласаме. Истиот таков не сложен и необемен закон го ставаме на продолжение на една седница после 4 месеци, денес па после 4 месеци, па денес ќе прекинеме па пак после 4 месеци. Тоа не е ниту експедитивност во работењето, ниту се бара од страна на Владата една таква експедитивност.

Втората моја забелешка која исто така ја имаовде во законот, не знам, можеби и тоа е преземено од некоја друга регулатива, тоа е во делот на пропишувањето на работните места каде стажот наосигурувањето се смета со зголемено траење, или познат како бенифициран стаж. Не знам од кои причини дос ега тоа го носеше Управниот одбор на Фондот за ПИОМ, сега се прави тоа да го носи министерот за труд и социјална политика, како правилник за кој се зборува како дискреционо право. Тоа апсолутно не е во позиција, или со овој акт се смета, не само во Министерството за труд и социјална политика, во многу други министерства, за многу други позначајни прашања во Република Македонија не се до крај одржува декларативноста во изјавите дека Груевски и ВМРО-ДПМНЕ се залагаат за намалување на дискреционите права на министрите, дека се повеќе ќе се залагаат за носење на одлука на одредени колективни органи и тела на Влада кои ќе можат до крај да ги разгледуваат состојбите, да ги анализираат од секој поглед и да немаме пропусти какви што ги имаме со овој закон. Тоа е чисто како моја забелешка. Мислам дека нема никаков сериозен аргумент со кој ќе не убедите дека има право и се остварува политиката на намалување на дискреционите права. Напротив, мислам дека во сите сегменти и во вооj сегмент и во другите министерства оваа политика е сосема во спротивна насока.

Третата работа или сегмент за кој сакам и треба да разговараме, тоа е за солидарниот фонд на пензионерите што е за посмртната помош. Овој сегмент, знаете дека на сите работни тела на Собранието уште во крајот на август кога се расправаше, наиде на жестоки реакции. За мене и за колегите од СДСМ тоа е едно од основните прашања на кои треба да дадете одговор, треба да понудите аргументи, а до сега нема такви аргументи кои држат и едно од прашањата кое не може да биде така лесно пренабрегнато и да поминеме преку тоа. Јас кажувам дека до колку министерот не отстапи од сопствената идеа што ја има во делот на солидарниот фонд илиод таа политика што ја нуди Владата на Република Македонија, јас нема да го подржам овој закон за измени и дополнувања на Законот за ПИОМ, па колку сака Груевски нека излегува на ТВ и нека кажува дека е против зголемување на пензиите на пензионерите. Тој аргумент веќе не држи. Значи законот не бил поднесен за да се зголемат пензиите, туку да се земе солидарниот фонд од страна на ПИОМ, а за пензионерите можеме да расправаме, можете да дадете и друг закон. Нека е и со овој амандман, меѓутоа мојот став и ставот на колегите од СДСМ, како една од значајните определби во овој поглед е солидарниот фонд да не смее да биде загрозен. Зошто? Заради тоа што уште во 1993 година за прв пат во Република Македонија се направи солидарен фонд од страна на пензионерите кој врз основа на сопствени акти на здруженијата на пензионери и на Сојузот на пензионерите на Република Македонија и другите сојузи што ги имаме, значи има и Сојуз на инвалиди на трудот и инвалидски пензионери. Тоа се неколку здруженија на граѓани кои согласно Законот за здуженија на граѓани биле формирани. Јас знам дека нема хармонија помеѓу ваквите сојузи во Република Македонија, знам дека најчесто се наидува на обвинувања на едното раководство од страна на другото раководство, или нема до крај исчистени списоци кој е тој што е член на Сојузот на пензионери, кој е во членство во Сојузот на инвалидски пензионери. Меѓутоа, најголемата забуна не е помеѓу Здружението на пензионерите во Република Македонија или Сојузот на пензионерите, туку помеѓу Сојузот на инвалиди на трудор и Сојузот на инвалидски пензионери, заради тоа што тие две организации настанати сега, се поделија од една и тука лежи најголемиот проблем и најголемите интервенции кој ги прават пензионерите, а не во Здружението на пензионерите на Република Македонија. Ако самите пензионери, врз основа на сопствени одлуки на Здружението на пензионери, со потпишување изјава на секој пензионер дека сака да учествува во градење на тој солидарен фонд за посмрттна помош, имаат за право да ги користат и да управуваат со средствата кои ги прибираат во тој фонд. Ако јас тргнам по вашата логика сега дека вие многу домаќински ќе управувате со солидарниот фонд, па сега ве прашувам зошто не би управувале многу домаќински и со нивната чланарина која ја плаќаат во Сојузот, па плаќајте им вие за сите работи кој ги работат здруженијата, вие подомаќински ќе ги распоредувате средствата и

посолидарно ќе ги поткрепувате финансиски во делот на нивното функционирање. Тоа е логиката што ја има во Владата на ВМРО-ДПМНЕ и не прв пат, тоа е втор пат, заради тоа што една таква логика, само со Фондот на ПИОМ беше направено во 2001 година, поточно на 13 јули истата година. Самите знаете дека на 6 март 2002 година Уставниот суд на Република Македонија се произнесе по однос на ваквата одлука на Управнио тодбо рна ПИОМ и таму во таа одлука која ја имате добиено, ја имате веројатно анализирано неколку пати, се укажува на тоа дека правото на сопственост го гарантира Уставот на Република Македонија и никој, ама апсолутно никој, па макар и Груевски да биде тоа, во Република Македонија не може да му го оспори на никого. Тие луѓе кои сами ги собираат средствата можат сами да управуваат на начин на кој управуваат во моментот. Тоа го прави Фондот на ПИОМ врз основа на Спогодба која ја имате склучено со Сојузот на пензионери или здуженијата на пензионери во моментот. Тие можат да склучат спогодба и содруга исntитуција во Република Македонија која би вршела задршка, не морале тоа со Фондот да го направат. Тие го направиле со Фондот за ПИОМ заради добрата волја во тој момент на Фондот за ПИОМ да ги сервисираат ваквите услуги на пензионерите и пензионерите да можат да си ги остваруваат овие неивниправ. Меѓутоа, не знам од кои причини, од каде аргумент, кои се тие сознанија. Значи кажувате дека тоа се прави за да се стави точка или крај на дејствувањето на одредени раководства во Република Македонија на здруженијата на пензионери, или како што некој од колегите сакаше да каже на стотина луѓе во Република Македонија, дека е добро да функционира овој солидарен фонд на ваков начин, за сите останати 200.000 и повеќе пензионери во Република Македонија, тоа не е добро. Навистина не знам од каде, на каков начин, со каква формула успеавте да ги консултирате сите 260.000 пензионери, да не ги консултирате тие 100, или тие 100 ви оставаат впечаток дека се борат само заради себе. Јас викажувам дека таква анкета каква што е правена во Струмица, прават скоро во сите градови, наскоро ќе ги добиете резултатите од таквата анкета, лично изјаснување на пензионерите и ви тврдам дека и во Куманово во овој момент апсолутно не стојат на страна на политиката на Владата, ниту стоеа тогаш во 2001 година кога бевте директот на Фондот за ПИОМ, дека можете да управувате со средствата од солидарниот фонд. Тие средства прво можат многу побрзо сега да ги добијат, во случај на смрт на било кој пензионер, неговото семејство, само со носење на извод од матична книга на умрени веднаш на благајната на здуженијата на пензионерите се исплаќаат овие средства. Не може да ме убедите дека Фондот за ПИОМ преку неговите подрачни единици може многу побрзо да ги дистрибуира овие средства и дека граѓаните ќе бидат позадоволни.

Прво,имате помал борј на подрачни единици на Фондот за ПИОМ отколку што имаме здруженија на пензионери на Република Македонија. Имате здуженија на пензионери на Република Македонија во некои места каде што немате фонд за ПИОМ. Не можете да ме убедите, ако еден пензионер од Дојран каде нема подрачна единица од Фондот за ПИОМ, ќе треба да оди во Гевгелија да ги поднесе документите едне ден, па таму ќе констатира дека му фали некој документ, во духот на таа бирократска администрација во Република Македонија, па пак повторно да се вратиназад за да ги донесе потребните документи и дека на тој начин многу побрзо ќе ги земе парите, отколку самиот да отиде со документот што го бараат или соизводот од матичната книга на умрени, во неговото здужение и да можат тоа да го направат на соодветен начин. Од тој аспект ви кажувам дека, еве и да ја занемариме неуставноста на оваа одлука, значи туканема уставност на одлуката, тогаш имаме други аргументи кои укажуваат дека пензионерите се задоволни во овој момент од начинот на кој се дистрибуираат средства. И таму, како што и вие викате дека ќе стои на посебна сметка која е строго наменска, исто и во Сојузот на пензионери во Република Македонија има посебна сметка во која се ставаат овие средства, не во сметките што ги имаат за сопствената работа. Како поткрепа на ова само ќе ви кажам Државниот ревизор во конечниот извештај за извршената ревизија и Фондот за ПИОМ за 2004 година, во 2005 година, во врска со солидарните фондови констатирал дека нема законски основ за ваквиот вид на задршки и покрај тоа што ја има склучено спогодбата помеѓу Фондот и Здружениеот на пензионери. Меѓутоа, се бара законски основ. Дајте законскиот основ да го дадеме овде дека тоа може да се прави со спогодба помеѓу Сојузот напензионерите и Фондот за ПИОМ како законска одредба, но не и со закон да дадеме дека со тие средства ше управува Фондот за ПИОМ.Не можете да управувате, не можете да бидете газда на нешто што е туѓо. Јас ви тврдам дека вие по ваква логика можеби ќе кажете утре, дајте ќе го смениме Законот за пратеници и сите плати на праениците ќе одат во Владата на Република Македонија . Зошто? Заради тоа што таа подобро ќе се грижи како ние ќе ги трошиме нашите пари. Јас мислам дека и одредена категорија на граѓани во Република Македонија со ниски примања, или пензионерите и текако би посакувале да ги иамат на располагање нашите и вашите плати, па тие да ни кажуваат како и на кој начин да ги трошиме, но тоа не е можно.

Јас ве сваќам господине министер и ќе прифатев таква ваша иницијатива ако денес излезете и кажете дека од сега Владата на Република Македонија ќе издвојува по 7 милиони евра годишно пари кои ќе бидат давани за посмртна помош на пензионерите на Република

Македонија, ќе ги ослободиме од обврската да им се делат по толку проценти пари, илипосто денари, што исто така се врз основа на одлука на Здружениеот на пензионери и во тој поглед ќе ве поддржам и ќе ви кажам дека е во ред Фондот да располага со тие пари. Меѓутоа, за пари што тие сами ги делат од сопствениот Буџет, од сопствената пензија, притоа не го оптоваруваат Буџетот на Република Македонија за 7 милиони евра годишно, нема да ве подржам, бидете сигурни, ниту ќе ве подржи било кој во Република Македонија дека ќе можете дараcполагате сонивните пари. Нема никаков основ. Мислам дека нема потреба од такво водење на една тврдоглава политика со која ќе убедувате некого дека треба нешто да се направи во Република Македонија за што знаете однапред дека е осудено на пропаст. Знаете однапред дека ако повторно се покрене една постапка пред Уставниот суд на Република Македонија одлуката ќе биде иста како што е донесена во 2002 година. Мислам дека ќе се случи тоа што се случи во едне сегмент во здравството, ресорниот минситер за здравство нуди пред Парламентот закон сокој вели ќе им се одземе правото на дополнителна работа на лекарите во приватната ординација, освен во Јавното здравство, па кога падна на Уставен суд таквата одлука, министерот ладнокрвно излезе на Прес конференција и вели, да господа падна на Уставен суд, меѓутоа јас не го носев законот го носеше Паралемнтот, а Парламентот односно владеачкото мнозинство гласа исклучиво така како што ќе каже Владата, па дали е тоа уставно или не е, дали денес е среда, ама ќе гласам дека е четврток, не мора да е среда. Од тој аспект сметам дека треба, господине министре, да ги сослушате овие аргументи, пред се на неуставност заради тоа што не можете да располагате со сопственоста на пензионерите воовој момент и ве повикувам да се откажете од една таква идеа. Се друго што е и што се однесува во делот на зголемувањето на пензиите на пензионерите во Република Македонија, иако има можеби државен интервенционизам и излегување од рамките на системот за ПИОМ, меѓутоа се работи за згоелмување на пензиите на граѓаните, на најмаргиналната група во Република Македонија, тоа треба да го направите. Друго е прашањето колку тие ќе ги задоволат потребите на оваа категорија на граѓани, ако навистина ја земеме оваа формула 50:50 која формула е прифатена од Сојузот на пензионерите на Република Македонија. Тоа е чесно да се каже. Од тој апспект јас не гледам дека е лошо во тој поглед да биде прифатено, иако можеме да имаме други методологии, дали ќе е 80:20, потоа 60:40 и т.н., не знам, меѓутоа тоа е прифатено од Здужениеот на пензионери на Република Македонија и како такво јас ќе го пдоржам. Инаку дали и колку ќе бидат зголемувањата, во суштина дали ќе ги задоволат потребите, дали ќе ги издржат ценовните порасти што се во овој момент, како што е зголемувањето цената на лебот, најавите за зголемување на цената од Нова Година уште повеќе, зголемување на зејтинот, на сите комунални услуги, зголемувањето на комуналната такса за улично осветлување и т.н. Ако видитеколку е просечно трошокот на едно семејство просечно, ова зголемување е рамно на нула, илиефектот од ова зголемување ќе биде еднаков на нула. Нема ефект од ова зголемување. Меѓутоа, како такво Владата има политика и определба и таа и Груевски, како што свикува прес конференции, треба да излезе после на прес конференција и да им објасни зошто не почувствувале дека живеат подобро во Република Македонија.Инаку не може постојано да се излегува на прес конференции и Груевски да не убедува, да кажува луѓе живеете подобро во Република Македонија, а никој тоа не го чувствува. Сега дојде редот на пензинерите и нив еве 4 месеци ќе ги убедуваме дека ќе живеете подобро, ќе ви направиме подобро да биде, ама сега уште и ако ви го одземеме и солидарниот фонд. Значи доколку овие аргументи кои ги нудиме, пред се за неуставноста на овој дел, не ги прифатите господине министре, јас лично и пратеничката група на СДСМнема да го пдоржиме овој закон за измени и дополнување на Законот за ПИОМ и притоа ви кажувам дека нема начин, нема метода, нема маркетиншки потег во кој вие ќе ги убедите пензинерите дека некој бил против нив за зголемување на пензијата. Не. Зголемете им ја уште толку, но тоа што е нивно оставете го, не го земајте вие да располагате со него, заради тоа што никој не може да го земе тоа што е ваше ниту мое. Според тоа најдобро би било да се откажете од ова идеа, нека се изгласа законот во делот на покачувањето на пензиите, а сите други делови кои се однесуваат на решенија кои викате да ги преземате од закони во Европската унија, уште еднаш седнете идебатирајте, ако треба измени во Законот за работни односи понудете го пред Собранието да го донесеме и после тоа да носиме сериозен закон. Инаку вака да се носат закони само заради тоа да кажеме дека биле донесени, од тоа нема ништо. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарма господине Спасовски.

Има реплика господинот Мешков, министер за труд и социјална политика, повелете.

**Љупчо Мешков:** Благодарам потпретседателе,

Крајно е нечесно кога во дискусии се употребуваат термини кои воопшто не се содржани во законот, што мене ме тера на помисла дека многу до дискутантите го немаат прочитано тој дел, туку веројатно постапуваат по некои укажувања, но на крајот, што е и нивно право се разбира. Еве на пример, цело време се употребува термин дека е загубен солидарниот фонд, дека располагањето со средствата го презема Фондот, дека сопственоста им е загрозена на пензионерите.

Јас го молам пратеникот Спасовски да го отвори законо ти да најде еден од овие термини во

главата за која зборуваем. Во главата за која зборуваме се употребува исклучиво терминот издвојување и исплата на средства. Значи ние господине Спасовски овде зборуваме за сервисирање на солидарниот фонд.

Не зборуваме за сопственост, не зборуваме за располагање, бидејќи тие поими се јасни, сопственици се пензионерите. Можете да располагате со некои средства со кои можете лево или десно каде сакате да ги давате. Тоа се строго наменски средства со кои не може да располага некој како сака, туку утие се строго само за исплата на посмртната помош.

Ве молам, немојте да употребувате термини кои ги нема во законот и да зборувате дека пензионерите ги собираат средствата. Не ги собираат господине Оливер пензионерите средствата, ги собира Фондот за пензиско и инвалидско осигурување. Ако имате некогаш време, дојдете, ќе ви кажам со кои проблеми се соочува во сервисирањето и што значи економски и секако таа работа.

Повторувам, ова се прави само во делот на сервисирањето, се друго е исто. Со мали корекции околу еден амандман самите предлози кои ќе бидат на висината на издвојувањето на средствата, висината на посмртната помош, сето тоа ќе оди со предлог на Сојузот на пензионерите, затоа што се согласуваме сите, тоа не се средства на Фондот, туку се средства на пензионерите. Пак ке кажам, и парите кои се за исплата на пензиите се на пензионерите и за пензионерите, односно осигурениците, ама со тие располага Фондот. Бидете сигурни дека Фондот како установа многу пати до сега, беше потенцирана и сега, како една стручна установа која е високо професионална и која квалитетно ги извршува работите во сиот изминат период, како и денес. Затоа, бидете сигурни дека работниците во Фондот со својата компетентност и стручност ќе ја спроведат оваа мерка успешно на радост на сите, и на пензионерите и заради ефектите што треба да се постигнат со оваа мерка. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Мешков.

Контра реплика има господинот Спасовски, повелете.

**Оливер Спасовски:** Господине Мешков, многу добро го прочитав законот и тоа што го говорам знам што говорам. Немојте да се обидувате дека на било каков начин овде со говор од оваа говорница дека ќе можете да понудите аргументи пред пензионерите, или уште еднаш мислите дека ќе ви успее да ги изманипулирате дека не им земате нешто.

Прво, ви кажав и на почетокот, Фондот за пензиско и инвалидско осигурување и Сојузот на пензионери имаат склучено спогодба врз основа на која го сервисираат овој дел, до сега. Сега, во Законот стои за начинот и постапката за исплата на посмртната помош на корисниците на пензија од средствата на солидарниот фонд се уредува со акт на Фондот. Како може Фондот да уредува за пари на пензионерите? Не ви поминува тој аргумент. Зачи не можете вие да уредувате, тоа ќе го уредува здружението на пензионери на нивни органи а не вие.

(дофрлување на министерот Мешков со зборовите:”имате амандман за тоа”).

Знаете господине министер, ама тоа треба да го кажете.

Според тоа, треба да бидете коректни и да им кажете, ако не тие ќе ви кажат на вас.

**Бесим Догани:** Благодарам.

Реплика има госпоѓа Благородна Дулиќ, повелете.

**Благородна Дулиќ:** Благодрам господине потпретседателе.

Како што рековме на почетокот, се виде како се одвиваат дискусиите денес по овој закон, по овие две клучни прашања за опозицијата и се повторуваат сите истоветно. Меѓутоа, при сето тоа, никој не спомнува дека сево ова ќе се прави во согласност со корисникот на пензија.

Што е таа грижа на душебрижниците од СДСМ, кога изрично во Законот стои дека доколку таква согласност нема, нема да  му се одвојуваат средства. Според тоа, секој пензионер сам за себе ќе цени дали му одговара ова или не му одговара и нема што тука ние сега да се грижиме зошто овој солидарен фонд ќе биде кај Фондот или кај здружението. Ако му одговара на корисникот на пензијата, ќе даде согласност да му се одзема од пензијата за оваа намена, ако не му одговара, нема да даде таква согласност и не може никој да го принуди на тоа. Друго е решението на пример кај солидарниот фонд за здравствено осигурување каде што задолжително работодавецот мора да одвојува средства за таа намена. Овде станува збор за средства на корисниците на пензијата и секој поединец сам ќе одлучи дали ќе прифати фондот да му биде сервисер за овие средства за намената за која ги дава и ништо понатаму. Така стои во Законот колега, не ми кимајте со окото. Значи јас читам:”на корисник на пензија, со негова согласност му се запира дел од пензијата” значи услов да мус е запре од пензијата е тој да даде согласност. Ако не даде согласност, нема да му се запира. Не знам зошто дискутираме зо ова кога се убаво е решено и на секого му е јасно, само на некои не може да им биде јасно цел ден.

Според тоа, со овие дискусии мислам дека се сака да се постигне и да се маргинализира она што е ветено на пензионерите дека ќе се врши редовно усогласување на пензиите со порастот на животните трошоци и плати. Мислам дека навистина е нехумано на ваков начин да губиме време и оневозможуваме да почнат да се вршат пресметките, за да може од 1 јануари наредната година ова и да се реализира. Сега повелете размислете дали овие ваши дискусии вредат за луѓето кои не се родители, односно чии деца сме

ние, мислам таква кампања има. И ние сме нивни деца. Затоа, повелете колеги и натаму дискутирајте.

(Реакици од некои пратеници)

**Бесим Догани:** Благодарам.

Контра реплика има господинот Оливер Спасовски, повелете.

**Оливер Спасовски:** Госпоѓо Дулиќ, навистина не можам да ве разберам. Прво дискутирате дека нема потреба од дискусија. Па вие сте пратеник во 2007 година, а не во 1947 година, иако сте имале шанси и тогаш веројатно да бидете пратеник, ама дискутирате исто така.

Точно е дека со сопствена изјава пензионерите тоа го прават, ама не да одлучува со акт Фондот за пензиско и инвалидско осигурување, туку ќе одлучува неговото здружение, заради тоа што на тој пензионер му е многу лесно.

И да ви кажам една работа. Лесно е да им солите памет на пензионерите со 55 илјади плата, иако сте пензионер. Ако бевте со 6 илјади денари, ќе ви значеа тие 140 денари што ги даваат. Мислам дека таквото однесување го гледаат луѓето и постојано за тоа ни даваат поддршка на ова што го правиме денес ние како опозициона партија. Тоа ќе го докажете и после тоа кога ќе ви падне оваа одлука на Уставен суд.

**Бесим Догани:** Блгодарам.

Реплика има господинот Агим Рамадани, повелете.

**Агим Рамадани:** Почитуван Оливер Спасовски, ве сослушав внимателно и слободно можам да констатирам кога дискутира еден член пратеник на ССМ, ако нема колатерални штети во неговата дискусија, нема да биде комунист. Тоа е во вашата нарав и ќуд. Во насока на она што вие денес говоревте за Законот за пензионери и го критикувавте министерот за здравство. . .

(Остра реакција од пратеникот Никола Поповски).

**Бесим Догани:** Побарајте збор, ќе добиете збор после тоа. Господине Рамадани, повелете.

(Повторна реакција на пратеникот Никола Поповски)

**Агим Рамадани:** Господине Никола, ти си наследник на таа партија, денес си тука и не го признаваш тука. Ќе продолжам со мојата реплика.

(Реакција на пратеникот Никола Поповски со зборовите: "Што го менуваш името на партијата").

**Бесим Догани:** Ве молам, не комуницирајте, господине Рамадани реплицирајте.

**Агим Рамадани:** Таа партија кога дискутира прави колатерална штета и јас продолжувам со расправата. За да ме разбереш, ќе продолжам на македонски. Партијата е таа партија која прави штета и кога дискутира. Ти биди малку покултурен во Парламентот, бараш култура од другите, а ја немаш самиот.

(Реакција од пратеникот Никола Поповски)

А Оливер Спасовски е наследник на комунистичката партија која била од 1945 година па наваму, а вие самите сте го земале тоа како наследници.

Второ, да продолжам со мојата дискусија и реплика.

(Ракција на пратеникот Поповски)

**Бесим Догани:** Господине Поповски, дозволете му на господинот Рамадани да се изрази.

(Реакција на пратеникот Никола Поповски и пратеникот Јани Макрадули).

Кој кому му се обраќа господине Макрадули? Ми се чини или не гледате добро или не слушате добро.

**Агим Рамадани:** Законот кој го критикувате сега не бара да се критикува и законот за здравствена заштита.

(Реакција на пратеникот Јани Макрадули).

**Бесим Догани:** Господинот Никола Поповски му се обраќа на пратеникот Рамадани, не знам кој на кого му се обраќа.

(Во исто време зборуваат повеќе пратеници)

**Агим Рамадани:** Од друга страна, Оливер рече дека министерот за здравство направил закон кој е против уставен.

(Реакција на пратеникот Славица Грковска со зборови упатени до Бесим Догани: "Што не го прекинете вие кога така се обраќа" )

**Бесим Догани:** Кој на кого се обраќа? Госпоѓа Грковска, пријавете се, ќе добиете збор.

**Агим Рамадани:** Тој направил голема грешка како Оливер да го критикува законот за пензионери, што значи дека доколку вие на успешните министри ако не им најдете некоја мана, не ви се фаќа денот.

Второ, вие сте тие што вашите лекари кои работеа на диво и ги земаа пациентите дома, единствено за тоа ве боли што бегаат од клиничкиот центар од Скопје. Затоа го критикувате и го прогласувате законот за здравствена заштита во делови како противуставен.

(Реакција на пратеникот Никола Поповски)

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Рамадани.

Контра реплика има господинот Оливер Спасовски.

(Меѓусебни дофрлувања и разговори на пратениците)

**Оливер Спасовски:** Благодарам господине Рамадани на репликата. Јас мислам дека би требало Да имате доблест да ме сослушате малку повеќе, иако. . .

**Бесим Догани:** Ве молам господине Поповски, дозволете му барем на пратеникот што е од вашата пратеничка група да се искаже.

(Реакција на пратеникот Никола Поповски со зборовите: “Зошто дозволи да зборува Рамадани што сака”).

Како што сака? Тој реплицираше регуларно.

(Никола Поповски реагира: “Тој ја спомна партијата на Оливер, вие се смешкавте”).

Не се смешкав.

Јас да и кажам на јавноста. Господинот Рамадани рече дека сте вие наследници на Комунистичката партија на Македонија, тоа е негово мислење.

(Реакција на пратеникот Никола Поповски: “А ако кажам јас дека Рамадани е комунист”).

Кажете, ако имате такво мислење.

(Реакција на пратеникот Поповски: “Ќе ме прекинеше веднаш”)

Не, не.

Повелете господине Спасовски.

**Оливер Спасовски:** Ви благодарам господине Рамадани на репликата. Вие можете да не нарекувате како сакате, тоа е ваш жаргон покажан во ова Собрание. Тоа го правите многу полошо отколку тие што ги споменувате. И живеете во време во кое Груевски е премиер и владее многу полошо отколку тие што владееле во тоа време, што ги кажувате.

Меѓутоа, да ви кажам. Имавте министер за здравство, и сега го имате, кој што понуди закон за кој што тврдевме сите ние дека е неуставен. Тоа се докажа на уставниот суд и ви кажувам немојте да имате уште еден министер кој понуди закон, ќе падн е на Уставниот суд, а за тоа ќе го обвини Парламентот. Немате аргументи господине Рамадани.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Спасовски.

Бидејќи работното време заврши, тука ја прекинувам денешната седница.

За текот на утрешната седница ќе бидете известени преку СМС пораки.

(Седницата прекина во 18,00 часот)